35 ТЕАТАРСКИ ГЛАСНИК

МАЈ 1991 СПЕЦИЈАЛНО ИЗДАНИЕ

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
Опера

[illegible]

ДВАЕСЕТ ГОДИНИ МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ

Скопје, мај 1991

Издавач:
Драмски театар Скопје

За издавачот:
Благоја Чоревски

Печати:
Печатница на НИП „Нова Македонија“ Скопје

Адреса:
Драмски театар („Театарски гласник“)
Шекспирова 15, 91000 Скопје

Цена:
250 динари

Тираж:
1 000 примероци

ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ

Коле Ангеловски, Тони Баталаков, Русомир Богдановски, Љубиша Георгиевски, Лира Грабулоска, Ристо Давчевски, **Иван Ивановски** – претседател, Благоја Ивчески, Васил Иљоски, Ацо Јовановски, Ванчо Каранфилов, Хилда Кондовска, Ристо Лазаров, Кемал Лила, Лазо Наков, Наџи Ндоци, Драгослав Ортаков, Томислав Османли, Љупчо Петрушевски, Јордан Плевнеш, Јоана Поповска, Хисен Рамадани, Хамза Река, Благоја Стефановски, Ристо Стефановски, **Ненад Стојановски** – заменик претседател, Ѓорѓи Трајанов, Снежана Трифуновска, Благоја Чоревски и Муарем Шерифи.

РЕДАКЦИЈА

Александар Алексиев, Новка Блаер, Братислав Димитров, Богомил Гузел, Иван Ивановски, Гунар Исмаил, Сашо Орданов, Горан Стефановски и **Ристо Стефановски** – главен и одговорен уредник.

театарски гласник 35

Година XV
Мај 1991
Скопје

СПИСАНИЕ НА ТЕАТРИТЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА

● специјално издание ●

УРЕДУВАЧКИ ОДБОР НА СПЕЦИЈАЛНОТО ИЗДАНИЕ

Љупчо Петрушевски, генерален директор на МНТ
М-р Слободан Костурски, директор на Операта
Васил Ќортошев, претседател на Извршниот одбор на МОВ

Виолета Андреева, Вељо Кочишки, Славомир Маринковиќ, Марија Нешковска, Јосиф Петровски-Јоже, Живоин Трајановиќ (нацрт на кориците), Ели Шамбурова-Тарабунова.

Технички уредник: Ѓорѓи Китанчевски
Лектор: Цветанка Недановска
Коректори: Јовко Буџаровски и Иван Севдински
Фотографии: Документација на МНТ

СОДРЖИНА

ДВАЕСЕТ ГОДИНИ СО МАЈСКИТЕ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ (В.Ќортошев) 5
ПРИКАЗНА ЗА МОВ(С.Маринковиќ) 36
ЕДИНАЕСЕТТЕ СРЕДБИ НА МЛАДИТЕ ОПЕРСКИ НАДЕЖИ (Ф.Муратовски) 46
СЕКОГАШ ПРЕД ПОЛНИ САЛИ(В.Гајдова) 48
МАЈ, ОПЕРА (З.Креља) 48
БУКЕТ ОД ВИОЛЕТА НА ВИОЛЕТА (П.Апостолова) 49
ЗА МЛАДИТЕ, ЗА ОДНОСОТ (М.Скаловска) 50
ПРОФЕСИОНАЛНИ ПОТВРДУВАЊА (Ѓ.Николовски) . . . 51
ПРЕДИЗВИК ЗА ГОРДОСТ(Н.Атанасов) 52
ПРВА И ЕДИНСТВЕНА МАНИФЕСТАЦИЈА(С.Нешковски) 52
ЧУДЕСЕН СПЕКТАКЛ(М.Чибариќ) 53
КРУНА НА ОПЕРСКИОТ ЖИВОТ(Ј.Константинов) 53

Фактографија: РЕПЕРТОАРОТ НА МОВ ПО ГОДИНИ(55), РЕПЕРТОАРОТ НА МОВ СПОРЕД НАСЛОВИТЕ(76), КОЈ Е КОЈ НА МОВ(77), ОПЕРСКИОТ РЕПЕРТОАР НА МОВ(88), ЛИКОВИ И ТОЛКУВАЧИ(89), МОН „ТОМЧЕ ГРНЧАРОВСКИ“(91), ЧЛЕНОВИ НА ОРКЕСТАРОТ(94), ЧЛЕНОВИ НА ХОРОТ(95), ОРГАНИЗАЦИОНИ ТЕЛА НА МОВ(95), СООСНОВАЧИ НА МАЈСКИТЕ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ(96)

■ ПРВИОТ БРОЈ ИЗЛЕЗЕ ВО ОКТОМВРИ 1977 ■
МЕЃУНАРОДЕН БРОЈ: YU ISSN 0351-9600

ПРЕДГОВОР

Влегувајќи во дваесеттата година од постоењето, Мајските оперски вечери со своите досегашни пројави продолжено правеа напори што поцелосно да ја остваруваат основната замисла на овој, по многу нешта, специфичен фестивал:

- *да бидат најширок прифатена културна манифестација од страна на публиката (во тој поглед немаа и немаат ривал);*
- *да бидат отворена сцена на која ќе дефилира цела една врвна југословенска, балканска и европска плејада на современи оперски уметници, заедно и во исто време со уметниците на операта-домаќин (остварено во најголема м о ж н а мера);*
- *да бидат запознавање и непрекината информација што постојано ќе ја поттикнува и овозможува размената на вокални солисти, диригенти, режисери, сценографи... меѓу Операта на Македонскиот народен театар и југословенските оперски куќи, како и оние во балканските и другите европски земји (реализирано во неколку наврати);*
- *да бидат можност за натамошното афирмирање на македонското оперско творештво (практично направено во потполност со ставањето во репертоарот на МОВ на „Разделба“ 1972 и 1988, „Цар Самуил“ 1972 и 1990, „Илинден“ 1974, „Кузман Капидан“ 1981 и „Болен Дојчин“ 1983 година).*

Текстовите, фактографските прилози и илустративните материјали, што се поместени овде, имаат задача да ја „репродуцираат“ атмосферата од идејата, иницијативата и почетоците, преку сите мајски оперски денови во Скопје со изданието од претходната година, да ги вреднуваат уметничките дострели и да бидат рекапитулар на повеќето од она што се случуваше на сите 231 приредба на Мајските оперски вечери. Тие се, исто така, еден можен обид за реконструкција на остваренoто, иако сме свесни дека ниедна пишувана, снимана, филмувана и кажувана форма не може да ја повтори уметноста во живо, видена од 250 000 луѓе.

Редакцијата

ПРИРЕДБИ

231 (168 оперски, 30 балетски и 1 драмска претстава, 20 оперски и 12 други концерти)

ОПЕРСКИ ДЕЛА

33: Аида, Бал под маски, Боеми, БОЛЕН ДОЈЧИН, Дон Карлос, Евгениј Онегин, ИЛИНДЕН, Кавалерија рустикана, Кармен, Кнез Игор, КУЗМАН КАПИДАН, Лучија ди Ламермур, Љубовна напивка, Мадам Батерфлај, Медиум, Набуко, Норма, Орфеј, Орфеј и Евридика, Палјачи, Продадена невеста, РАЗДЕЛБА, Риголето, Русалка, Свадбата на Фигаро, Севилскиот бербер, Тоска, **Травијата,** Трубадур, Фауст, Халка, ЦАР САМУИЛ и Циганскиот барон

УМЕТНИЦИ-УЧЕСНИЦИ

околу 1 150 од 20 земји (Австралија, Австрија, Бугарија, Велика Британија, Германија, Грција, Египет, Италија, ЈУГОСЛАВИЈА, Канада, Норвешка, Полска, Романија, САД, СССР, Турција, Унгарија, Франција, Чешкословачка и Чиле) **и од 43 оперски куќи** (Анкара, Атина, Белград, Берлин, Братислава, Брно, Будимпешта, Букурешт, Варшава, Виена, Диселдорф, Загреб, Истанбул, Јаши, Каиро, Киев, Краснојарск, Ленинград, Лоѓ, Лондон, Љубљана, Марибор, Мелбурн, Милано, Москва, Нирнберг, Нови Сад, Њујорк, Осиек, Осло, Париз, Плевен, Прага, Риека, Рим, Сантјаго, Сараево, Сегедин, СКОПЈЕ, Сливен, Софија, Темишвар и Торонто)

ПОСЕТИТЕЛИ

250 000

Од 1972 година до денес Мајските оперски вечери ги следеа околу 250 000 љубители на оперската музика

ДВАЕСЕТ ГОДИНИ СО МАЈСКИТЕ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ

Дваесет години во најубавиот месец на годината, во Скопје се одржува единствената, и по содржина и по состав, музичко-сценска манифестација **МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ.** Таков беше работниот наслов за време на првите подготовки (1971 година), таков остана и денес. Се разбира, насловот не беше строго определен, така што во репертоарот уште на првите „Вечери" беа застапени и некои балетски претстави. Исто така, беа вклучени и млади певци на **Средбата на младите оперски надежи „Томче Грнчаровски"**, која почна следната 1973 година, како и Македонската филхармонија. Имаше и таканаречени придружни манифестации во рамките на Мајските оперски вечери од кои најзначаен беше концертот за модерна музика на ансамблот „Света Софија" под уметничкото раководство на Тома Прошев.

Како се дојде до идејата да се организира една таква оперско-музичка приредба, која не е исклучива според својот наслов? Се разбира, идејата за таа, така да ја наречеме – смотра на оперските уметници, не е нова. На неа се размислувало уште пред и по 1967 година, особено кога во тоа време настана голема криза за публика. И тоа беше една од причините за осмислувањето на Мајските оперски вечери. Меѓутоа, нивната реализација го наоѓа своето вистинско културно-музичко оправдување на 9 мај 1972 година. На тој ден, Денот на победата над фашизмот – Операта и Балетот на Македонскиот народен театар веќе славеа без прославување, четврт век на својата дејност, од своето постоење. Тогаш, на 9 мај 1947 година на сцената на Македонскиот народен театар, е изведена првата оперска претстава во слободна Македонија. Имено, поставена е операта **„Кавалерија рустикана"** од италијанскиот веристички композитор Пјетро Маскањи. Секако дека тој културен настан, тој почеток на музичко-сценското претставување во Скопје, за македонскиот народ и за народностите што живеат во Македонија, па и за југословенската заедница, претставува, без секакво сомневање, посебен настан и светол датум во културната и музичка историја. Зашто, сакале ние или не, не можеме во овие редови да не истакнеме дека мошне добро се знаат сите невозможности, тешкотии, проблеми и потреби, односно услови околу формирањето и организирањето на Театар од таков тип. Оние живи учесници во основањето на Операта, а подоцна и на Балетот на МНТ, мошне добро ги вкусиле врз себе тие „слатки маки". Историјата, веројатно, не познава нација, која веднаш по своето ослободување, со сè уште неразвиен и неунифициран литературен јазик, на најрационален начин ги положи темелите на еден музички театар, го замени оригиналниот текст на оперската партитура со сопствен, преведен слог итн. Секако дека тоа не беше лесно. Меѓутоа, ентузијазмот

„Цар Самуил" на репертоарот во 1972 и 1990 година: Никола Гагов, Методија Илиевски, Артур Сурмејан

во прв ред, ги надмина сите сомнежи на скептиците, бидејќи триумфираа залагањето, трудољубивоста и несфатливите желби на основоположниците на нашата денешна Опера и Балет да се стаса до целта.

Без да ги потценуваме извонредната важност и културното значење, општествената функција и потребата од опера и балет, мораме да признаеме дека токму дваесетипетгодишнината на таа музичко-сценска институција беше повод, како што спомнавме погоре, да се стави почеток на Мајските оперски вечери, би рекле мошне значајна и корисна средба на репродуктивните уметници од Балканот. Кога зборуваме за музичките уметници, тука без друго станува збор за првите толкувачи на ликовите од оперската односно балетската сценско-музичка драматургија, се разбира заедно со својот уметнички раководител – диригентот. Ако се задржиме на заемните односи и услови учесник – организатор, ќе дојдеме до заклучок дека материјалните интереси секогаш биле во втор план, додека авторитетот и креативноста на интерпретаторите биле над сè. Зашто, самата манифестација која е фестивалски обоена, нема натпреварувачки карактер, ниту пак економски и политички стремеж. Нешто погоре веќе рековме дека и самата криза за публика делумно влијаеше и придонесе една таква музичка манифестација да се „измисли" ако ја нема. А криза за посетители на претставите немаше само во Скопје, туку во повеќе театарски куќи во светот. Но, тоа е друга тема. Општ е впечатокот, и констатацијата меѓу другото, дека првата година на МОВ, таа иста 1972 година, ни донесе нова публика, млада, заедно со постојаната, секогаш заинтересирана за музичко-сценските настани, публика, која до денешен ден им остана верна на Мајските оперски вечери и на нашиот Театар. МОВ навистина заинтересираа повеќемина за Театарот воопшто.

Кога се обидуваме да направиме штогоде фактографски моменти од дваесетгодишното постоење и каквогоде нивно функционирање, со најголема благодарност сме должни да забележиме и да регистрираме дека целокупниот печат, радиото и ТВ на Мајските оперски вечери и на Средбата на младите оперски надежи „Томче Грнчаровски" и, се разбира, на придружните настапи, им посветија големо, значајно внимание. Им дадода колку што се може објективитет и публицитет од претставувањето на учесниците до рецензиите за нивните настапи, со фотографии, ТВ инсерти, пренос на цели претстави и делови од нив и сл. Службениците на журналистиката својата задача и новинарска улога ја извршија без забелешки и со висока професионална свест.

ПРВИТЕ МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ, и покрај нивниот наслов, и покрај првата програма која не беше сосема по концепцијата и вкусот на иницијаторот, имаше јасни творечки интереси кои беа поврзани со музичката продукција и репродукција. Исто така, треба да се каже дека и Балетот е застапен на „Вечерите", меѓутоа оперските претстави доминираат – над осум во почетните години. По самата програмска шема, МОВ, од нивното започнување, сосема одговараа на својот наслов и по кадровската застапеност и по репертоарската содржина. Имено: оперските актери, односно нивните матични куќи, настојуваа на своите претходно фиксирани термини за гостувањето под името „Вечер на солисти на Белградската опера" или „Вечер на солисти на Анкарската опера" и така натаму со ред, ансамблово да се претстават заедно со диригентот. А пак Операта на МНТ, со исклучок на Првите МОВ, што ги започна со музичката драма **„Цар Самуил"** од македонскиот композитор **Кирил Македонски,** а ги заврши со народната опера **„Разделба"** од **Трајко Прокопиев,** исто така македонски творец од постарата генерација, речиси сите досегашни МОВ ги започнуваше со премиерно дело или обновена претстава. Освен на првите МОВ кога операта „Аида" од Џузепе Верди се даде на 26 мај со гости од Љубљана, тоа монументално дело во последните десетина години, па и на јубилејот на Мајски оперски вечери, а се надеваме и понатаму, се изведува со интернационален состав на солисти и со него се затвораат Мајските оперски вечери.

На првите „Вечери" во нашиот град гостуваа познати и признати имиња на оперската сцена, мајстори на оперската уметност. Љубителите на музичката драматургија преку МОВ добија можност да ги видат и чујат: Радмила Бакочевиќ, Бисерка Цвеиќ, Милка Стојановиќ, Јулија Винер, Владимир Ружѓак, Николае Херлеа, Никола Ѓузелев, Елена Симионеску, Божена Главак, Никола Василев и уште многу други протагонисти. Импонираше фактот што на таа средба се најдоа најдобрите, најеминентните сили на вокалната уметничка дисциплина од оперските куќи во Југославија и на оперите од Букурешт и Софија. Импозантна беше и бројката на посетеноста – над 12 000 посетители. Во гледалиштето на Универзалната сала, каде што се одржуваа Мајските вечери до 1983 година, седеа или стоеја неколку генерации – син, ќерка, со татко и мајка, постар љубител на музиката, а на операта посебно, со внук или внука. Мај беше празник на сценската уметност, на оперско-балетскиот актер и музичар и на секој што ја сака музичката драма и што во неа наоѓа естетско доживување, задоволство и духовна потреба.

Од тие непобитни факти, од тие позитивни резултати, раководството на Операта и Балетот на МНТ во тоа време (1972) дојде до заклучок

„Русалка" со Георги Божиков, Анастазија Низамова, Костадинка Ристова и Лилјана Зенделска (12.5.1972)

„Вечер", 27.5. 1972

„КАРМЕН" – ЗАГРЕБ

„Гостувањето на Загребската опера на Мајските оперски вечери, кои од своја страна како да ги надминуваат и најоптимистичките очекувања (велелепната слика на полната сала веќе неколкупати нè исполни со едно пријатно чувство на задоволство и гордост со оправдани надежи дека оваа манифестација станува традиционална), претставуваше уште едно надополнување на листата епитети што ја има. Традицијата на негувана вокална репродукција, родена низ многугодишното искуство на загребската оперска куќа, доби своја потврда низ една рутинирана музичко-сценска игра на комплетна гарнитура уметници, како што ни беше претставена во Бизеовата 'Кармен'".

Гордана Бачоска

дека Мајските оперски вечери треба да станат трајна, традиционална манифестација на оперската уметност, манифестација што ќе придонесува за соработка меѓу културните работници од балканските оперски куќи, како и за подигнување на музичката култура на нашиот човек. Зашто, самата концепција на МОВ, која по нешто е уникатна, инсистира на дружељубивост, запознавање, соработка меѓу оперските куќи и врвните музички уметници, особено на помладите кои својата актерска кариера ја започнуваат токму од Скопје со учеството во Средбата на младите оперски надежи „Томче Грнчаровски".

Се настојувало низ разните мошне возбудливи спектакли, средби на луѓе од културата и уметноста, да се дојде до една конструктивна соработка меѓу градот Скопје, Македонија и Југославија особено со соседните земји, соработка ослободена од секакви национализми, шовинизам, национална супериорност и нечовечка надменост. Во таа насока мислиме дека препораката на секогаш актуелниот македонски револуционер Гоце Делчев: **„Светот го сфаќам како поле за културно натпреварување меѓу луѓето"**, треба слободно да се истакне дека

Нова Македонија", 3.6. 1972

„ТРАВИЈАТА" – БУКУРЕШТ

*„Годинашниве Мајски оперски вечери, манифестација што како краен биланс покажа несомнени успеси и ги има сите позитивности да стане традиционална, завршија. За мене, за огромниот број посетители тоа се случи со гостувањето на познатите романски уметници, кои ги реализираа трите главни улоги во Вердиевата 'Травијата'. Тоа воедно беше несомненииот врв, највисокиот уметнички дострел на годинашниве оперски игри, настан што долго ќе се памети. Познатите оперски () имиња **Елена Симионеску** како Виолета, **Валентин Теодоријан** (Алфред) и **Николае Херлеа** (Жорж) приредија вистинска спектакуларна оперска игра што донесе овации, возбуди и уметнички задоволства".*

Владо Чучков

во една таква атмосфера, хумана и уметничка, е сосема остварена на Мајските оперски вечери. Секое човечко суштество тоа го чувствува и се радува. Целта е постигната во сите аспекти на зацртаната политика на таа така благородна, по многу нешта исклучителна културна манифестација.

Првите МОВ покажаа дека иницијативата била исправна и корисна не само за оперско-балетските куќи во Југославија, туку и за еден пошорок регион. Токму за тоа пишувачот на редовиве се задржува на почетоците (организациони, уметнички и кадровски импресии и констатации, додека се сè уште свежи). Таа 1972 година, покрај сите маки и тешкотии, одзивите беа единствена морална сатисфакција и задоволство за организаторите. Анкетираните граѓани и гости на Скопје, Мајските оперски вечери ги прогласија за **„Културен настан на годината"**. Меѓутоа, мора да се знае дека идејата не беше прифатена и анимирана со задоволство во театарските кругови. Имаше голем отпор и сомневања, се разбира како и секогаш кога се предлага нешто ново. Имаше дури и мошне самоуверени становишта дека МОВ се чиста „... утопија, приватна работа заради кариера, губење на време и попусто трошење на средства!" и слични изјави. Меѓутоа, нам не ни паѓаше тешко кога сомнежите доаѓаа од вистинскиот човек или од високо стручно образовани музичари, туку од оние што случајно заталкале в театар. За жал, меѓу нив имаше и луѓе одговорни за културата во тоа време.

Но, за организацијата на МОВ ништо не се оставаше на случајноста. Самата концепција уште на почетокот беше добро организирана и документирана, конкретизирана и разработена до најмала подробност. Некои сериозни проблеми немаше и покрај тоа што имавме работа со жив човечки гласов орган. Инаку, што се однесуваше до техниката, пропагандата и другите иницијативи што беа преземени за претставите и другите потреби, луѓето од МНТ и од Универзалката со задоволство ги извршуваа и решаваа.

„Евгениј Онегин" со гости од Белград: Калина Милошевска, Радмила Бакочевиќ, Евдокија Доброхотова и Бреда Калеф (15.5.1972)

Кога зборуваме за работните луѓе од МНТ и Универзалната сала, овде никако не треба да се заборави авторитетната улога на тогашниот управител на МНТ, **Стоимир Поповски,** кој не само што пројави особен интерес кон остварувањето на идејата за Мајските оперски вечери, туку и придонесе со свое лично залагање за нивното организирање. Тој беше првиот човек што во 1972 година го означи започнувањето на таа манифестација. Не помала беше и улогата на директорот на Универзалната сала, **Бошко Бошковски,** на **Вељо Кочишки,** кој веќе дваесет години е во едно перманентно вриење со проблемите на огранизацијата на МОВ, па на ликовниот уметник **Драгутин Аврамовски – Гуте** кој ја изработи целата, нагледна и внатрешна програмска материја, и на **Јосиф Петровски – Јоже,** кој исто така дваесет години им остана верен на обврските на МОВ. Токму затоа, заедно со другите одговорни лица и организатори, манифестацијата имаше успешен тек во секој поглед.

Задоволство беше да се слушаат најпофални зборови и изнесуваат импресии во суперлативи од самите учесници. Така, на пример, југословенскиот драмски сопран **Милка Стојановиќ,** која на Вторите МОВ ја толкуваше насловната улога во „Норма" од Винченцо Белини, го изнесува своето мислење: „... Ако некој мисли дека операта како музичка форма изумира, нека пове-

ли во Скопје на МОВ, ќе се увери во спротивното".

Треба да се каже дека соодветните органи на градот и Републиката, особено на градот, таа во почетокот сè уште за нив неизвесна културна манифестација, ја прифатија со голема доверба и ја финансираа во рамките на своите можности. Работните организации и стопанството од Републиката се посебен случај. И тие финансираа според своите можности, а до договори се доаѓаше на еден многу спонтан начин. Тоа беше виситинска размена на трудот меѓу две разнородни организации. Односите за доставување средства за МОВ и до денес останаа на исто контактно ниво. Имаше разбирање дека на Скопје му е потребна музичката манифестација Мајски оперски вечери, на која оди младо и старо, како на некоја голема и интересна фискултурна приредба.

Што се однесува до креативното ниво на претставите на Првите МОВ, треба да се одбележи дека од историската опера **„Цар Самуил"** од Кирил Македонски, па преку премиерната изведба на операта **„Русалка"** од Антонин Дворжак, со режисерот Вацлав Кашлик и со фантастичната сценографија на Јозеф Свобода, и двајцата од Чешкословачка, а под диригентската палка на **Олджих Пипек,** беа нешто што заслужуваше особено внимание, заедно со народната македонска опера **„Разделба"** од Трајко Прокопиев. Во тие три опери доминираше творечкиот натурел на **Георги Божиков** – како Цар Самуил, улога за која ја доби наградата „11 Октомври", како Водењакот во „Русалка" и како Чорбаџи Јордан во „Разделба". Во наведените оперски дела, во нивните сценски постановки настапија и **Анастасија Димитрова** и **Никола Гагов.** Нивните учества беа на високо изведувачко ниво, а настапот на **Стојан Стојанов – Ганчев** во „Цар Самуил", како Василиј II, претставуваше вистинска актерска креација.

Популарниот балет „Дон Кихот" од Л. Минкус беше едно вистинско освежување со нанадминатите сценски и актерски остварувања на Александар Стојановиќ и Жика Сувачаревиќ – првиот како Дон Кихот, а вториот како Санчо Панса. Китри ја оствари Елица Поповска, а Базил Марин Црвенов. Целиот балетски ансамбл коректно ги изврши своите уметнички задачи. Претставата, како и секогаш, добро ја водеше Ангел Шурев. „Четири балетски видувања", во режија и кореографија на Вера Костиќ од Белград, сите танцувални елементи што го содржеа нивните партитури ги искористи до максимум. Балетот на МНТ коректно ја исполни својата уметничка задача во визуелно прекрасниот амбиент.

„Нова Македонија", 23. 5. 1973

„НОРМА" – БЕЛГРАД

„Со гостувањето на членовите на белградската оперска куќа, Милка Стојановиќ (Норма), Ѓурѓевка Чакаревиќ (Адалџиза), Звонимир Крнетиќ (Полион) и Ѓорѓе Ѓурѓевиќ (Оровез), имиња што значат и котираат во современата југословенска оперска репродукција, условите за една натпросечна 'Норма' беа исполнети. Од друга страна, вниманието на нашата оперска публика беше привлечено и од името на ***Милка Стојановиќ,*** *чест гостин на низа централни светски оперски сцени (Скала, Метрополитен, Бољшој театар итн.), име што ја гарантира и првокласната изведба на Норма. Тоа се случи. Во општо сумирање на резултатите и вредностите за гостувањето на белградските уметници, можеме да констатираме дека нашите гости дадоа сериозни и креативни исполнувања во што Мајските оперски вечери, како своевидна манифестација на оперската уметност, добија во својата вредност".*

Владо Чучков

Гостите од **Белградската опера** на 15 мај 1972 се претставија во „Евгениј Онегин" од П. Чајковски. Во мошне солидниот солистички состав подобри од останатите беа Радмила Бакочевиќ (како Татјана) и Никола Митиќ – креатор на насловната улога.

Операта на **Српското народно позориште од Нови Сад** се претстави со двајца солисти во операта „Норма" од В. Белини. Марија Алпар (Норма) и Стојан Стојанов (Полион). Диригентот Имре Топлак самоуверено и со знаење го водеше ансамблот на Операта на МНТ.

На 20 мај гостуваа солисти од **Софиската опера** во „Дон Карлос" од Џ. Верди. Протагонистите беа едни од најдобрите во Европа, иако не се претставија со состав за кој беше договорено на 12.10.1971 во Софија. Имено, Филип II требаше да го пее прочуениот бас Николај Ѓауров, а да диригира Асен Најденов. На нивни места беа испратени Николај Ѓузелев, кој денес во светот ужива иста репутација како и Ѓауров, и помладиот диригент Атанас Маргаритов. И од едниот и од другиот, организаторите останаа презадоволни. Креативната игра на Ѓузелев и особено гласовниот „натпревар" меѓу него и Инквизоторот на Николај Стоилов уште се памети. Покрај веќе спомнатите, и другите протагонисти беа во голема пеачка и сценско-актерска форма, со еден збор немаше слаб солист.

Солистите од **Сараево** во Вердиевиот „Набуко" оставија натпросечен впечаток. Меѓутоа, од солистичкиот состав се издвојуваше Радмила Тодоровска (Абигаила), како и диригентот Мирослав Хомен.

Солисти на Операта на **Хрватското народно казалиште** допатуваа во Скопје со амбиции за големи креативни дострели. Впрочем, секој што ја познава историјата на таа славна оперска куќа, кон неа се однесува со почит. И, се разбира,



„Травијата" – единствената опера во репертоарот на сите МОВ – со гости од Букурешт: (Елисавета Христова), Валентин Теодоријан, Елена Симионеску, Николае Херлеа и Методија Илиевски (28.5.1972)

очекувањата наполно се покажаа како објективни, кога на сцената се појавија Бисерка Цвеиќ (Кармен), Стојан Стојанов (Дон Хосе), Владимир Ружѓак (Ескамилио) и другите солисти. Никша Бареза суверено владееше како со солистите, така и со хорот и оркестарот на Операта на МНТ.

Љубљанските солисти изненадија со својата индиспонираност, макаршто некои рецензенти имаат мошне позитивно мислење. Пишувачот на овие редови и еден од организаторите на МОВ, знаејќи од каква куќа доаѓаат солистите на Љубљанскатаа опера, очекуваше повеќе. Но, тоа е проблем на видување и на вкус. Инаку, Ванда Герлович (Аида), Божена Главак (Амнерис), Ардуино Замаро (Радамес) и Едвард Сршен (Амонасро) своите партии ги изведоа мошне коректно. Меѓутоа, од протагонистите се очекуваше повеќе вокална свежина и продорност. Тоа го бара делото на Џузепе Верди, „Аида".

Опера Романа од Букурешт, односно нејзините солисти, Елена Симионеску (Виолета Валери), Валентин Теодоријан (Алфред Жермон) и познатиот од светските сцени Николае Херлеа (Жорж Жермон), настапија во „Травијата" од Џ. Верди. Се разбира дека целото внимание беше сконцентрирано кон појавата на Херлеа. А како не ќе биде така кога, со својата фигура, природен и продорен, култивиран глас, ја фасцинира преполнетата Универзална сала. Интерпретацијата на аријата и дуетите со Виолета Валери (II чин) го трогнуваат и најтврдокорното срце. Зашто, на пишаната динамика, Херлеа ја додава својата мошне емоционална што извира од италијанскиот збор. Таму каде што учествува Николае Херлеа, претставата мора да биде возбудлива и со настроение од сите учесници. Анатол Кисаѓи со перфектната мануелна техника им даваше слобода на певците, без да се нарушат ритмиката и убавината на фразата. Тоа беше ретко интимна и срдечна претстава.

Ана Липша–Тофовиќ (Орфеј) во „Орфеј и Евридика" на свеченото отворање на МОВ во 1973 година

На I мајски оперски вечери имаше свое „крштевање", во учеството на „Вечерите" и Македонската филхармонија со токатата за гудачки оркестар бр. 161 „Ај дојди ти сладок претсмртен миг", во исполнение на нашите оперски и концертни солисти Ана Липша – Тофовиќ и тенорот Благоја Николовски, како и хорот на РТВ – Скопје. Тоа беше пријатна концертна вечер со доајенот на музичкиот живот во Македонија, академик Тодор Скаловски.

Пред да поминеме и направиме преглед на II мајски оперски вечери, потребни се натамошни доискажувања за намерите и амбициите на иницијаторите.

Покрај главната приредба – Мајските оперски вечери, беше планирана и за среќа се одржа **Средбата на младите оперски надежи „Томче Грнчаровски".** Средбата го носи името на борецот против окупаторот на нашата земја, тенор од основањето на Операта на МНТ, надарен стилист и сценски актер со големи творечки можности. Дури сега по неговата прерана смрт, ја почувствуваме неговата сценска способност и вокална вредност. Томче Грнчаровски беше голем тенор! Незаборавен!

Од тој неофицијален конкурс, својата кариера ја започнаа многу млади и надежни певци, кои денес се столбови на своите куќи и сакани гости по светот. Да се потсетиме на: Анастазија Низамова – Мухиќ, Емилија Аврамовска, Милан Фирфов, Славица Галиќ – Петровска, Миомир Тасиќ, Бранка Тодевска, Светлана Донковска, Марија Наумова – Муратовска, Лилјана Зенделска, Лидија Митревска, Билјана Јовановска, Мира Тасевска и други.

За жал, од некои објективни причини, Средбата на младите оперски

„Око" – Загреб, 23.5. 1973

МОВ КАКО ПРАЗНИК

„...Сите спомнати податоци зборуваат дека месецот мај е вистински оперски празник на кој учествуваат речиси сите балкански оперски куќи... Она што на крајот треба посебно да се подвлече е фактот што скопските Мајски оперски вечери еден од концертните термини им го посветуваат на младите, така што ова ќе биде исклучителна прилика да се одмерат квалитетите на генерацијата што доаѓа на оперската сцена и што ги прави првите чекори на патот на својата афирмација".

Ладислав Баришиќ

Радио Загреб (Радио магазин), 24.5 1973

ОРФЕЈ НА АНА ЛИПША–ТОФОВИЌ

*„Синоќа 'Орфеј' пак се повтори, а со него и големата креација на нашата прославена уметница. Што привлекува кај **Ана Липша–Тофовиќ?** Би можеле да кажеме сè, но пред сè гласот, кој е невообичаено подвижен, раскошен, топол и изедначен во сите регистри. Но, тоа не ќе беше доволно доколку Ана Липша–Тофовиќ не е оној вистински уметник кој знае да испее секоја фраза, секој тон, давајќи му посебно значење со што ...остава длабок впечаток кај присутните. Овие неколку дена на слушање домашни и странски интерпретатори, на првото место ја доведуваат Ана Липша–Тофовиќ".*

Милица Маравиќ

надежи „Т. Грнчаровски“ се прекина во 1983 година. Да се надеваме дека годинава, по повод на ДВАЕСЕТГОДИШНИНАТА НА МОВ, Средбата на младите оперски надежи „Т. Грнчаровски“ ќе се возобнови. Ќе се возобнови барем со истата концепција ако поради недостаток на средства не би можела да прерасне во вистински меѓународен конкурс.

Споменувајќи го повеќепати зборот организатори, должност е да прецизираме дека **организатор на Мајските оперски вечери е Операта на Македонскиот народен театар.** Друга тема е од каде се роди идејата, односно иницијативата за МОВ.

„Нова Македонија“, 29.5.1973

„КАРМЕН“ – ЉУБЉАНА

„Еден од позабележителните настапи беше на солистите од Љубљанската опера со 'Кармен' од Жорж Бизе. Несомнено, големо задоволство причини настапот на Милка Ефтимова во насловната улога, како и Рудолф Францл (Дон Хозе), Едвард Сршен (Ескамилио) и доста впечатливата Вера Лациќ (Микаела)... Доста заслужен за успехот на 'Кармен' беше диригентот Владимир Коблер, кој со сигурност го водеше целиот ансамбл“.

Ристо Аврамовски

Како што со жалење го констатиравме прекинот на Средбата на МОН „Т. Грнчаровски“, но надевајќи се дека пак ќе биде обновена, така иницијаторот на МОВ и на Средбата на младите, на овие двете веќе остварени замисли, имаше намера да додаде уште една – **Симпозиум на вокалните педагози на Југославија.** Но, за една таква иницијатива и покрај тоа што требаше време, адекватен инструментариум, средства и субјекти за индивидуална демонстрација на вокалната педагогија, кај организаторот не се најде доволно смелост за да се зафати во еден таков, исклучително важен, мошне корисен и значаен потфат. И овде, по повод на таа трета идеја од комплексот МОВ, треба да додадеме дека се живее со надеж, дека и тој редок, ексклузивен за вокалната педагогија собир, кога – тогаш, не чекајќи многу, ќе се реализира како единствен во светот. Зашто, и вокалната педагогија треба да дојде до научни сознанија за импостацијата на гласовиот орган и самата методологија на работата. Денес, на средните музички училишта и на факултетите по музика доаѓаат млади надарени ученици и студенти. Со нив работат исто така млади вокални педагози со знаење за можностите на човечкиот глас. Некои имаат и големо оперско-сценско искуство. Сето тоа треба да се надополни со почетните мигови и надградби до полната вокално-техничка зрелост.

Меѓутоа, нема да биде попусто ако се вратиме малку наназад кога започнаа подготовките за еден таков успешен показ на I мајски оперски вечери. Контактите започнаа уште во есента 1971 година по донесувањето на одлуката на самоуправните органи на Операта и Балетот на МНТ, манифестацијата да стане традиционална. Заради преговори, на 11 октомври 1971 беше посетен Букурешт, другиот ден се преговараше во Софија. Потоа во Белград, Загреб, Љубљана, Сараево и Нови Сад. Со Анкара и Атина разговорите се водеа преку нивните конзулати во Скопје. Во Белград воспоставивме безуспешни контакти на тема МОВ во амбасадата на Албанија. Атина последните години активно се вклучи во репертоарот на МОВ, додека Тирана воопшто не одговори на нашите покани. Се разбира, во целата програма на „Вечерите“, колективот на Операта и Балетот, хорот и оркестарот, како и исполнителите на епизодните и поодговорни улоги, беа носечка конструкција на репертоарот и на неговото мошне коректно реализирање. Тоа во некои дела, во сценската постановка имаше врвни, спектакуларни моменти. Инаку, пак треба да потенцираме дека ефектот, спектакуларните резултати, интересот и уметничко-естетскиот впечаток што го остави манифестацијата врз посетителите, на иницијаторите и организаторите им налагаше и инсистираше во иднина уште посериозно и поодговорно да размислуваат за судбината и содржината на таа атрактивна, во прв ред сценско-музичка смотра на истакнати музички уметници од нашата земја и странство.

Секако дека проблемот на финансирањето на МОВ, како што рековме, беше значаен и приоритетен и тој беше решен на задоволувачки начин. Се одеше некако спонтано, веројатно единствен тренд во Југославија. Се обраќаше повеќе внимание и се настојуваше целосно остварување на првобитниот концепт, на почетните замисли на иницијаторот, за трајна присутност на Мајските оперски вечери и нивната програмска физиономија, а се разбира и за трајното финансирање на истите, зашто без тоа манифестацијата нема никаква сигурност.

По некои сосема незначителни и непотребни колебања, а под притисок на јавноста и на нашите соосновачи, раководството на МНТ им предложи на самоуправните органи, музичката манифестација Мајски оперски вечери да стане **традиционална.** Предлогот беше прифатен речиси без дискусија. Зашто, како културна присутност им е потребна на луѓето, на младите кои треба повеќе да се насочат и да зачекорат по врвиците на сериозната, традиционалната музичка литература и заради афирмација на сценското музичко творештво.

„Набуко“ со новосадски уметници: Евдокија Доброхотова, Марија Алпар–Тунтев, Рудолф Немет и Владан Цвеиќ (11.5.1973)

По I мајски оперски вечери, по повеќето позитивни констатации и конструктивни, добронамерни забелешки, целата таа атмосфера обврзуваше организаторите и тогашната Програмска комисија на МОВ, уште поодговорно, поразновидно уметнички и организационо, жестоко да се зафатат со работа околу подготовките на II МОВ.

ВТОРИТЕ МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ во 1973 година имаа сосема друга музичко-драматуршка, па и репертоарна физиономија. Се разбира дека како и на I МОВ, фанфарите пак се огласија со Триумфалниот марш од „Аида", за почеток и отворање на II МОВ. Покрај знамињата на земјите, чии уметници учествуваат во манифестацијата, млади девојки и момци со факли го носат и го креваат синонебесното знаме на Мајските оперски вечери на чиј фон се оцртуваат контурите на легендарниот митолошки певец **Орфеј, симболот на МОВ.** Кон жртвеникот пристапува одредена, заслужна личност за Театарот и ги прогласува МОВ за отворени. Но, треба да се спомне дека II МОВ имаа една чудна коинциденција што ретко се случува. Истата вечер (9 мај 1973) – отворањето на II МОВ со јубилејот на првенката на Скопската опера **Ана Липша – Тофовиќ** со еден редуциран, сценски модернизиран „Орфеј" од Глук и во интерес-

„Травијата" од Загреб: Нада Сиришчевиќ и Адалберто Матешиќ (13.5.1973)

жиновска, а во претставата на „Медиум" од Џан Карло Меноти, **Павлина Апостолова и Екрем Хусеин.** Диригираа **Олџжих Пипек** и **Фимчо Муратовски.**

По убавото јубилејно претставување на Ана Липша – Тофовиќ и нејзините колеги во оперите „Орфеј" и „Медиум", на отворањето на II МОВ, покрај учесниците од I МОВ, настапија и солисти од **Девлет опе-**

„Нова Македонија", 3.6. 1973

НИКОЛАЕ ХЕРЛЕА – ФИГАРО

*„**Николае Херлеа** во улогата на Фигаро, инаку уметник одамна познат на европските оперски сцени, толкувајќи го овој лик создаде вистинска уметничка креација... Пренесувајќи ни ги своите гласовни можности, природната баритонска боја, можеби ненадминатата вокална техника, а истовремено јасна дикција, смисла за музицирање и сценска подвижност, тој манифестира одлики што секако ретко можат да се најдат кај други музички имиња".*

Ристо Аврамовски

ната сценографија на ликовниот уметник Димитар Кондовски. Во вториот дел, Ана Липша – Тофовиќ, се појави како Мадам Флора во Менотиевиот **„Медиум".** Почетокот на II МОВ со камерно оформените опери, беше импресивен музички настан што не се заборава. Зашто, „во изведбата на 'Орфеј' имаше мигови кога операта престануваше да биде театар, стануваше уметничко откритие и се преобразуваше во големо уметничко доживување". А што да се каже за Мадам Флора? Само – креација за антологија.

Со право треба да се додаде дека на тој 25-годишен јубилеј на оперско–концертната дејност на Ана Липша – Тофовиќ, во изведбата на „Орфеј", многу продонесоа **Васка Биџова – Гајдова и Искра Бо-**

ра од Анкара со нашиот познат диригент, Ангел Шурев. Тие на 20 мај настапија во операта „Фауст" од Шарл Гуно. Тројцата солисти Кериман Давран (Маргарета), Ајхан Баран (Мефисто) и Сеит Ахмет (Валентин), мошне солидно и образовано се претставија во улогите што ги толкуваа. Фауст го пееше нашиот тенор Благоја Николовски.

Операта на СНП од Нови Сад доведе солисти – учесници во операта „Набуко" од Џ. Верди со одличниот диригент Имре Топлак. И тоа – Димитри Мариновски во насловната улога, Рудолф Немет (Закарија), Марија Алпар – Тунтев (Абигаила) и Аранка Херќан – Бодрич како Фенена. Тоа беше една изедначена екипа од протагонисти во сите елементи на вокалната техника и со различен однос кон актерското мајсторство. Меѓутоа, оркестарот, под раката на Имре Топлак, постигна висок интерпретативен домен.

Следеше настапот на солистите од **Операта на ХНК од Загреб** во „Травијата" од Џ. Верди. Нада Сиришчевиќ, млада и мошне надарена оперска певица, во Скопје на МОВ за првпат ја пееше Виолета Валери и тоа мошне успешно во сите компоненти на оперската уметност. Истото се однесува и за тогаш познатиот во Европа, Владимир Ружќак, кој вонредно ни го презентираше Жорж Жермон. Тие и тенорот Берто Матешиќ – како Алфред, оставија силен впечаток на преполнетата со публика Универзална сала. Миро Беламариќ се покажа како мошне перспективен диригент.

Македонската филхармонија на II МОВ имаше непретенциозна, но мошне интересна програма: Камиј Сен – Санс (Концерт за виолончело и оркестар во г–мол), Томислав Зографски (Класична суита) и Џоакино Росини („Стабат матер" со солистите: Искра Божиновска – Савин, Милка Ефтимова, Благоја Николовски и Георги Божиков, како и Хорот на РТВ – Скопје, подготвен од Драган Шуплевски). Концертот за виолончело, солистката Душка Тасевска го исполни со убав, изедначен и длабок тон на нејзиниот инструмент и со многу љубов кон француската гудачка литература воопшто. Тасевска вонредно соработуваше со диригентот Муратовски. Исто така, и другите две дела („Класичната суита" и „Стабат матер") оставија впечаток на едно

„Кармен“ од Љубљана со македонска певица – Милка Ефтимова во насловната улога (25.5.1973)

мирно и убаво музицирање. Тоа беше вечер за убав одмор.

На 16 мај 1973 скопјани и гостите од другите места на Македонија, јужниот дел на Србија и Косово ги пречекаа солистите на **Операта на Народното позориште од Белград:** Милка Стојановиќ, Ѓурѓевка Чакаревиќ, Звонимир Крнетиќ и Ѓорѓе Ѓурѓевиќ. Тие достојно го презентираа реномето, во тоа време на надалеку познатата оперска куќа. Милка Стојановиќ, носителката на насловната улога во операта „Норма“ од В. Белини, поради мошне бравурозната партија на Норма и поради фактот што во тоа време беше во блескава форма, па и со својата импозантна појава, ги воодушеви присутните во Универзалната сала. По интерпретацијата на аријата „Каста дива“, салата ечеше од аплаузи. Тие беа наменети и за нејзините колеги, кои беа достојни партнери на Милка Стојановиќ.

Богдан Бабиќ ја водеше целата претстава – солистите, хорот и оркестарот – мошне лежерно и сигурно, со префинета мануелна техника. Добар спектакл видовме таа вечер на 16 мај.

кално и со чувство, но во целиот тек на претставата гласовно не беше на ниво на својата уметничка задача. Од друга страна пак, треба, бездруго, да се истакне Марсел на баритонот Никола Василев. Свеж и убав глас со многу емоционални трансформации и сценска логика.

Во чест на учесниците на IV Конгрес на неврохирурзите на Југославија и I Симпозиум за сообраќајни повреди на главата, на 23 мај 1973, во рамките на Средбата на солидарноста, на репертоарот на МОВ пак се најдоа балетот од Благој Ивановски „Фрески“ и операта „Медиум“ од Џан Карло Меноти, речиси со истите солисти од 9 мај истата година. „Фреските“, а особено операта беа применети со видно задоволство.

Љубљанската опера на вторите „Вечери“ се претстави со сите солисти во „Кармен“ од Жорж Бизе, на чело со носителката на насловната улога Милка Ефтимова. Во составот го немаше само Моралес. Него го играше солистот на Скопската опера, Илија Црвенов. За разлика од 1972 година кога љубљанчани настапија во „Аида“, и по наше мислење не беа на ниво на своето

Радио Загреб, 10.5. 1974

„ИЛИНДЕН“

*„И фестивалот почна () со мала свеченост на плоштадот пред таканаречената Универзална сала, аудиториум од околу 1 800 места, со фанфарите од Вердиевата 'Аида' и со фестивалскиот прилог на куќата–домаќин со изведбата на домашната опера од **Кирил Македонски 'Илинден'**. Пред полниот салон, по своите петнаесетина претстави од Денот на Републиката минатата година, кога ја имаше праизведбата, тоа дело се има искристализирано со изведувачки интензитет, полет и убавина на интерпретацијата на извонредните солисти и хорот, во прв ред со пеењето, во сугестивна, да кажеме романтична национална херојска опера, која со своите стилски бои, духот и занесот наидува на спонтан и топол прием кај скопската публика“.*

Ѓорѓе Шаула

„Студентски збор“, 11.6.1973

ЛИЉАНА МОЛНАР – АИДА

*„Ако крајот делото го краси, тогаш доживувањето од последната вечер, замислена како финале и дефиле на интернационални ведети, веројатно ќе остане најдолго во сеќавањето. Занесот, воодушевувањето, аплаузите, трепетот, сè беше единствено, па затоа и неповторливо. 'Виновникот' за незаборавната вечер – **Љиљана Молнар** го потврди реномето на најдобрата Аида во светот. Високиот и убав, кристално чист () глас со извонредна потенцијална сила водена и управувана мошне изнијансирано и незаборавливата артистичка креација, направија од неа ѕвезда на вечерта“.*

Бранислав Мирчевски

На 22 мај, по „Норма“ на белградските солисти, имавме нова средба со солистите од **Софија.** Во прекрасната опера на Џакомо Пучини – „Боеми“, се најдоа исполнители од ист калибар, така што од многу добрите не знаеме за кого да кажеме дека бил одличен. Па сепак, по општо уверување, се определивме за тенорот Георги Чолаков, кој ја толкуваше улогата на поетот Родолфо. Тој, иако болен, се претстави како певец од голем формат. Истото може да се каже и за Благовеста Карнобатлова – Ми-ми. Јулија Винер, познавајќи ја како Елизабета од „Дон Карлос“ на Верди, во „Боеми“ како Мизета не го оправда своето реноме. Димитар Димитров – просечен Шонар, а Колин на Павел Герџиков сосема далеку од неговиот фах. Тој, Балада-та навистина ја исполни многу музи-

реноме, овој пат во „Кармен“, солистите на оваа оперска куќа со долгогодишна и мошне плодна, висока уметничка традиција, ни покажа ниво кое заслужуваше респект и општо внимание. За тоа особена заслуга му припадна и на диригентот Владимир Коблер.

Постојаниот, ценет и многу омилен гостин на Мајските оперски вечери, **Николае Херлеа** пак го имавме и на II „Вечери“ – како Фигаро во „Севилскиот бербер“ од Росини. Тој, заедно со своите колеги од **Опера романа,** Магда Јанкулеску (Розина), Валентин Теодоријан (Алмавива), Костантин Габор (Бартоло) и Николае Флореј (Базилио) – сите познати од некои поранешни претстави во Скопје, ни приреди една незаборавна вечер на разонода и хумор. Сè беше во стилот на авторот на текстот Бомарше и на ненад-

„Борба“ – Белград, 2.6. 1974

ИМПОЗАНТНА МАНИФЕСТАЦИЈА

„...Третите Мајски оперски вечери се импозантна манифестација... со некои од најистакнатите оперски уметници од Југославија и соседните земји Романија и Бугарија, вклучувајќи ги и гостите од Чехословачка... Резимирајќи го билансот на штотуку завршената манифестација, организаторите најчесто ја истакнуваат радоста поради големиот одзив на публиката, што ги надмина сите очекувања. Податокот дека за секоја претстава во просек се продадени меѓу 1 600 и 1 700 билети, доволно е уверлив да ги демантира сите оние кои минатите години ја сметаа приредбата за 'гол утопизам и простор за афирмирање на лични амбиции'“.

Павле Анагности

минатата жива, разиграна и недостижна мелодика на Џ. Росини. Играта во мизансценот небаре доаѓаше сама по себе – спонтано и логично. Се разбира дека Николае Херлеа беше централната личност и главна „ѕвезда“ на сцената. Константин Петрович и на сцена и долу пред себе имаше вонредно расположени актери и музичари за игра и музицирање, па според тоа, задачата си ја исполни на општо задоволство.

Претставите од вечер во вечер стануваа сè поинтересни, поатрактивни и со поголема уметничко -креативна моќ. Секако дека тоа зависеше и од делото што се игра и од протагонистите што го претставуваат. Тоа, бездруго, наведува на заклучок дека уметничките раководители на соодветните оперски куќи мошне сериозно го сфатиле учеството на „Вечерите“. Во таа лојална конкуренција се добива впечаток дека тие држат до угледот на својата куќа и до достоинството и реномето на своите музички уметници.

Од друга страна, пак, колективот на Операта на МНТ веќе по II МОВ го резервира почетокот на манифестацијата за свој термин и за настап на целиот ансамбл со обновена или премиерна претстава. Ако II Мајски оперски вечери започнаа со Глуковиот „Орфеј“, таа 1973 година тие завршија со „Аида“ од Џ. Верди. Тоа беше невиден спектакл, музичко–сценска атракција, која не може да се види на секој простор и амбиент. Може само во прочуената **Арена во Верона** или на некое друго место во светот за поголеми пари и на подалечно растојание. А „виновниците“ за таа уметничка кулминација, вокална и сценска, актерска и музичка, беа нашата прославена Лилјана Молнар – Талаиќ (Аида) и Умберто Борсо (Радамес) од Италија, па првенката на Операта на МНТ, Ана Липша – Тофовиќ (Амнерис), Октавијан Енигареско (Амонасро) од Романија и неговиот сонародник Михаил Глигор (Рамфис), како и другите солисти, хорот и балетот и особено оркестарот на МНТ. Таа вечер на 31 мај, меѓу сцената и гледалиштето на Универзалката, се воспостави вистински творечки контакт со над 2 000 посетители, љубители на оперската музика и балетот. Впрочем, можеби поради тоа, а и поради помпезноста на тоа дело од музичката драматургија, „Аида“ на Верди во последните години секогаш е на самиот крај на МОВ. Таа претстава, поради својот интернационален состав, секогаш е очекувана, па и сега се очекува на XX МОВ со посебно интересирање. Впрочем, интерес постои за секоја претстава, особено ако во неа гостуваат наши певци со меѓународна репутација. Некои од нив спомнавме, а другите ќе ги претставиме во понатамошниот преглед.

И така, по одржувањето на првите и вторите Мајски оперски вечери, дојде до целосно остварување на програмата, намерите и целта на таа толку возбудлива и со нетрпение очекувана приредба од голем број почитувачи на вокално–сценската и балетската уметност. МОВ станаа културен императив за градот познат по својата трагедија од 1963 година. Меѓутоа, Скопје, главниот град на Македонија, сега доживува една убава и среќна популарност на културен план.



„Севилскиот бербер“ со букурешките уметници Валентин Теодоријан, Магда Јанкулеску и Николае Херлеа (28.5.1973)

Третите мајски оперски вечери беа отворени пак со едно дело од подалечната револуционерна историја на Македонија, операта **„Илинден“** од Кирил Македонски. Од истиот автор беше и операта „Цар Самуил“ со која во 1972 година ги отворивме и ги започнавме I МОВ. Токму поради таа, исто така, историска драма тогаш имавме апстиненција на некои музичари (Бугари), вработени во оркестарот на МНТ. За жал, непријатностите не наидуваат сами. Поради „Илинден“, Анкара го откажа учеството на манифестацијата во „Продадена невеста“ од Б. Сметана, поради наводни „навреди“ за турскиот народ во либретото на „Илинден“ од К. Македонски. Организаторите ги решија без проблеми апстиненциите. Оркестарот во 1972 година беше пополнет со наши музичари, а место солистите од Анкара на 16 мај 1974 нивните улоги ги презедоа и достојно ги пресоздадоа сонародниците на Сметана – солистите од **Операта на Брно** (Чешкословачка): Ј. Покорна, Ј. Веверка, В. Крејчик, Жарко Цвеиќ (Белград), В. Максимовиќ (Белград) и диригентот В. Носек. Целата претстава течеше музички сигурно, сценски духовито, а интерпретацијата на увертирата ќе остане и остана во долго паметење.

„Вечер“, 31.5.1974

„РИГОЛЕТО“ – БУКУРЕШТ

*„И како што е редот, според поговорката дека 'крајот делото го краси' со 'Риголето' добивме уште еден драгоцен придонес кон реномето на оваа манифестација и тоа со имињата на солистичката екипа од Букурешт, со прочуениот **Николае Херлеа**. Од друга страна, атмосферата за овој настап... преку написи во нашиот дневен печат, радиото и телевизијата константно беше темпирана и анимирана, така што публиката беше наполно приготвена да консумира еден вонреден оперски спектакл“.*

Владо Чучков

Поминувајќи преку тој немил случај, дури и некоректен, веќе во наредната година Операта на МНТ и Девлет Опера од Анкара воспоставија вонредни заеднички односи и мошне добра соработка, која трае до денес.

На III МОВ треба да се одбележи настапот на **Милица Зечевиќ–Булубашиќ** од Сараево. Во тоа време таа беше трета Чо–Чо–Сан во светот, според конкурсот во Токио (Јапонија). Секако дека посетителите во Универзалката, сосема се уверија во класификацијата откако ја слушнаа и видоа Милица Зечевиќ–



Диригентот Олджих Пипек на 31.5.1973 пред почетокот на изведбата на „Аида“

Буљубашиќ во таа улога. Во „Мадам Батерфлај“ од Џакомо Пучини добар партнер ѝ беше нејзиниот сопруг Сеад Буљубашиќ во улогата на американскиот офицер Пинкертон. Маестро Иван Штајцер маестрално го водеше целиот ансамбл.

Рековме веќе дека **Операта на Словенечкото народно гледалишче од Љубљана** во поглед на изборот на претставите во кои гостуваат нивни солисти и со изборот на протагонистите покажува сè поголем респект кон манифестацијата. Тоа го докажа и самата изведба на „Севилскиот бербер“ од Џ. Росини на 18 мај 1974. Под диригентството на Миливој Шурбек, настапи и ненадминатиот до денес во улогата на Бартоло – **Ладко Корошец.**

Во балетот „Жизел“ од Адолф Адам (20 мај) гостуваа првенците на балетот на Народното позориште од Белград Душка Сифниос (Жизел), Лидија Пилипенко (Мирта), Раде Вучиќ (Алберт), Магдалена Јанева и Душан Симиќ. Се разбира дека тоа беа балетски уметници со совршена и добра балетска техника, музикални и со развиено ритмичко чувство. Со еден збор, сите беа вонредни толкувачи на своите улоги. Диригираше Ангел Шурев, еден од најдобрите југословенски диригенти за балетски спектакли.

На програмата се појави и Ансамблот за современа музика „Света Софија“, под диригентството на својот основач и уметнички раководител, Тома Прошев.

III мајски оперски вечери пак завршија со „Аида“ од Џузепе Верди. Божена Рук–Фочиќ (Аида), Никола Николов (Радамес) и Бисерка Цвеиќ (Амнерис) се најдоа на сценскиот подиум во Универзалната сала. За претставата да биде круна на манифестацијата се погрижи диригентот Олджих Пипек со својот сугестивен гест и диригентски манир.

По претставата се слушнаа следниве изјави и коментари:

„МОВ се среќно смислена манифестација, единствена од ваков вид. Не е ни чудно што со својата популарност, не само што ги мина границите на Југославија и Балканот, туку станува манифестација од европски карактер“.

„...Третите мајски оперски вечери ги оправдаа сите очекувања на основачот на оваа своевидна културна манифестација во СР Македонија“.

ЧЕТВРТИТЕ МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ се одржуваа во рамките на 30–годишнината на Македонскиот народен театар. Впрочем, да потсетиме дека I МОВ започна по повод 25–годишнината на Операта на МНТ. Меѓутоа, 3 април е еден значаен датум во најновата културна историја на македонскиот народ. Зашто, на тој ден за првпат во слободно Скопје е одржана претстава на македонски јазик. Македонецот слушна чиста и култивирана реч, виде и воспостави творечки контакти со своите актери. Значи, повод имаше за поголеми и посвечени моменти на „Вечерите“ во 1975 г. И, тие бездруго ги имаше. Покрај Средбата на МОН „Томче Грнчаровски“, која успешно и афирмативно се одвиваше, балетот „Легенда за љубовта“ од советскиот композитор Ариф Меликов на 11 мај 1975 беше спектакл даден со мошне атрактивна балетска игра во прекрасната, просто речено волшебна сценографија и костимографија на Евгениј Н. Лисик од СССР и, се разбира над сè, кореографијата на Анатолиј Ф. Шикера, исто така од СССР. Тоа беше претстава каде што уште на почетокот, со кревањето на завесата, очите и ушите на гледачот се генерално ангажирани во нејзините компоненти – визуелно и функционално ретко успешна декорација во која човечкиот фактор – балетскиот уметник, чувствува вдахновеност за еден покреативен играчки акт. За успехот на таа балетска постановка, голем придонес имаше диригентот Фимчо Муратовски.

Сите претстави што беа на репертоарот на IV МОВ, минаа сосема успешно. Меѓутоа, за скопјани, за луѓето од музичката култура и продукција, мошне пријатно изненадување беше настапот на музичките уметници, солисти на **анкарската Девлет опера,** во „Севилскиот бербер“ од Џ. Росини. Едноставно, тоа беше вистинско откровение. Таа вечер на 18 мај 1975 се сретнавме со добро уиграна екипа во која целосно доминираше Фигаро, толкуван од Мете Угур. Вонреден вокален интерпретатор и сценски надарен артист. Лесно подвижен и со ненадминат личен шарм. Угур ѝ даваше тон на целата претстава. Меѓутоа, во претставата немаше слаб солист. Пекин Киргиз (Алмавива), актер со големи пеачки можности. За него може да се каже дека поседува виртуозна техника, што се покажа особено во колоратурните делови на неговата партија. Ишик Курт (Розина) е тука некаде кај Пекин Киргиз, само што Киргиз е тенор! На мислење сме дека Ајхан Баран (Бартоло) и Хилми Гиргинкоч (Базилио) требаше да ги променат своите улоги. Таа претстава, од која

„Нова Македонија“, 4.6.1974

РАСТЕЖ, ПИПЕК, „АИДА“

„Мајските оперски вечери се манифестација, единствена во нашата земја по својот карактер и која од година во година го бележи својот сè поголем растеж“.

*

*„Водејќи ја претставата, **Олджих Пипек** покажа диригентско мајсторство од висока вредност, исполнето со жар и уметнички занес, кому ансамблите (оркестарот, хорот и балетот) му беа магично потчинети. Со своите уметнички квалитети, солистите од сцена во сцена со успех ги градеа ликовите што ги толкуваа со што многу придонесоа изведбата на операта 'Аида' оваа вечер да достигне максимално ниво“.*

Елица Тодорчевска

„Илинден“ – Георги Божиков (Делчев) со машкиот хор (9.5.1974)

останавме многу задоволни, ја водеше Сабахетин Календер.

Според делото и неговата музичка драматургија, стил и музички квалитети, па и според исполнителите, сите „Вечери“ имаа свое изведувачко ниво. Ние се задржуваме таму каде што има нешто да се каже во една или друга смисла, да се забележи, се разбира, добронамерно или со воодушевување да се зборува. Во тој критериум може да се најде и балетот „Дон Кихот“ од Л. Минкус со солистите од СССР – Наталија Филипова и Владимир Никонов.

Софиската опера по вторпат се претстави на манифестацијата со солисти во операта „Дон Карлос“ од Џ. Верди. Овој пат на диригентскиот пулт го имавме маестрото со светска репутација – Асен Најденов. На IV МОВ, во „Дон Карлос“ видовме двајца нови протагонисти – Филип II го толкуваше Стефан Еленков, а принцезата Еболи – Бојка Косева. Впечаток е дека замените на Николај Гузелев и на Адријана Стаменова се за нијанса послаби, особено во пеачката компонента. Хорот и оркестарот беа на високо европско ниво. Токму затоа претставата мошне спектакуларно се одвиваше.

Така, Мајските оперски вечери доживуваа необична еуфорија на сцената и во гледалиштето. Артистичноста и убавината на гласовите просто го ставаа посетителот во една несекојдневна расположба, особено пак на 31 мај 1975 кога во „Аида“ од Верди на сцената се појавија **Владислав Пјавко** и неговата сопруга, познатата **Ирина Архипова** во улогата на Амнерис. Партнер на Архипова и Пјавко им беше **Стела Аксарлис.** Операта ја диригираше Олџжих Пипек (Скопје). Она што се случи таа вечер во амфитеатарската сала на Универзалката, каде што се одржуваа МОВ до 1983 година, не може да се опише со зборови... Публиката од над 2 000 лица, аплаудирајќи, тргна кон сцената, свесно или не, како во некој емоционален делириум, искрено сакајќи да ги поздрави исполнителите. Таа невидена глетка траеше околу половина час. Капки студена пот уште повеќе се ронеа по изморените лица на артистите, но тие беа задоволни и среќни. Навистина беше убаво и пријатно да си музички уметник таа вечер или еден од организаторите на Мајските оперски вечери.

„Политика“ – Белград, 29.5. 1975

ПУБЛИКА

„Скопје не е единствениот наш град што има свој оперски фестивал, но Скопје е место каде, на речиси единствен начин кај нас, се негира инаку не реткото мислење дека операта, таква каква што е, и каква што традиционално ја знаеме, 'полека умира' и дека 'ни фестивалите такви какви што ги правиме' не можат да ја спасат од тоа. Во овие денови, имено, на скопските Мајски оперски вечери (9-31)... на претставите кои, сами по себе, не донесуваат откритија на оперската литература, на претставите веќе одамна на сите четири страни на светот популарни, се собираат 'просечно по илјада и петстотини души'; аудиториум кој, очигледно, кај нас нема конкуренти“.

В. Стефановиќ

До втората половина на 1975 година поради завршувањето на четиригодишниот мандат, доаѓа до промена на директорот на Операта и Балетот на МНТ. Мајските оперски вечери и нивниот континуитет, небаре западнаа во една неизвесна ситуација. Доаѓа март 1976 година, а сè уште ништо не се презема за одржувањето на таа прекрасна музичка манифестација, која публиката ја сака и цени. Благодарение на некои интервенции од партискиот

апарат во тоа време, сепак МОВ почнаа да се организираат на брзина и се одржаа. Се разбира, секоја година репертоарот и протагонистите колку што беше можно се менуваа и заменуваа. Токму таа 1976 година требаше Белградската опера со целиот свој колектив да ги затвори МОВ со грандиозното дело на Џакомо Пучини **„Турандот“** и балетот „Ана Каренина“ од Родион Шчедрин. Меѓутоа, и Белград, како Анкара порано, го откажа гостувањето. Тука се прекинува настојувањето МОВ да завршуваат со „Аида“ од Џ. Верди. Наместо „Турандот“ видовме три балети во изведба на белградските уметници.

Но, независно од посочените организациони и репертоарни проблеми, Операта на МНТ на 9 мај 1976. дава премиера на операта **„Травијата“** од Џ. Верди со **Павлина Апостолова** (во улогата на Виолета Валери), која на 9 мај во Универзалката доживеа успех што е близок до триумф на една повеќегодишна макотрпна музичко-сценска работа. Се разбира, секогаш различна во секоја нова претстава, таа на 9 мај на Виолета ѝ додаде нешто ново пеачки, нешто посмело актерски, со шарм соодветен на животот на прототипот на Виолета Валери – Мари Диплиси (Маргарет Готје) според романот на Александар Дима Синот „Дамата со камелии“. Публиката ја испрати протагонистката со големо одобрување. Бл. Николовски (Алфред) и Никола Митиќ (Жорж Жермон), гостин на претставата, придонесоа за општиот престиж на „Травијата“, а диригентот Александар Лековски се погрижи на интерпретацијата да ѝ даде еден посовремен печат, слобода на фразата со стриктно уважување на живиот човечки инструмент. Тоа навистина беше добар почеток на V МОВ.

Анкара, конечно по три години, се претстави на МОВ со солисти во „Продадена невеста“ од Б. Сметана, откако во 1973 година откажаа поради „Илинден“ од К. Македонски да допатуваат во Скопје. Меѓутоа, претставниците на Девлет Опера оставија блед впечаток. Инаку, интересно беше како турскиот литературен јазик звучи како превод врз нотно писмо.

Средбата на младите оперски надежи „Томче Грнчаровски“ продолжи да се одржува со добри резултати.

Македонската филхармонија, под диригентството на Перо Петровски, се претстави со мошне успешен концерт, а настапот на Ансамблот за современа музика „Света Софија“, со уметничкиот раководител Тома Прошев, ја продолжи успешната традиција како придружна форма на настапување на МОВ во Музејот за современа уметност.

Задржувајќи се на настапот на солистите од **Софиската опера** во „Севилскиот бербер“ од Џ. Росини бележиме дека тој беше под нивото на таа позната оперска куќа во Европа и нејзините оперски актери.

„Нова Македонија“, 16.5. 1975

НАДЕЖИ, МУРАТОВСКИ

*„Традиционалниот концерт на Младите оперски надежи што се одржува во рамките на Мајските оперски вечери и оваа година ни понуди низа интересни и успешни остварувања. Главната карактеристика на прикажаните интерпретации беше зрелиот пристап кон музичката проблематика што само по себе значи нови очекувања во иднина... Треба да се забележи дека диригентот **Фимчо Муратовски** имаше особено тешка задача обусловена од многу краткиот рок за подготовки... Гледајќи низ оваа призма, може да се каже дека тој успешно ја изврши својата улога. Инаку, неговата палка најповеќе дојде до израз во исполнувањето на предиграта кон операта 'Италијанката во Алжир' од Росини. Минуциозно изработените детали и динамиката во потполност ни ја доловија атмосферата на оваа творба“.*

Димитрие Бужаровски

Меѓународната средба на младите оперски надежи „Томче Грнчаровски“ – импресивна парада на таленти, идни ѕвезди на оперското небо Попа, Зубовиќ, Јевтовиќ, Димитров, Јераша, Тасиќ, Јанков... со управителот на МНТ Стоимир Поповски и диригентот Фимчо Муратовски (1974)

Звонимир Крнетиќ и Мирослав Чангаловиќ (Мефисто) во „Фауст“ (12.5.1974)

Единствена светла точка беше Михаил Ангелов на диригентскиот пулт.

На V мајски оперски вечери пак се сретнавме со **Николае Херлеа,** како толкувач на ликот на Скарпија во „Тоска“ од Пучини. Херлеа е еден од баритоните секогаш присутен на сцените во светот, а овде кај нас, чест гостин. Мислењето за него е исто, дури и попотврдено, од она за неговите досегашни креации на МОВ – Жорж Жермон во „Травијата“, Фигаро во „Севилскиот берберˮ, Риголето и Луна во „Трубадур“. Сепак, наше скромно мислење е дека улогата на Скарпија му нанесува штета на неговиот прекрасен глас.

И така, сè до 1984 година се работеше по примерот на таканаречената „изворна форма“ и содржина на МОВ, се разбира и натаму без јасни и добро осмислени кадровски и програмски ориентации. Се доби впечаток дека Мајските оперски вечери ни претставуваат тешко бреме. А од 1983 година се „ослободуваме“ и од Средбата на младите оперски надежи „Томче Грнчаровски“. Всушност, што се случуваше? Еден дел од членовите на Организациониот одбор на Мајските оперски вечери инсистираше да се зачува изворната форма на МОВ, на начин кој просто се вкамени од почетокот на манифестацијата. Меѓутоа, изворот се пресуши. Тешко можеше една оперска куќа, особено од Југославија, да комплетира состав на солисти, се разбира – добри солисти за настап на МОВ. Старите и познати музички уметници веќе беа во години, а млади не наидуваа. Она што ѝ се сервираше на публиката, веќе беше видено и чуено по неколкупати. Интересирањето престана и кај организаторот и кај консументот на културната продукција. А тоа значи дека немало смисла и иницијатива за постојано обновување со нови дела и нови протагонисти на таа чудесно замислена оперско-сценска презентација, која дава големи можности за една репертоарна и персонална трансформација. И токму поради тоа доаѓаше до затвореност и оправдана криза во организирањето на „Вечерите“.

Во 1977 година VI мајски оперски вечери се отвораат со операта **„Кармен“** од Жорж Бизе. Кармен ја толкуваше **Ана Липша–Тофовиќ,** Стојан Стојанов беше Дон Хозе, Димитри Мариновски Ескамилио, а Искра Божиновска Микаела. И епизодните улоги ги играа мошне успешно солисти од Скопската опера. Диригираше Александар Лековски. Тоа, како и секогаш кога е во прашање делото на Жорж Бизе, беше добра претстава со низа спектакуларни моменти.

Солистите на **Операта од Нови Сад** добро се претставија во „Севилскиот берберˮ од Џ. Росини. Мошне забележлив беше тенорот В. Куцуловиќ во улогата на грофот Алмавива. Имре Топлак пак ги потврди своите диригентски способности и квалитети покажани на минатите настапи на МОВ.

Љубљанчани се вклопија во режисерската постановка на „Трубадур“ од Џ. Верди, Софија во „Љубовната напивка“ на Гаетано Доницети, Сараево се претстави со „Тоска“, Анкара со „Травијата“ од Верди, Белград со „Боеми“, а на 24 мај 1977 имавме едно спектакуларно претставување на солисти од **Букурешката опера,** повторно во „Риголето“. Насловната улога, комплетно, може слободно да се заклучи – маестрално, ја оствари постојаниот и секогаш почитуван гостин на МОВ, Николае Херлеа.

Пројавената флексибилност во програмската физиономија на манифестацијата преку пронаоѓање можности и отстапување термини за целосни оперско-балетски гостувања на други колективи од земјата и странство, отвора нови перспективи во збогатувањето на културно-музичкиот живот на Скопје. Во таа насока, на 29, 30 и 31 мај 1977 година се оствари целосно договорената реципрочна соработка со **Големиот народен театар од Лоѓ** (Полска). Тој музички театар, познат во Европа со своите гаст–роли, особено на балетскиот ансамбл со кореографиите на Витолд Борковски, на VI мајски оперски вечери и на своето прво гостување во Скопје ни презентираа интересен репертоар – **„Орфеј“** од Клаудио Монтеверди, балетот **„Гајане“** од Арам Хачатуријан и националната опера **„Халка“** од С. Моњушко. И така, таа 1977 година имавме „Вечери“ на сите оперски куќи од Балканот, со исклучок на Атина и Тирана. Програмата беше интересна и богата, а стилски нè водеше од Монтеверди, па преку Моњушко до Арам Хачатуријан, со комплетни костимографски добро опремени ансамбли и со многу добрите диригенти Богуслав Мадеј и Тадеуш Козловски. Имавме сè, само таа година ја немавме „Аида“ на Џузепе Верди, како круна на „Вечерите“. Но, не можеме да замижиме пред фактот дека VI МОВ донесоа нешто ново и значајно. Меѓутоа, имаше и доста старо и познато на публиката од гостувањето во МНТ или во Универзалката.

Таа 1977 година потврди дека меѓу бројните музички манифестации што се одржуваат во нашиот

„Нова Македонија“, 30.5. 1975

ОРКЕСТАР

„За оркестарот само убави зборови. Овој малуброен ансамбл, кој го носи бремето на целиот Мајски фестивал, оваа вечер (претстава 'Трубадур' со гости од Букурешт) оствари вонредна интерпретација (особено се покажаа со чистото свирење лимените инструменти – трубите посебно) за што секако е многу заслужен авторитетот на диригентот Корнел Траилеску“.

Елица Тодорчевска

„Нова Македонија", 20.5.1976

„СЕВИЛСКИ БЕРБЕР" – СОФИЈА

„Тоа беше таква екипа на певци (Никола Василев, Марија Димчевска, Павел Герџиков, Стефан Селников, Павел Куршумов и Бојка Косева) која во една смисла претставуваше строго изедначен ансамбл по начинот на пеењето, уметничките погледи, приметливи дури и во интерпретирањето на нијансите во делото... (при) што со помош на живата творечка емоција на вокалните солисти беа откривани неисцрпните богатства на нијансите на звукот со наполно совладаниот работен механизам на гласот".

С. Голабовски

културен простор, МОВ со својот специфичен програмски профил заземаат посебно место. Токму затоа, и тогаш и денес, во комплексот на културните збиднувања во Македонија, Операта и Балетот на МНТ, со од нив организираната манифестација МОВ, претставуваат едно културно жариште од каде што виорат пламените на домашната и странската музичко-сценска драматургија; од каде што човекот се воспитува театарски а идејно-естетски се доизградува. Денес не е можно да се замисли македонската културна стварност без она што пред 45 години започна на една чисто љубителска база, со ентузијазам и личен самопрегор – продукцијата на музичкиот театар во Скопје.

Се чини дека VII мајски оперски вечери имаат осетно паѓање. Репертоарот се повторува. Скопје ги отвора „Вечерите" со „Бал под маски" од Верди, а Загреб на 25 мај 1978 година со свои солисти гостува во истата опера! Бездруго дека такво нешто се прави и е пожелно ако има добри певци и уште подобри диригенти. Меѓутоа, бевме сведоци на две сосема изедначени актерски и музички постигања.

Кон „Палјачи" од Руџеро Леонкавало на **„Вечерта на Букурешката опера"** ѝ се додава балетот „Валпургиска ноќ" од операта „Фауст" на Шарл Гуно во изведба на балетот на МНТ. Познато е дека „Палјачи" ретко одат без „Кавалерија рустикана" од П. Маскањи, па оттука сосема е јасна тенденцијата на организаторите дека потегот е свртен кон музичките и актерски квалитети на одличниот Николае Херлеа. Неда ја пееше Елена Симионеску и беше многу добра, како и Канио на тенорот Флорин Фаркаш. Хорот и оркестарот беа извонредни под водството на Константин Петрович.

Балетот со солистите Јагода Сланева, Марин Црвенов, Екрем Хусеин и Лилјана Баталакова, како и секогаш – на високо ниво. Диригент: Александар Лековски.

Средбата на младите оперски надежи и понатаму продолжуваше. Имаше добри и многу добри млади вокалисти со добра перспектива. Слаби, речиси, немаше, и покрај тоа што критериумот на комисијата беше многу строг.

„Вечерите" во својот почетен изворен назив продолжија во 1978 г. На VII мајски оперски вечери веќе се чувствуваше, по настапот на солистите, дека Балканот станува недоволен простор за избор на протагонисти – носители на главниот, во прв ред вокален товар на манифестацијата, па МОВ започнуваат да се отвораат кон **Европа.** Се разбира дека тоа „отворање" започна и порано – со Будимпешта, Лоѓ и тоа на реципрочна база или пак со плаќање на добри динарски хонорари. За девизна трансакција не можеше збор да стане. На организаторот, нашите и источноевропските музички уметници, секогаш од материјална гледна точка, им одговараат, но тоа, гледајќи од аспект на креативноста, не е најуспешен контакт иако многу оперски певци од Исток денес просто го владеат сценскиот простор во светот со своите креативни и особено гласовни потенцијали.

На ред беа VIII мајски оперски вечери. Таа 1979 година Операта и Балетот на МНТ го подготвија за почеток на „Вечерите" познатото оперско дело на Шарл Гуно **„Фауст".** Под диригентство на Ангел Шурев, во изведбата доминираа според сите барања на оперската уметност, Паулос Раптис (како д-р Фауст), Георги Божиков (Мефисто), Анастасија Димитрова (Маргарета) и младиот баритон Миомир Тасиќ (Валентин).

Софија, откако двапати се претстави во вонредно издание со своите солисти во „Дон Карлос" (1972 и 1973), на 11 мај 1979 во „Травијата" ги запознавме Алфред Жермон на Калуди Калудов, млад и многу надежен певец, еден од Средбата на МОН „Томче Грнчаровски" – денес меѓу првите тенори во Европа, и Виолета на познатата на нашата публика Благовеста Карнобатлова. Жорж Жермон на Никола Василев – убедлив актерски, музички и сценски, остави незаменлив впечаток. Пријатно изненади со својата диригентска способност, мануелна техника и музичка надареност Недјалко Недјалков.

Од **Лоѓ** (Полска) на 13 мај имавме четири солисти во операта „Кармен" од Ж. Бизе, први протагонисти во солистичкиот состав на Големиот театар: Хенрик Клосињски (Дон Хосе), Алиција Павлак (Кармен), Јежи Јадчак (Ескамилио) и Делфина Амброжак улогата на Микаела. Сите наведени солисти на најдобар начин ја демонстрираа полската вокална школа и музикална прецизност. Претставата, под диригентската палка на Тадеуш Козловски, имаше мошне разигран и спонтан тек. Солистите, хорот и оркестарот функционираа извонредно.

Солистите од **Сараево** на 15 мај во ансамблот на скопскиот колектив ги пополнија и исполнија следниве ликови во „Трубадур" од Џ. Верди: Гроф Луна – Борислав Александров, Манрико – Иван Христов, Елеонора – Радмила Тодоровска, драмски колоратурен сопран, Ацу-

Анкарски оперски уметници на 16.5.1974 гостуваа во изведбата на „Продадена невеста"

чена – Маргит Томик, и Ферандо – Васил Марчев. Добри солисти со млад полетен диригент. Во целина добра, солидна претстава. Само да додадеме дека диригентот Мирослав Хомен има голем придонес за општиот ефект.

Во „Тоска“ гостуваа солисти од **Нови Сад.** Импозантен впечаток остави Романецот Октав Енигареско како Скарпија. Тоска на Марија Алпар–Тунтев (извонреден глас) и Шиме Мардешиќ со својот спинто тенор, ариите од I и III чин на операта ги исполнија на општо задоволство на публиката. Истото заслужено внимание доби и аријата на Тоска во II чин. Диригентот Имре Топлак секогаш прецизен, совесен и одговорен на своето „работно место“.

За првпат, барем на МОВ, на 21 мај 1979 ја реализира на високо креативно ниво насловната улога во „Норма“ од Белини, омилена партија на Марија Калас, која на таа опера ѝ даде сценски живот. Р. Бакочевиќ, со своите колеги Звонимир Крнетиќ – Полион, Дубравка Зубовиќ – Адалџиза, инаку учесник на Средбата на младите оперски надежи, и Александар Ѓокиќ – Оровез, ѝ даде на претставата атрактивен тек и целосен спектакуларен облик. Се разбира дека на една таква претстава со суперлативни епитети, публиката не можеше да остане рамнодушна. Така, ансамблот (хорот и оркестарот), како и диригентот Душан Миладиновиќ, беа штедро наградени со бурни ракоплескања.

„Нова Македонија“, 13.5. 1978

ЕФТИМОВА, ГУГУЛОВСКИ

*„...Тоа беше љубопитството да ги чуе вокалните интерпретации на своите сонародници, мецосопранот Милка Ефтимова и тенорот Симеон Гугуловски кои веќе подолг период се во Љубљанската опера... **Милка Ефтимова** во ликот на таа страсна Кармен беше она што само може да се посака на сцената. Располагајќи и манипулирајќи со вонредно здравиот голем и кадифест глас, кој е одлично изедначен во сите регистри, пријатната сценичност, жестокиот темперамент, естрадноста и вонредната музикалност беа елементите со кои таа покажа дека е расен сценски уметник... **Симеон Гугуловски** () ја толкуваше улогата на Дон Хозе чиј лик го водеше низ трансформацијата од чесниот дисциплиниран водник до безумниот акт, пластично и пејачки сигурно. Имавме пред нас тенор кој пее со целата своја душа, сензибилитет и музикалност“.*

Милан Фирфов

За првпат во Скопје се запознавме со солисти на **Државната опера од Осло** (Норвешка). Тие, без носител на главната улога, гостуваа во операта „Дон Карлос“ од Џ. Верди. Насловната улога ја пееше тенорот на Операта на МНТ Симеон Гугуловски, гласовно убедливо и со јасни актерски настојувања за една покомпактна игра со гостите од Осло. Секако дека во таа претстава на 19 мај 1979 Гугуловски во секој поглед беше меѓу најдобрите на сцената. Од операта од Осло настапија: Филип II беше толкуван од басот Алмар Хеген; Родриго го играше Кнут Скрам; Елизабета – Мирјана Данчуо, а принцезата Еболи мецо-сопранот Веса Хансен. Големиот инквизитор, мошне тешка партија за бас, снажно и робусно ја исполни Одбјерн Тенфјорд, особено во дуетот со Алмар Хеген, носителот на улогата на Филип II. Диригент: Зденко Пехарда.

По двата спектакуларни настапа на солисти од Софиската опера, се чини дека секаква споредба е излишна. Зашто, „Дон Карлос“ на солистите од Софија, и првиот и вториот пат, беше на спектакуларно ниво, а настапот на певците од Осло за нас добро запознавање за евентуална меѓусебна соработка до која не дојде. Радмила Бакочевиќ – Бездруго дека таа 1979 година VIII МОВ имаа еден извонреден програмски профил, а покрај присуството на солисти и диригенти од сите оперски куќи во Југославија, Анкара, Букурешт и Софија, дојде и гостувањето на солисти од Државната опера од Осло со диригент.

ДЕВЕТТИТЕ МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ се одвиваа во рамките на јубилејот **35 години Македонски народен театар.** Токму затоа во програмата се најде и претстава на Драмата на МНТ: **„Женидба“** од Н. В. Гоголь во режија на Бранко Ставрев. „Вечерите“ почнаа на 11 мај со настап на **загрепски** оперски уметници во „Боеми“ од Пучини, а манифестацијата беше одбележана со Росиниевиот **„Севилски бербер“** (13 мај) во изведба на солистите на **Операта на МНТ.** Бравурозната, музички сигурна и извонредна игра на Паулос Раптис (Алмавива), Анастазија Низамова (Розина), Миомир Тасиќ (Фигаро), Бранимир Стевановиќ (Бартоло) и Георги Божиков (Базилио) ја создаде претставата што одлично ја водеше диригентот Александар Лековски, беспрекорно соработувајќи со актерите, оркестарот и хорот.

Немаше ништо поубаво врз сижето на генијалниот Бомарше и ненадминатиот мелодичар Росини, да се следи потоа уште погенијалниот текст на Гоголь. Публиката, онаа што ги гледаше двете претстави, неизнасилено се забавуваше со прекрасната игра на актерите и пејачите, со текстот кој мирисаше на сатира и хумор, со музиката на Росини која гали и развеселува.

На програмата на МОВ (15 мај) повторно се најдоа солисти од **Лоѓ,** овој пат во „Дон Карлос“ од Џ. Верди. На 18 мај првенците на **Новосадската опера** пееја во „Паљачи“, а солистите на **Операта на МНТ** играа во „Каваларија рустикана“. Убав и интересен „натпревар“ на две солистички екипи во иста вечер. Операта „Набуко“ од Џ. Верди беше на располагање на пејачи од **Софија** и на диригентот Руслан Рајчев. Во оваа претстава на „Набуко“ доминираше денес светски водечкиот драмски сопран **Гена Димитрова** (Абигаила). **Анкарската Девлет опера** се претстави со солисти во „Травијата“ од Верди, а **Белград** ги стави на располагање своите солисти за претставата на „Мадам Батерфлај“ од Пучини со диригентот Борислав Пашќан, додека **Љубљана** по вторпат на МОВ дојде со солисти за „Риголето“. Притоа диригентот Цирил Цветко првпат се појави на пултот во Универзалката. Како интерпретатори на ликовите во „Фауст“ од Гуно се најдоа солисти од **Букурешката опера** со диригентот Луцијан Анка. На 28 мај 1980 година ја видовме **премиерната изведба на балетот „Лабин и Дојрана“ од Трајко Прокопиев,** во кореографија на Олга Милосавлева. Операта „Кармен“ од Ж. Бизе беше изведена на крајот од „Вечерите“ со интернационален состав на солисти.

На настапите на солисти од разни места, овој пат го изоставивме коментарот, зашто имаше сосема

Прославениот Ладко Корошец како Бартоло во „Севилскиот бербер“ (18.5.1974) со Иван Санцин

Диригентот Ангел Џурев ја диригира „Жизел“ на 20.5.1974

мал број солисти, па и креативни можности што заслужуваат да се истакнат. Во поголем дел сè е видено и познато на МОВ. Тоа не значи дека претставите не беа на ниво. Напротив! Меѓутоа, само би повторувале некои веќе кажани оценки. Средбата на младите оперски надежи „Т. Грнчаровски“ и натаму функционира во најдобар ред.

Манифестацијата Мајски оперски вечери откако е основана, не може да се каже дека на македонското музичко творештво, особено на сценското, не му даде заслужено место во десетгодишното постоење. Еве и на ДЕСЕТТИТЕ МОВ ударно место зазема операта **„Кузман Капидан“** од **Трајко Прокопиев.** Со таа опера свечено беа отворени X мајски оперски вечери. Тој автор беше застапен и на IX МОВ со балетот „Лабин и Дојрана“. Операта „Кузман Капидан“ ја диригираше Томислав Шопов. Целиот колектив на Операта и Балетот на МНТ, од кревањето на завесата до крајот на претставата, дадоа сè од себе – вокално, сценско-актерски и музички, свесни дека таа вечер беше свечена од две причини – почеток на Десеттите „Вечери“ и фактот дека се создаде уште едно сценско дело од македонскиот драматуршки опус, дека музичката култура на Македонија се збогати со уште една партитура од македонски автор. „Кузман Капидан“ беше изведен и во Тетово, се разбира во рамките на МОВ.

Лоѓ (Полска) на 12 мај 1981 година, врз веќе создадените солидни реципрочни односи на музички актери и диригенти, испрати тројца протагонисти за учество во „Травијата“ од Верди – Данута Салска (Виолета Валери), Тадеуш Копацки (Алфред Жермон) и баритонот Владислав Малчевски (Жорж Жермон). Заедно со диригентот Тадеуш Козловски, добар, распеан состав.

Во оперите „Кавалерија рустикана“ од П. Маскањи и „Паљачи“ од Р. Леонкавало, на 14 мај 1981, солистичките партии ги исполнија афирмирани солисти на **белградската оперска куќа** – Радмила Бакочевиќ, Звонимир Крнетиќ, Владета Димитриевиќ во „Кавалерија рустикана“, а во „Паљачи“ настапија: Радмила Смиљаниќ, Стојан Стојанов, Душан Поповиќ, Миливој Петровиќ и Горан Глигориќ. Диригираше Николај Жличар.

Таков состав во двете опери, со хорот и оркестарот на МНТ, гарантираше успех на светско ниво. Така и беше таа вечер.

Орхан Танрикулу, диригент со истанчен музичко-естетски вкус, на 21 мај 1981 ги водеше своите солисти од **Анкара,** во операта „Норма“ од Винченцо Белини: Јилдиз Тумбул во насловната улога, Џемаиле Киици (Адалџиза), одличен висок мецо-сопран, Јашар Езгин во улогата на Оровез, Ќамил Сокмен (Полион) и Шебнем Саригул, која ја играше Клотилда. Ќамил Сокмен, од непознати причини, беше под нивото на своите колеги. Диригентот Орхан Танрикулу со еден мошне лежерен, но сугестивен замав, добро ја водеше претставата. Хорот и оркестарот и на таа претстава ја покажаа својата одговорност и уметничка дисциплина.

На 23 мај, „боемите“ во истоимената опера на Пучини, протагонистите од **Љубљанската опера** Рајко Коритник како поетот Родолфо, Стане Коритник – сликарот Марсел, Јака Јераша – музичарот Шонар, Иван Санцин – филозофот Колин, нивните пријателки Мими (Олга Грацељ) и Мизета (Соња Хочевар) и епизодисти од Операта на МНТ, под диригентството на Ловренц Арнич, ни претставија една добродушна и весела атмосфера со трагичен крај, која ретко се заборава со такви исполнители.

Во „Љубовна напивка“ од Гаетано Доницети на 26 мај 1981 првите улоги ги пееја и играа солистите од **Операта на ХНК од Загреб.** Во убавиот и идиличен амбиент, со веселата атмосфера и разиграност од хорот, солистичките партии ги пееја: Мирјана Боханец (Адина), Неморино го интерпретираше одличниот тенор Крунослав Цигој, а пак Дулкамара – Борис Вајда. Симпатично остварување донесе Гордана Мариќ во нејзината мала но ефектна ролја. Исто така, забележлив беше и Белкоре на Златко Фоглар.

За првпат на МОВ учествуваа солисти од **Темишварската опера** од Романија со свој диригент во постановката на „Набуко“ од Џ. Верди. Како дејствувачки лица се појавија: Адријан Марчу во насловната ролја; Николае Стан (Исмаел); Димитрие Георге Сара (Закарија) и сопранот Елена Бранистру – Василе, која ја толкуваше тешката ролја на Абигаила. Диригираше Петру Ошаницки. Другите улоги ги играа солистите на Скопската опера Анастазија Низамова – Мухиќ, Бранимир Стевановиќ и Светлана Дон-

„Нова Македонија“, мај 1979

БАКОЧЕВИЌ, ЗУБОВИЌ

*„Во амбиент каков што може само да се посака, гостите од Белград имаа вонредна можност да ги покажат своите квалитети. Судејќи по бурните аплаузи на публиката со кои беше проследена нивната сценска игра, тие во тоа наполно успеаја... **Радмила Бакочевиќ** настапи во насловната улога на Норма, лик во кој ги покажа сите раскошни можности на својот пејачки и артистички талент. Во карактерот на овој лик таа проникна длабоко и студиозно, прикажувајќи го пластично и уверливо со сета своја сценска убавина... Вдахновената игра на Радмила Бакочевиќ беше поттик и младата **Дубравка Зубовиќ** да го даде својот максимум. Во ликот на Адалџиза таа ги вгради физичката убавина и можностите на оформена оперска пејачка, која сè повеќе се наметнува со силата на својот осведочен пејачки талент“.*

Јане Коџабашија

„Политика“ – Белград, 17.5.1979

„КАРМЕН“ – ЛОЃ, КОЗЛОВСКИ

*„Оперската куќа од Лоѓ пријатно нè изненади со претставата 'Кармен'. Тоа е една од најмладите ако не и најмлада оперска куќа во Европа, а има две убави особини: младешки полет и веќе определена мера на зрелост. За диригентот **Тадеуш Козловски** може да се зборува само во суперлативи. Уште сосем млад, со големо познавање на работата со која се занимава, тој извонредно ги води оркестарот, хорот и солистите“.*

Б. Божовиќ

ковска. Темишварската опера, куќа со постара традиција во романската музичка култура, таа вечер на 28 мај со своите солисти или немаа „своја вечер“ или пак уметничкото раководство направило просечен избор за манифестацијата.

Десеттите мајски оперски вечери на 31 мај 1981 беа завршени со еден интернационален состав на солисти од Скопје, Софија, Атина и Прага во „Севилскиот бербер“ од Росини. Од Операта на МНТ се појавија Анастазија Мухиќ (Розина) и Паулос Раптис (Алмавива), потоа Андреас Колумбис (Фигаро) од Атина, Павел Герџиков (Бартоло) од Софија и од Прага Јарослав Хорачек како Базилио. Со своите гласовни и сценско-уметнички таленти, секој за себе претставуваше музички портрет, а сите заедно галерија од ликови, се разбира со Берта на Славка Михајлова и Спирос Куфојанакис во улогата на Офицерот. Таа, жива и динамична претстава беспрекорно ја водеше Фимчо Муратовски.

На 9 мај 1982 година XI мајски оперски вечери започнаа со популарната опера „Набуко“ од Џ. Верди, обновена, но со веќе познатите певци – Димитри Мариновски во насловната улога, Анастасија Димитрова (Абигаила), Симеон Гугуловски (Исмаел), Анастазија Низамова-Мухиќ (Фенена), Георги Божиков (Закарија), Бранимир Стевановиќ (Големиот свештеник), Светлана Донковска (Ана) и Јордан Тодоровски (Абдало). Претставата ја диригираше Томислав Шопов.

На 13 мај имавме убава прилика за нова средба со „Травијата“ од Џ. Верди. Во ролјата на Виолета за првпат се сретнавме со **Фофи Сарандопулу** и со тенорот Димитри Стефани. И двајцата убави, школувани гласови, но со сиромашна сценска дарба. Алфред на Стефани нешто поубедлив од актерскиот дострел на Фофи Сарандопулу. Андреас Колумбис, оперски певец од Грција, е првиот Грк што се појави на МОВ директно доаѓајќи од неговата земја. Стела Аксарлис, исто така Гркинка, која учествуваше на IV МОВ (31 мај 1975) дојде од Австралија. Диригираше мошне коректно Алексос Симеонидис. Тоа беше прва вечер на солисти од **Атинската опера.**

Некаде во текстот забележавме дека некои личности од Организациониот одбор на МОВ, реципрочниот однос не го прифаќаа ниту го препорачуваа за размена, зашто таа форма на соработување го осиромашува квалитетот на претставите, уметничката вредност на солистичкиот состав, ако еден солист не е на нивото на другите исполнители. Тоа тврдење се покажа како точно. Ние веќе претходно говоревме дека оперите „Кавалерија рустикана“ и „Паљачи“ многу ретко се претставуваат како целовечерна претстава само со едното или другото дело; второ – не може на една музичка манифестација, каква што е МОВ, односно недопустливо е да се игра само едната опера, во конкретниот случај „Кавалерија рустикана“, само и само да се исполнат некои обврски. Но, за тоа при некоја друга прилика.

„Вечер на солисти од Нирнбершката опера“, а во неа само двајца од Нирнберг и тројца од Операта на МНТ! Ако се стави и диригентот Рајнхарт Петерсен, тогаш доаѓа пола на пола. Меѓутоа, гостите Јоана Лоте-Фет (Сантуца) и Шандор Ариш (Туриду) се погрижија да нè уверат дека не се без вокално-актерски квалитети. Диригентот Петерсен, исто така, ги покажа своите позитивни диригентски особини со „Кавалерија рустикана“.

Операта „Дон Карлос“ од Џ. Верди со колективот на Операта на МНТ и солисти од **Варшава,** ни се претстави на 18 мај 1982 под диригентско водство на Томислав Шопов. Ликовите во таа опера ги носеа првите оперски артисти на Варшавската опера и тоа: насловната улога Роман Венгжин; Филип II – Јежи Остапјук; Родриго – Анџеј Хиолски; Големиот инквизитор – Георги Божиков; Елизабета – Барбара Загужанка и Принцезата Еболи – Кристина Шостек – Радкова.

Епизодните улоги беа исполнети од солисти на Скопската опера. Варшавјаните се претставија со прекрасни вокални можности, сценска уиграност и шарм.

Анкарската опера дојде со сите солисти во операта „Љубовна напивка“ од Г. Доницети: Нурдан Изар – Дилмач (Адина), Едип Арман (Неморино), Дева Чолакоглу (Белкоре), Јашар Езгин (Дулкамара) и Танжу Небол (Џанета). Сите учесници без исклучок беа извонредно музички, во Доницетиев стил подготвени и сигурни што им даваше можност да покажат богат и логичен мизансцен со многу вкус и чувство за хумор. Диригентот Орхан Танрикулу, навикнат на своите луѓе и тие на него, претставата сосема солидно ја водеше.

По комичната опера на Доницети, програмата на МОВ ни понуди уште еден оперски опус од тој жанр – „Севилски бербер“, со одличните солисти на **Белградската опера:** во улогата на Фигаро – Слободан Станковиќ, подвижен, актерски на завидно ниво, а пеачки – неприкосновен; Розина на Гордана Јевтовиќ, во тоа време извонреден лири-

„Боеми“ – Загреб: Златко Фоглар, Коста Малевски, Борис Ваида, Адалберто Матешиќ и Миљенко Грозданиќ (24.5.1974)

ко-колоратурен сопран, Розина само каква што може да се посака; Гроф Алмавива на Предраг Протиќ, партија бравурозна и тешка што тој ја совлада без тешкотии. Интересен и сценско-музички комплетен беше Бартоло на Небојша Маричиќ, а за Живан Сарамандиќ може да се заклучи дека е роден Базилио. Мошне добра претстава, на високо уметничко и стилско ниво водена од диригентот Душан Миладиновиќ.

Под диригентство на Константин Петрович, **Операта од Букурешт** ни се претстави со солистите Емил Јурашку (Гроф Луна), Флорин Фаркаш (Манрико), Елена Дима (Леонора) и Јулија Бучичеа (Ацучена). Другите улоги во „Трубадур" ги исполнија: Ферандо – Бранимир Стевановиќ, Инес – Славка Михајлова, и Руис – Лазар Белевски. Тоа беше претстава на љубовни страсти и ветувања, на внатрешни емоционални преживувања и немири, на одмазда до триумф на истата. Извонредниот солистички состав со диригентот К. Петрович, како претставници на романската вокална школа преку своите динамички сенчења, преживувања потпомогнати и од самата музика на Верди што така јасно ги предава карактерните својства и црти на секој лик, со убавото и смирено актерство, предадоа односно остварија сценски ликови за пример.

За првпат на сцената во Универзалната сала гости на МОВ на 27 мај 1982 беа солисти на **Операта од Будимпешта.** Еден солиден квартет на истакнати солисти како што се Дон Хосе на Балинт Хорваќ, Кармен на Катлин Месеј, Ескамилио на Шандор Шојом – Наѓ и Микаела на Вероника Кинчеш. Останатите улоги ги играа актери на операта на МНТ: Бранислав Попгеоргиевски, Милка Вукичевиќ, Славка Михајлова, Гога Трајанов, Јордан Тодоровски и Драган Шојлев. Иштван Денеш

„Вечер", 1.6.1979

„БОЕМИ" – БУКУРЕШТ

„По сите овие бурни години на МОВ, што донесоа задоволства, но и тажни потпросечности, гостувањата на оперските уметници од Романија биле секогаш во центарот на вниманието... така што плејадата врвни пејачи, на чело со веќе легендарниот ***Николае Херлеа,*** *биле дочекувани со почит, огромно внимание и љубов... Бевме сведоци на пејачко-артистичките достигања на гостите од Романија, што веднаш можеме да ги прогласиме за многу добри, дури и извонредни, и покрај неколку несоодветности, што придонесоа претставата како целина сепак да не биде врвна".*

Владо Чучков



Вера Бердовиќ и Душан Бугарин од Нови Сад во „Травијата" на III МОВ (26.5.1974)

добро ја водеше претставата, особено во II чин.

На 29 мај имавме **„Вечер на солистите на Софиската опера".** Од солистите за првпат во Скопје во ролјата на Фауст се појави тенорот Здравко Гаџев. Мораме веднаш да се согласиме дека тој ја испеа партијата не така префинето, рафинирано, како што бара таа улога. Благовеста Карнобатлова (Маргарета), лирски сопран и Никола Василев (Валентин) не ги променија позитивните впечатоци од поранешните гостувања, напротив само ги потврдија. Борис Хинчев, надарен диригент, ја водеше претставата „Фауст" со одлично познавање на партитурата и сигурна мануелна техника.

Мајските оперски вечери во 1982 година, за радост на посетителите, „Аида" од Верди ја имаа на последната вечер. Составот, што се однесува од првите улоги навистина имаше репрезентативен карактер: Љиљана Молнар – Талаиќ (Аида), Златомира Николова – Пухар (Амнерис), Виктор Бушљета (Радамес), нашите басисти Бранимир Стевановиќ (Фараонот) и Бранислав Попгеоргиевски (Рамфис). Со таа екипа ја имаме ненадминатата во тоа време Аида. Го имаме еден од најдобрите драмски тенори – Виктор Бушљета, малку статичен, но со божествен глас. Тука е и одличниот Никола Смочевски во ролјата на Амонсаро, кој фасцинантно делува на сценскиот простор. „Аида" ја диригираше Јован Шајновиќ од Загреб.

Тоа беше крајот на XI мајски оперски вечери, тоа беше 31 мај 1982 година кога манифестацијата за последен пат се одржа во Универзалната сала. Мора да се признае дека таму скопјани го доживуваа сето она што беше најубаво од Мајските оперски вечери.

На 9 мај 1983 Мајските оперски вечери најдоа свој локалитет, свој нов дом во сè уште незавршениот објект на Македонскиот народен театар. На прекрасната и функционална сцена, макар што сè уште не беше предадена целата техника и освоена од нашите технички работници, декорот за „Трубадур" од Верди беше поставен, се чекаше отворањето, кое не беше она традиционалното, на XII МОВ. Честа да го започнат им се падна на колегите од **Белград.** На таа „Вечер на солистите на Белградската опера" настапија: Никола Митиќ (Луна) во тоа време во одлична пеачка форма; Звонимир Крнетиќ (Манрико) исто така, но по вокален фах не ѝ припаѓа на таа група спинто, па дури и драмски гласови; Милка Стојановиќ (Леонора) – партија не пишувана за нејзиниот глас; Ацучена со Бреда Калеф и Ферандо со Живан Сарамандиќ. Целиот тој состав во тој период имаше големо меѓународно реноме и лична афирмација. Епизодните партии ги исполнија солистите на Операта на МНТ, Славка Михајлова (Инес), Јордан Тодоровски (Руис) и Никола Ташевски (Стариот Циганин). Диригент: Николај Жличар.

На 11 мај 1983 година се одржа ПОСЛЕДНИОТ КОНЦЕРТ на победниците **од Меѓународната средба на младите оперски надежи „Томче Грнчаровски".**

На првата аудициона „Средба" акомпанираа Снежана Атанасова – Чадиковска и Татјана Огненовска. На 11 мај, придружувани од оркестарот на Операта на МНТ, пееја следниве млади певци: Миомира Витас – Белград, Дијана Хиље – Загреб, Зринко Сочо – Загреб, од Софија: Румана Коџабашова и Михаил Фердотов, а од Скопје – Лидија Митровска.

Со Атина соработката продолжува и се проширува, не на реципрочна база, туку на обични контактни гостувања. Така, на пример, на 15 мај 1983 имавме непополнета со протагонисти „Вечер на солисти од Атинската опера“, во операта „Севилскиот бербер“ од Џ. Росини. Во неа од Грција учествуваа Андреас Колумбис – Фигаро, познат на нашата публика од повеќе настапи на МОВ, Фофи Сарандопулу, по Виолета во „Травијата“, имавме задоволство да ја чуеме како Розина, и Темис Сермие – Бартоло. Грофот Алмавива го толкуваше Паулос Раптис, а Базилио – Георги Божиков. Кон нив треба да се додадат и солистите во помалите улоги: Кире Лијаковски, Славка Михајлова, Спирос Куфојанакис, Пеце Поповски и Илија Јованов. Диригираше, мошне одмерено, Лукас Каруцинос од Атина. Симпатична претстава со добар Фигаро, со пеачки добра Розина, но без животна радост, и Бартоло со измешан поим за таа улога.

„Вечерите“, тој термин многу зачести, па дури почна и да се злоупотребува до баналност. И тоа е една од причините што се настојуваше почетниот назив да се менува. Зашто, тој не е гаранција за квалитетен настап. Меѓутоа, како и да е наречена, не е толку важно – важен е уметничкиот дострел на индивидуата, на амсамблот во целина.

И...еве сме со уште едно дело од македонски творец, операта **„Болен Дојчин“** во два чина од **Ристо Аврамовски.** Таа се изведе на 18 мај 1983 година од Операта и Балетот на МНТ, а во насловната улога играше Георги Божиков. Диригираше Ангел Шурев.

На 20 мај имавме годишен концерт на студентите од Факултетот за музичка уметност во Скопје со учество на Македонската филхармонија. Диригираше Фимчо Муратовски.

На својата вечер, **Анкарската опера** се претстави со веќе познати актери – Кериман Давран, Ерол Урас и Екрем Челикол. Тие настапија во „Травијата“ од Џ. Верди, Кериман Давран само ја потврди својата комплетна игра и пеење како Виолета Валери, а Екрем Челикол изненади, во негативна смисла, со состојбите на својот глас. Ерол Урас добро се прилагоди на мизансценот во „Травијата“ и коректно ја отпеа партијата на Алфред Жермон. Со диригентот Сабахетин Календер пак имавме една творечка средба.

Загрепските вокални солисти извонредно се вклопија во „Норма“ од В. Белини и може да се констатира дека и гласовно брилјираа на сцената во новиот објект на МНТ. Сите гости, а особено Венета Јанева–Ивељиќ, како исполнител на насловната ролја, се претстави како певица со големи предиспозиции – вокални и сценско – актерски. Стојан Стојанов беше во својот елемент, а Златомира Николова – Пухар мошне добро се адаптира и на новиот сценски простор и на акустичните екови што ги носи новата сцена. Кон нив се придружи и добриот Оровез на Бранимир Стевановиќ од Скопската опера. Диригентот Максимилијан Ценчиќ од Загреб, кој на МОВ се појавува првпат, остави добар впечаток.

Имаме впечаток, а би сакале во иднина да нè демантираат, дека од **Опера Романа** ни се испраќаат не секогаш солисти од прв ранг. Зашто, многу добро знаеме што таа опера има и што романската вокална школа произведува. Сосема е јасно дека во моментот немаат певец од вредноста на Николае Херлеа, но приближни до него имаат. Затоа, солистичкиот состав за „Дон Карлос“ од Џузепе Верди не го вреднуваме, не го цениме како најдобар за остварување на тоа, во некои моменти, колосално дело. При испраќањето и одредувањето на солисти за странство, секогаш треба да се имаат предвид посебни елементи, но тоа не го прави концертната агенција „Ариа“. Да се надеваме дека нешто ќе се измени во денешново време.

За исполнување на солистичките улоги во „Дон Карлос“, Романците испратија, речиси, сосем непозната екипа. За насловната улога тенорот Михаи Замфир, за Филип II – басот Јонел Пантеа, за Родриго – баритонот Емил Пингирек, за Големиот инквизитор – басот Георге Сара, и за Принцезата Еболи – Родица Митрица–Бадирчеа. Елизабета Валоа ја пееше Анастасија Димитрова, првенка на Операта на МНТ. Треба да се каже дека таа вечер на 25 мај 1983 година на сцената доминираше Анастасија Димитрова. Хорот и оркестарот беа на високо интерпретативно ниво. Томислав Шопов добро ја диригираше претставата во што му помогнаа солистите и сите други учесници.

„Набуко“ од Џузепе Верди на XII „Вечери“ ни претстави солисти од **Нови Сад.** Изборот, среќен и случаен или не, е одличен со Октав Енигареско и Радмила Бакочевиќ. Тоа доволно зборува за каква претстава станува збор, за пејачки и актерски спектакл, кога ќе се додадат и другите солисти: Шиме Мардешиќ и Бранимир Стевановиќ. Под диригентската палка на Имре Топлак и сите други учесници во изведбата на „Набуко“, таа вечер беа на

Радио Загреб, 19.5. 1980

„КАВАЛЕРИЈА РУСТИКАНА“ – НОВИ САД

*„Новосадската опера на оваа ревија на врвни солисти од домашните и странски оперски центри испрати достојна екипа за таа позната тешка драмска задача, како што е пеењето во таа веристичка опера на Леонкавало... Диригентот **Имре Топлак...** авторитативно и сугестивно ја водеше претставата, не прекинувајќи ја, впрочем како ни солистите, во најдраматичниот миг на операта – при земјотресот што внесе додуша забуна во салата, но не и во претставата за што новосаѓаните добија, на отворена сцена, посебен аплауз како признание, по првиот шок од смирената публика“.*

Ѓорѓе Шаула

Ансамблот „Света Софија“ со диригентот Тома Прошев и вокалниот солист Благоја Николовски (27.5.1974)

висина на својата уметничка задача. Тоа беше на 28 мај 1983 година.

И уште една „Норма“ од Винченцо Белини на XII МОВ, овој пат со солисти од **Големиот театар од Лоќ** (Полска) со диригентот Тадеуш Козловски. Тешката и бравурозна партија на Норма во Тереза Мај–Чизовска најде адекватен протагонист. Тоа може да се каже и за Адалџиза на Ришарда Рацевич, како и за Полион во интерпретација на Јузеф Престрелски. Оровез на Бранимир Стевановиќ – целосен во секој поглед. Тадеуш Козловски со сигурна рака ја водеше претставата.

Џузепе Верди и неговата секогаш очекувана со љубопитност и голем интерес, „Аида“, во интернационален состав. И какво задоволство. Уште не стивнаа коментарите за претставата „Набуко“ и за носителот на насловната улога, Октав Енигареско, сега во „Аида“ пак го имаме него, но како Амонасро, татко на Аида. Тука, на таа изведба, се и Анастасија Димитрова (Аида), Маргит Томик (Амнерис), Стојан Стојанов (Радамес), Бранимир Стевановиќ (Фараонот) и Бранислав Попгеоргиевски како Рамфис. Учествуваше и целиот балетски ансамбл. Тоа беше претстава каква што само може да се посака. Ангел Шурев на 31 мај 1983 година со убаво и сигурно водење на „АИДА“ ги затвори XII мајски оперски вечери.

Во едно искажување познатата оперска певица и чест гостин на нашата сцена **Гертруда Мунитиќ**, вели: „... Организацијата што е на голема висина и убавиот прием, според мене, ги прават Мајските оперски вечери двојно посимпатични. Можам да пожалам што учествувам за првпат на овој фестивал“. Многу впечатоци и изјави во суперлативи се искажани за МОВ, кои, веројатно, ќе се комплетираат побројно во монографијата.

За среќа, веќе во 1984 година па и понатаму, и покрај отпорот на приврзаниците на таканаречената „изворна форма“, се прави еден мошне смел пресврт, кој на МОВ им дадоа една сосема флексибилна димензија. Имено, покрај „Вечерите на солистите“ од разни оперски куќи, организаторите на XIII мајски оперски вечери, со својот координатор, на истите им дадоа послободен, поголем интернационален карактер, избирајќи протагонист подобен за секоја улога. Се бараа, колку што беше возможно, подобри и сигурни интерпретатори, млади, непознати певци, мајстори на убавиот и култивиран глас од нашата земја и странство. И треба бездруго да се констатира дека од XIII МОВ имавме пристоен и сосема заслужен успех. Се покажа дека новата форма на конципирање на репертоарот и индивидуалното контактирање и договарање со уметничките личности, без да се запостави или наполно отфрли формата вечер на солисти од една куќа, е мошне атрактивна, па макар во една оперска или балетска претстава гостувал само еден актер од светски глас. Пример: што би било ако Пласидо Доминго гостува сам во „Тоска“, како Каварадоси? Одговорот е јасен и не треба објаснување.

Радио Загреб (Пладневен дневник), 21.5. 1980

ГЕНА ДИМИТРОВА, ХОР, НИЗАМОВА

*„...тие (Софиската опера) испратија на гостувањето во Скопје навистина голема екипа на свои пејачи, што обично не е така: за Абигаила **Гена Димитрова**, певица со вчудовидувачка сила и моќ на убаво изразено и драмски жестоко пеење што за оваа опера е потребно... Со потребен занес, така важен за оваа опера, и оркестарот, а особено високо импресивниот хор, и сите скопски солисти, потполно се вклопија во драматиката... со својата извонредна креација на Фенена, значи веќе третпат во три сосем различни улоги за кратко време, **Анастазија Низамова–Мухиќ** докажа дека е певица од највисок формат, прекрасно потпомогнувајќи го тој 'Набуко' навистина да биде свеченост на фестивалот“.*

Ѓорѓе Шаула

Таму каде што не бевме во можност да воспоставиме врска или согласност со некоја позната оперска ѕвезда за некоја улога, ние тој вакуум го пополнувавме со солидни и пожелни наши интерпретатори на оперската музика. Сосема е разбирливо дека не биле заборавени оние сценски актери и диригенти, кои повеќепати успешно гостувале на МОВ и кои кај нас и во светот, со својата комплетна креативност, важат за протагонисти од голем формат. Со тие солисти започнаа Мајските оперски вечери, затоа никогаш не треба да се заборават. Учесниците на Првите МОВ треба да се прогласат за соосновачи на манифестацијата.

Значи, по тој пат што го опишавме погоре, се одвиваа XIII и XIV МОВ. Меѓутоа, мора да се признае дека на таков курс раководството на манифестацијата се одлучи, зашто изборот на певци од балканските оперски метрополи стана „тесен“ и сиромашен. И уште еден факт. Оперските и балетските актери на сите колективи во Југославија и на Балканот, па и од Европа, кои се постојано врзани за своите ансамбли, уште од 1972 година добро им се познати на посетителите на МОВ. Точно е, а и логично е да се ценат и почитуваат старите асови, меѓутоа треба да се бараат и нови, млади надежи. Млади вокалисти и диригенти, кои со својот гласовен материјал и технички виртуозитет, актерско мајсторство на сцената и пултот на диригентот, такви надарени перфекционисти што ја освојуваат публиката (случај со младиот Романец **Флорин Ѓорѓеску** на XIII МОВ, или со Бугарката **Гена Димитрова**, денес недостижен драмски сопран во светот, како и младиот италијански диригент од Миланската скала **Роналдо Роза де Скалѕо**), тешко можат да се најдат,

Блесок од Букурешт: Николае Херлеа, Силвија Војнеа, Корнелиу Финатеану и Виорел Бан по изведбата на „Риголето“ на 29.5.1974

„Вечер“, 26.5. 1980

ВИОЛЕТА НА ИШИК КУРТ

„Меѓу нашите гости од Анкара особено место и симпатии ужива ***Ишик Курт****, која во улогата на Виолета Валери вторпат гостува на МОВ. Оваа оперска солистка, која поседува несомнено пријатен гласовен материјал и покрај нешто скромната носивост и волуминозност, е мошне подвижен, еластичен и мудро пласиран... Толкувајќи ја Виолета Валери, трагичната личност на Вердиевата 'Травијата', Ишик Курт особено внимание му посвети на артистичкиот потход кон оваа улога, што плени со богат избор на употребени артистички средства“.*

Владо Чучков

особено со нашите мошне скромни наградувања во динари.

Но, да кажеме како поминаа XIII МОВ од 9 до 31 мај 1984 година. Свеченото отворање, како и секоја година, освен 1990, се прави мала церемонија – кревање на знамето на МОВ, палење на жртвеникот, објавување дека МОВ се отворени. Потоа публиката ги зазема своите места во салата. Премиера на „Бал под маски“ од Џ. Верди. Извонреден тек, уживање во секој поглед. Мора да се признае, да се истакне дека тоа беше вистински спектакл и ревија на убави костими и декор и демонстрирање на прочуеното белканто. Солистите Паулос Раптис (Рикардо), Анастасија Димитрова (Амелија) и Милка Ефтимова (Улрика) – сите во расцут на своите гласовни потенцијали, додека Миомир Тасиќ (Ренато) смело зачекори кон зрелост и лична афирмација. Тие беа вистински стожери на претставата. Бранка Тодевска (Оскар), Бранислав Попгеоргиевски (Самоел) и Бранимир Стевановиќ (Том) многу, многу придонесоа за општиот впечаток на претставата. Ограниченият но ефектен балет во операта го поставија балетски образованите уметници Снежана Спасевска и Марин Црвенов. Целиот изведувачки ансамбл, како и обично, беше на ниво и со настојување и желба за максимум постигање. Него вдахновено и мајсторски го прифати и водеше познатиот македонски диригент Ангел Шурев.

На 11 мај Македонската филхармонија под диригентство на Перо Петровски и со солистите Александра Ивановиќ (мецо-сопран од Белград) и Михајло Куфојанакис, покрај увертирата „Грабливата стрчка“ од Џ. Росини и „Ромео и Џулиета“ од П. Ил. Чајковски, ги изведе и „Песните за мртвите деца“ од Густав Малер. Перо Петровски, еден од многубројните македонски диригенти, својата уметничка и раководна задача ја исполни без забелешки.

Во „Мадам Батерфлај“ од Џ. Пучини, на 13 мај, гостуваше само еден протагонист – во насловната улога. Како што имаме обичај да констатираме „еден ама вреден“, тоа беше таа вечер на пеењето и играњето на гејшата Чо-Чо-Сан во комплетната интерпретација на Барбара Загужанка од Варшава. Таа, заедно со своите партнери од Скопската опера – Никола Гагов (Пинкертон), Анастазија Низамова–Мухиќ (Сузуки) и Илија Црвенов (Шарплес), направи таа опера на Пучини да стане уште попопуларна меѓу љубителите на операта од Скопје и поблиските места на нашата Република. Беспрекорно дирижираше Мјечислав Новаковски од Варшава.

Гостувањето на солистите од **Опера Романа** се очекуваше со големо интересирање. На многумина посетители сè уштѐ им се свежи сеќавањата за Фигаро на Николае Херлеа, целосен во секој аспект на вокално-сценската уметност. Тоа, веројатно, го намали до извесен степен нивото на општиот впечаток од претставата. Нови протагонисти беа: Штефаница Ласку (Алмавива), Силвија Војнеа (Розина), Луцијан Маринеску (Фигаро), а епизодните улоги беа донесени од актери на Скопската опера. Корнел Траилеску со знаење и леснина ја водеше претставата.

„Кармен“ од Жорж Бизе беше изведена на 17 мај со тројца гости од странство. **Росица Троева** од Софија, убава и стројна појава, ја толкуваше насловната улога на едно толерантно и приемливо ниво. Младоста, убавиот и сè уште недоволно развиен глас и сигурната музикалност, ни даваат можност да веруваме дека пред неа е една пристојна кариера. Ваган Мирокјан од Виена, со нешто испеан глас, е тенор со просечни квалитети. Неговата интерпретација на улогата на Дон Хосе нѐ увери во тоа. И Давид Оханесјан (Ескамилио) е во иста фаза. Знаејќи ги добро своите партии, на диригентот Александар Лековски не му беше тешко претставата да ја приведе кон крај.

Со балетот „Легенда за љубовта“ од Ариф Меликов, либрето по Назим Хикмет, имаме нова средба со нови солисти од Киев (СССР): Раиса Хилко, Владимир Федотов и Татјана Литвинова. Со сигурната игра, која на моменти имаше спектакуларен карактер, сигурна беше и диригентската палка на Фимчо Муратовски.

Со „Травијата“ од Џ. Верди имавме непријатности поради заболувањето на Марта Сич од Будимпешта. Така, нашата публика ја немаше можноста да ја види и чуе во тоа време најдобрата „Грешница“ во Европа. Улогата ја пееше Гордана Јевтовиќ од Белград, со својот колега Предраг Протиќ (Алфред Жермон). Неговиот татко Жорж Жермон во голем пејачки и актерски стил го реализира Андреас Колумбис од Атина. Диригентот Ангел Шурев на општо задоволство ја изврши својата функција.

Со лирската трагедија „Норма“ од В. Белини на МОВ се среќаваме неколкупати, но овој пат на 26 мај 1984 година, во така да го наречеме – интернационален состав. Норма, изненадувачки добро ја пееше **Ремзие Алпер** од Истанбул; нејзината сонародничка од Анкара, Џемиле Киици, по линија на пеењето не беше под нејзино ниво и коректно ја донесе улогата на Адалџиза; Полион – Стојан Стојанов, го знаеме уште од поставувањето на таа опера на нашата сцена. Тој е верен толкувач на таа ролја – убедлив и сугестивен во секој поглед. Оровез на Асен Василев, тогаш од Лондон, мошне блед лик, дури несериозен и неодговорен кон својата сценско-уметничка задача. Инаку, тој беше еден од победниците на Младите оперски надежи „Томче Грнчаровски“.

Каков Риголето, каков Војвода од Мантова имавме на 29 мај 1984 г.? Спектакл што може да се види

Николае Херлеа – една од најсјајните ѕвезди на МОВ со креациите на Жорж („Травијата“), Фигаро („Севилскиот берберˮ), Риголето, Луна („Трубадурˮ), Скарпија („Тоскаˮ) Тонио-Тадео („Паљачиˮ) и Родриго („Дон Карлосˮ): пред настапот во „Риголетоˮ на 29.5.1974

некаде за големи пари. Кога се чудиме и прашуваме, тогаш веднаш треба да одговориме. Зар е возможно **Октав Енигареско** со неговите поодминати години и над стотина килограми да даде креативност, творечки печат и физичка подвижност што навистина соодветствуваат на поимот – животна уметничко-креативна кулминација. Од друга страна, зар можеше младиот и сè уште недошколуван шофер (Војводата од Мантова) **Флорин Ѓорѓеску** да ја восхити публиката со својот Паваротиевски, повеќеоктавен регистар на гласот? А што да се каже за неговото „дрско" однесување на сцената! Многу прашања со зборчето зар за овие двајца уметници. Меѓутоа, одговорот треба да го бараме во феноменот ФЛОРИН ЃОРЃЕСКУ, кој ја дигна таа вечер публиката на нозе и ја доведе во состојба на делириум. „Риголето" од Џ. Верди не е гранд опера, меѓутоа на 29 мај 1984 година имаше „гранде теноре", имаше со Изабела Наве од Берлин, спектакуларен состав, кој покажа атрактивна игра и божествено пеење. Во тој состав треба да се вбројат и солистите на Операта на МНТ – Драган Шојлев, Георги Божиков, Анастазија Низамова, Кире Лијаковски, Илија Рајковски, Зорица Стошиќ, Славка Михајлова... Диригентот Томислав Шопов, веројатно, ретко имал такво доживување на својот пулт.

Претходниот ден, Балетот на МНТ, со двајца солисти од Софискиот балет, даде многу стегната, во секој поглед издржана претстава. Гостуваа Евгенија Крстева (Жизел) и Бисер Дејанов (Гроф Алберт). Диригираше Фимчо Муратовски.



„Аида" – еден од столбовите на МОВ, на 31.5.1974 со Бисерка Цвеиќ и Никола Николов

На последната претстава на XIII мајски оперски вечери, „Аида" од Џ. Верди, индиспонираноста на Турчинката Ремзие Алпер, која ја толкуваше насловната улога, и на Асен Василев (Рамфис), донекаде се одрази врз целокупниот ансамбл.

Адријана Стаменова од Милано и Октав Енигареско од Букурешт, благодарение на своето искуство, не се предадоа на психолошки создадената стивнатост, па, заедно со нашиот тенор Симеон Гугуловски, не дозволија претставата да добие чувствителен пад. На диригентскиот пулт таа година се најде Ангел Шурев. Меѓутоа, во интерес на вистината, на 26 мај – само пет дена порано – Ремзие Алпер ја пееше тешката партија на Норма, без претерување, до границите на феноменална интерпретација.

Организаторите посакуваа XIV мајски оперски вечери во 1985 година да бидат под знакот на 40-годишниот јубилеј на Македонскиот народен театар, воопшто. Тие да се слеат во атмосферата на годината на европската музика и особено во 40-годишнината од победата над фашизмот. Сите посакувања се остварија, а згора на тоа имавме и едно дело од Волфганг Амадеус Моцарт – **„Свадбата на Фигаро"** за отворање на „Вечерите". Таа комична опера, според текстот на Бомарше, има повеќе од десет дејствувачки лица. Ролите беа поделени на првите актери со сосема мали исклучоци во нашата оперска куќа: на Анастасија Димитрова, Миомир Тасиќ, Мира Тасевска, Кире Лијаковски, Анастазија Низамова-Мухиќ, Милка Ефтимова, Лазар Белевски, Бранислав Попгеоргиевски, Славица Петровска, Илија Рајковски, Анкица Новакова и Љубица Цветковска. Таа солистичка гарнитура, некои од нив членови на хорот, сите заедно и одделно, во рамките на своите вокални и актерски можности, несебично и со ентузијазам работеа со корепетиторите и диригентот Мјечислав Новаковски од Варшава за успешната изведба на „Свадбата на Фигаро". Во распределбата на улогите, можеби, по наше мислење имаше и промашување од чисто вокален аспект, но не и од актерски. Операта ја постави Анджеј Жарнецки, декорот и скиците за костимографијата беа од Луција Косаковска од Полска.

На 11 мај се прикажа балетската претстава „Жизел" од А. Адам со Ева Гловацка и Јан Зданович од Варшава. Диригираше Фимчо Муратовски.

По балетот „Жизел", само на два дена по таа претстава, на репертоарот беше „Тоска" од Џ. Пучини. Насловната улога, како во најдобрите години од својата богата и блескава кариера, маестрално ја донесе **Радмила Бакочевиќ** од Белград. Нејзиниот „љубен", сликарот Каварадоси, во протагонистот од Атина, Фанос Петракис, кој таа вечер пееше со променлив успех од чин во чин, не најде соодветен партнер. Затоа пак Андреас Колумбис од Атина (Скарпија), особено во вториот чин, вонредно ѝ паријаше на разиграната Тоска – Радмила Бакочевиќ. И диригентот Мјечислав Новаковски, откако го почувствува пулсот на актерите, ѝ даде на претставата сосема друг тек,

Радио Загреб (Дневник), 9.5. 1981

„КУЗМАН КАПИДАН"

*„Веќе десетта година главниот град на СР Македонија континуирано со музичко-сценска дејност дава значаен придонес во меѓурепубличката и меѓудржавната културна соработка. Покрај тоа што големо внимание ѝ посветува на пријателската и културно-уметничка соработка, на сè уште недоволно развиената меѓурепублички соработка, исто така го негува и домашното музичко творештво. Така, Мајските оперски вечери свечено почнаа со делото **'Кузман Капидан'** од македонскиот композитор **Трајко Прокопиев...** Тој, лирскиот еп за народниот јунак Кузман Капидан, кој храбро се борел против турските зулуми, го претвора од опера во ораториум. Во неа има заплети со снажни градации... Најпотресните сцени на партитурата се масовните. Народот, а тоа е хорот... е вистинскиот двигател на дејството. Целото дело е проткаено со богатството теми од македонскиот фолклор што Прокопиев во хорските партии мајсторски ги трансформира".*

Милица Маравиќ

особено во начинот на водењето на темпата.

На 15 мај, во „Травијата“ од Џ. Верди, гостуваа тројца главни протагонисти – Татјана Новикова од Ленинград, како Виолета Валери; Игор Филипович од Љубљана во улогата на Алфред и Екрем Челикол како Жорж Жермон. Претставата беше просечна. Донекаде Татјана Новикова и Игор Филипович ги оправдаа очекувањата. Диригираше Александар Лековски.

Во „Риголето“ од Верди, на 18 мај, доминираа Радован Фердинанд од Љубљана, во насловната улога и Изабела Наве од Берлин, во улогата на Џилда. Игор Филипович, како Војводата од Мантова, беше за нијанса подобар отколку во „Травијата“ два дена порано. Спарафучиле на Георги Божиков – мошне убедлив и атрактивен. Диригираше Мјечислав Новаковски.

Како што се гледа од репертоарот на МОВ, делата на Џузепе Верди се редат едно по друго, па би можеле „Вечерите“ да ги прекрстиме во **Вердиеви.** Зашто, еве, по „Травијата“ и „Риголето“, на 21 мај доаѓа операта „Бал под маски“, на 31 мај „Аида“. Меѓутоа, што се може кога оперските дела на Верди се сакаат и од певците и од љубителите на оперската уметност.

Со нашите први солисти Паулос Раптис (Рикардо) и Миомир Тасиќ (Ренато) на 21 мај, во партнерство со Блаженка Милиќ (Амелија) Гертруда Мунитиќ (Оскар) се прикажа „Бал под маски“ од Џ. Верди. Да додадеме дека како Улрика се појави одличниот повисок алт од Сараево – Маргит Томик. Од споменатите протагонисти не нè изненади никој, познавајќи ги нивните одлични гласовни распони и квалитет, меѓутоа Блаженка Милиќ изненади со својот вокално-технички напредок. И, ако во спортот не се знаат до каде се човечките можности, тоа може да се каже и за човечкиот глас. Во тоа навистина нè убеди Бл. Милиќ. Во убавиот уметнички впечаток за оваа опера, добар удел имаа и двајцата басисти на Скопската опера во улогите Том – Бранимир Стевановиќ и Самоел – Бранислав Попгеоргиевски со своите убави гласови и убедлив актерски однос. За тој спектакуларен впечаток, секако дека заслуга има и диригентот Ангел Шурев.

Џакомо Пучини и неговите „Боеми“ беа следната претстава на МОВ. Настапија четворица гости: Флорин Џиаконеску од Букурешт, кој ја толкуваше улгогата на поетот Родолфо; Слободан Станковиќ од Белград се појави како сликарот Марсел; Милица Буљубашиќ од Диселдорф во улогата на Мими, и Гертруда Мунитиќ од Сараево – Мизета, позната на нашата публика од повеќе гостувања, лирско-колоратурен сопран со големи пеачки можности и заводлив сценски шарм. Ако таа констатација ја рековме за Мунитиќ, треба веднаш да додадеме дека според гласот и психофизичката природа на Милица Буљубашиќ, партијата Мими во „Боеми“ како да е создадена за неа. Во тоа се уверивме на претставата на 23 мај. Станковиќ – добар, мошне добар Марсел, а Флорин Џиаконеску од Букурешт може и подобро. А што да кажеме за Георги Божиков? Неговиот Колин навистина имаше во тембарот на својата интерпретација нешто филозофско, носталгично што трогнува, особено во Баладата. Нема што убава, со многу емоции напоена претстава. Заслуга за сево ова му припаѓа и на диригентот Александар Лековски.

На 27 мај добивме една мошне успешна претстава на „Норма“ од В. Белини. Таа вечер Норма ја толкуваше познатата југословенска и светска певица **Радмила Бакочевиќ,** а со неа на сцена се најде и нејзината ученичка **Јадранка Јовановиќ,** повисок мецо-сопран, вонредна сценска појава и добра актерка. Тон на творечката атмосфера на спектаклот, се разбира, даде Радмила Бакочевиќ со интерпретацијата на аријата „Каста дива“, врвна точка не само на првиот чин, туку во целата опера. Интерпретацијата на таа арија беше проткаена со она што го содржи самата – префинетост и поетичност. Радмила Бакочевиќ со своето мајсторско исполнение ја подигна температурата во салонот, предизвикувајќи многу чувства и восхит и измами громогласен аплауз. Потоа, претставата течеше во многу атрактивен стил. Дуетите (Норма – Адалџиза), терцетот (Норма – Адалџиза – Полион) и во последниот чин (Норма – Полион) со хорските сцени го сопираа здивот на вистинскиот слушател на оперската уметност. Покрај Бакочевиќ и Јовановиќ, ролјата на Полион ја толкуваше тенорот од Миланската скала Доро Антоњоли, а Оровез го пееше Бранимир Стевановиќ од Операта на МНТ. За тој музичко-драмски спектакл, го-

Радио Загреб (Утринска програма), 13.5. 1981

ИСКЛУЧИТЕЛНИ ТАЛЕНТИ

„Годинашниов натпревар што како поднаслов ги има зборовите 'млади оперски надежи' навистина донесува многу убави надежи дека нашиот оперски живот ќе се пополни со дури исклучително талентирани млади певци. Тоа без сомнение досега е најплоден натпревар од овој тип во Скопје... Финалниот концерт, во придружба на оркестар, во исто време беше и еден многу убав и со доживувања богат концерт на осуммина млади оперски уметници – еден будимпештанец, еден софиец, двајца певци од Загреб, еден од Белград и тројца од Скопје“.

Ѓорѓе Шаула

МОВ 1974 или било која друга година: аплаузите од оркестарот – вистинска награда за уметниците на сцена

„Кнез Игор“ во изведба на Операта на МНТ (9.5.1975)

лема заслуга му припаѓа на младиот диригент од Италија Роналдо Роза де Скалѕо.

На 29 мај имавме едно балетско освежување со балетот на Лудвик Минкус „Дон Кихот“. Таа вечер како Китри настапи Весна Буторац, а како Базил Александар Лукјанов од Загреб. Лесна и сакана претстава за поширокатa публика со многу танцувачки нумери. И двајцата балетски уметници покажаа примерна балетска техника и уметничка зрелост. Од диригентскиот пулт балетот го водеше Александар Лековски.

Дојде и крајот на XIV мајски оперски вечери со монументалното оперско дело на Џузепе Верди, операта „Аида“. Како протагонист на насловната улога ја имавме Марија Тереса Урибе од Сантијаго. Солиден драмски глас и благороден партнер; Амнерис ја толкуваше Маргит Томик од Сараево, а Радамес Стојан Стојанов од Загреб, тенор со познати вокални и сценски можности. Тројцата беа гаранција за успехот на „Аида“. Имавме уште еден гостин од далечното Чиле, постојано вработен во Операта во Будимпешта, драмскиот баритон Патрисио Мендес, малку изабен, но сè уште употреблив глас. Тој го пееше Амонасро. Во улогите на Рамфис и Фараонот се појавија баситe на Операта на МНТ – Бранислав Попгеоргиевски и Бранимир Стевановиќ. Таа убава завршна претстава на XIV МОВ, со уиграниот балетски ансамбл и солистите Зоица Пуровска и Зоран Велевски (кореограф Снежана Спасевска), сигурно и музички суверено ја водеше Ангел Шурев.

Веќе изнесовме дека во 1984 година па и изминатата 1985, значи на XIII и на XIV МОВ, се направи еден мошне мудар и неопходен потег, еден пресврт и во програмското определување на МОВ и во слободниот избор на исполнители од сите профили. Мора да се признае дека во оваа, по наше мислење, квалитетна промена добивме поголеми можности за комбинирање не само со гостите на МОВ, туку и место за нашите способни кадри, а такви, бездруго, ги има во Операта и Балетот на МНТ. Зашто, не треба да го испуштиме фактот дека имало случаи кога во составите на некои опери се наоѓале солисти под нивото на нашите певци и диригенти. Едноставно, доаѓале како „туристи“. Еве зошто со таквите настојувања се влезе и во 15-годишнината на МОВ. За Мајските оперски вечери се слушнаа многу топли и искрени кажувања, се разбира по сè она што на нив е доживеано. Еве, едно од нив: „...Мајските оперски вечери прераснаа во своевидна смотра на најквалитетните оперски и балетски остварувања не само во нашата земја... не само што нè радува што се одржуваат МОВ, туку нивното постоење нè исполнува со гордост...“. Пишувачот на редовиве е на мислење дека оваа порака, а не изјава, сè уште не е сфатена во нејзината вистинска смисла. Но, како и да е, XV „Вечери“ беа отворени со **„Лучија ди Ламермур“** од Гаетано Доницети со гости и солисти од Операта на МНТ: Борис Трајанов го пееше Енрико, Гражина Чопинска – Лучија, Паулос Раптис – Едгардо. Диригираше Миодраг Јаноски. „Лучија“ ја постави режисерот на Белградската опера Дејан Миладиновиќ, скиците за костимите ги изработи Мирјана Маурич, а сценографијата е на Драгутин Аврамовски – Гуте. Хорот добро го подготви Милан Фирфов, а балетот Олга Милосавлева.

Единаесетти мај беше резервиран за „Набуко“ од Џ. Верди, под диригентството на Александар Лековски, кој ја диригира таа опера уште од нејзиното поставување во денешниот театар „Центар“ на 20 февруари 1965. Исполнители беа: Лицинио Монтефуско од Италија во насловната улога; Венета Јанева–Ивељиќ од Загреб како Абигаила донесе еден добро реализиран лик, особено музички; Живан Сарамандиќ – со својот импозантен бас и појава го пееше Закарија, водачот на Евреите – наполно го оправда реномето што го ужива кај скопската публика. Олга Милошевиќ во улогата на Фенена ни презентираше изедначена гласовна линија, сми-

„Нова Македонија“, 15.5. 1981

РАСПЕАНА МЛАДОСТ

„Меѓународната средба на млади оперски надежи 'Томче Грнчаровски' оваа година, во споредба со минатата, побуди поголемо интересирање кај пејачите... Привлечната сила на овој конкурс е разбирлива од аспектот што може да им даде на младите уметници една почетна афирмација. Меѓутоа, организаторите не треба да останат на тоа. Во името на таа младост, тие максимално треба да истраат во обезбедувањето на сопствените пропозиции кои ќе се надоградуваат, со што излегува од регионалните рамки и во вистинска смисла на зборот ќе се заслужи името 'меѓународна среба'“.

Милан Фирфов

рен лик на вљубена жена, но и повредена личност. Сарамандиќ, Мишошевиќ и Миливое Петровиќ (Исмаел), како што е познато, се солисти на **Белградската опера.**

За првпат на МОВ, на таа веќе афирмирана музичка манифестација, се изведе и една оперета, **„Циганскиот барон“** од Јохан Штраус. „Баронот“ некои музички аналитичари и селектори го стават во оперскиот, а други во оперетскиот жанр. Но, каде и да биде определен, тоа музичко-сценско дело е мошне значајно во музичката драматургија.

Дека постановката на едно дело од ваков жанр е скапа и бара комплетни актери, покажа „Циганскиот барон“. Над 15 солисти, целиот хор и балетскиот ансамбл (солисти А. С. – Хусеин, В. Радовановиќ, М. Станковиќ, Е. Хусеин и Б. Караев). Режисер: Волфганг Вајт од Берлин, корежисер Ришард Новалински од Полска. Успешна сценографија направи младиот ликовен уметник Живоин Трајановиќ – Скопје. Костимограф: Елена Дончева. Кореограф: Олга Милосавлева и хор – мајстор: Милан Фирфов.

Треба да се констатира дека претставата на моменти остави мошне атрактивен впечаток. Во неа суверено и комплетно ја толкува улогата на Шандор Баринкај (баронот) нашиот оперски певец **Никола Гагов.** Се разбира дека и другите учесници придонесуваа за нагорниот тек и убаво финале на тоа атрактивно сценско остварување. Но, Гагов на сцената и во таа ролја е како во своја куќа, а диригентот Ангел Шурев, следејќи ја мошне комплицираната партитура, ги држи сите „конци“ во својата палка и меморија. Зашто, за успешниот развој на „Циганскиот барон“ е потребно и едното и другото.

На 17 мај Операта на МНТ со солистите-гости го изведе „Трубадур“ од Џ. Верди. Во таа претстава, исполнител на улогата на трубадурот Манрико беше тенорот Гаетано Бардини од Италија. Александру Агаке, баритон од Романија, се појави како Гроф Луна, прилично успешно, но во споредба со Николае Херлеа, под неговиот уметнички авторитет. Сандра Шандру (Леонора) и Жоржета Орловски (Ацучена), и двете од Романија, улогите од нивниот фах ги реализираа на едно прифатливо и коректно ниво. Антон Колар од Југославија вешто и со знаење ја водеше претставата.

И уште еден Верди. На 20 мај неговата вечна „Травијата“. Овој пат, поради откажувањето на Нирнбершката опера, организаторот мораше да обезбеди комплетно друг солистички состав. Решението, мошне среќно, се најде во повторното поканување на **Гражина Чопинска** од Полска (таа пееше на отворањето на МОВ во „Лучија“) за улогата на Виолета Валери. Тука веќе беше Романецот **Александру Агаке** за ликот на Жорж Жермон, а за улогата на Алфред гостуваше **Јово Рељин** од Белград. Под диригентство на Фимчо Муратовски оваа „Травијата“, особено Чопинска и Агаке, остави силен впечаток.

По два дена на репертоарот на МОВ се играше балетот „Жизел“ од Адолф Адам. Диригираше Фимчо Муратовски.



Диригентот Александар Лековски на 9.5.1975 ја диригира претставата „Кнез Игор“

На 25 мај нова средба, се разбира по една година, со Радмила Бакочевиќ и нејзината суверена креација на Норма. Овој пат за партнери ги имаше Златомира Николова – Пухар како Адалџиза и Стојан Стојанов во улогата на Полион. И двајцата, сметаме, достојни соработници, со убави гласови и музичко-сценски манири. Ним им се придружи и Фрањо Петрушанец, еден мошне убедлив Оровез, со исклучиво убав и благороден бас. Извонредно добра претстава што ја водеше Ангел Шурев.

Во операта „Кармен“ од Жорж Бизе на 27 мај бевме непријатно изненадени од Мете Угур. Тоа не беше оној Мете Угур од 1975 година кога и гласовно и сценски бриљираше во „Севилскиот бербер“ од Росини како Фигаро. Кога ги правиме овие констатации, само посебе се подразбира како пеел Мете Угур како Ескамилио. За жал, од него останала само убавата појава. Носителката на насловната улога, Мишел Француски – разиграна, со убав, темен мецо–сопран; Пеги Бувре – сопран со исклучива музичка сензибилност и вонредна пеачка техника (Микаела), како и тенорот Жорж Личиони (Дон Хосе), сите од Франција, на скопската публика ѝ се претставија непретенциозно, но мошне сериозно во исполнението на своите уметнички задачи. Александар Лековски, освен во II чин, друга потешка задача немаше во изведбата на „Кармен“.

На 28 мај истите солисти – Пеги Бувре, Мишел Француски и Жорж Личиони дадоа рецитал во кој учествуваше и првенецот на Операта на МНТ Георги Божиков. На пијано придружуваше Клер Лизе.

Балетот „Лебедово езеро“ од Чајковски, што на 29 мај се одигра

„Нова Македонија“, 18.5. 1982

„КАВАЛЕРИЈА РУСТИКАНА“ – НИРНБЕРГ

*„...Маскањиевата музика, која во изминативе триесет и пет години воодушевуваше многу генерации и која по традиција имала добри изведби и пеачи, прозвучи на едно високо и достоинствено изведувачко ниво... Извонредните солисти **Јоана Лоте–Фет** и **Шандор Ариш** се оние на кои треба да им заблагодариме за прекрасниот впечаток што остана по оваа 'Кавалерија рустикана'. Јоана Лоте–Фет, која како што веќе беше кажано, ја толкуваше улогата на Сантуца, спаѓа меѓу најдобрите драмски сопрани што гостувале на нашата сцена... И нејзиниот партнер Шандор Ариш се претстави во прекрасна светлина. Тенорската партија беше изведена со една леснотија како да не постојат пречки во неа“.*

Димитрие Бужаровски

под диригентската палка на Ангел Шурев и со гостите од СССР Наталија Чеховскаја и Василиј Палушин, доживеа заслужен успех и заслужени аплаузи за сите учесници во убавата балетска вечер.

И уште едно затворање на Мајските оперски вечери со „Аида“ на Џузепе Верди. Секако дека е попусто да се трошат зборови за **Жужа Мисура,** првенка на Будимпештанската опера, драмски сопран и протагонистка на улогата на Аида, како и за **Владислав Пјавко** (Радамес), тенор со неизмерни, во тоа време, вокални и актерски можности. Нивни партнери, доста изменети од претходно најавените, беа Ванда Баргиоловска–Бергеило во улогата на Амнерис, Борислав Александров како Амонасро и Ахиле Цанталос од Атина (Рамфис). Бранимир Стевановиќ (Фараонот) и Светлана Донковска (Свештеничка) беа претставници на Операта на МНТ во овој интернационален состав и коректни исполнители на своите ролји во секој поглед. Добра „Аида“ со добриот диригент Ангел Шурев.

„Вјесник“ – Загреб, 8.6. 1982

ЕФЕКТЕН ФЕСТИВАЛ

„Сите добри вистински фестивали се работни, а скопскиот е таков на мошне едноставен, релативно економичен, но и мошне ефектен начин за својата средина и за стручњаците. Годинашниве Мајски оперски вечери беа едни од најдобрите и најатрактивните досега. Во што е радоста и црвената нишка, идејата и едноставноста на содржината на Мајските вечери? Во тоа што со вредностите на белканто-то, од композиторите создадени музички вредности, постои уште една вредност – а тоа е проверувањето на неколку певци во исти дела или на исти певци во неколку дела. Така, на бројната скопска публика и, за жал, на многу помал број известувачи, оваа година им овозможи раскошна ревија на врвни гласови и диригенти од југословенските и европски оперски центри“.

Ѓорѓе Шаула

Организаторите на МОВ и Дирекцијата на Операта на МНТ направија сè XVI ВЕЧЕРИ да се отворат со две дела – „Кавалерија рустикана“ од П. Маскањи и „Паљачи“ од Р. Леонкавало во едновечерно претставување. Настојувањето беше оправдано, зашто во тие не така лесни дела за пеење, се појавија најдобрите пеачки сили на Операта. Секако сè уште има млади и во зрели години певци, кои не би требало да остануваат неангажирани во репертоарот на Театарот, а особено во нивниот фах. Но, тоа зависи и од нив самите.

Вечерта на 9 мај 1987 година, по отворањето на XVI МОВ, видовме ревија од добри протагонисти, толкувачи на тешки услоги. Во **„Кавалерија рустикана“** мошне тешка задача имаа Анастасија Димитрова (Сантуца) и Симеон Гугуловски (Туриду). Во **„Паљачи“** иста задача имаа Искра Божиновска (Неда–Коломбина), Никола Гагов (Канио–Паљачо) и Димитри Мариновски (Тонио – Тадео). Сите беа на високо интерпретативно и актерско ниво. Илија Црвенов (Алфио) оствари еден робусен селанец, а Борис Трајанов во „Паљачи“, гласовно свеж, ни ја долови лирската натура на Силвио, во дуетот со Неда. Лазар Белевски (Бепо–Арлекин) ја испеа убавата за слушање, но тешка арија односно серенада на Арлекин. Другите улоги (Лола) на Анастазија Н. Мухиќ и (Лучија), играна од Лидија Нацоска, беа донесени со сета професионална одговорност. Режисерската постановка на „Кавалерија рустикана“ ја направи Волфганг Вајт од Берлин, исто така и на „Паљачи“. „Кавалерија рустикана“ ја диригираше Фимчо Муратовски, а „Паљачите“ – Јануш Пшибилски од Полска.

Вториот термин во репертоарот ѝ припадна на „Травијата“ со гостите од **Нирнберг,** најавени за претходната година. Оваа прва средба со „германски“ Верди ѝ овозможи на публиката да се запознае со Гудрун Ебел (Виолета Валери), Гинтер Нојберт (Алфред) и Андреас Ферстер (Жорж). Под диригентсто на Волфганг Гајлер, исто така од Нирнберг, другите улоги ги толкуваа Лидија Нацоска (Флора), Јоана Тунтева (Анина), Ѓорѓе Колев (Летториер), Кире Лијаковски (Дуфол), Блажо Тодоров (Д'Обињи) и Бранислав Попгеоргиевски (Д–р Гренвил).

Македонската филхармонија и на XVI МОВ – 14 мај 1987 – учествуваше со свој концерт. Овој пат со прочуениот виолинист Илја Груберт од СССР и диригентот од Португалија – Алваро Касуто. Илја Груберт им причини на присутните ретко доживување со интерпретацијата на Концертот за виолина и оркестар бр. 1 опус 99 од Дмитри Шостакович. Симфонијата бр. 2 во С–Дур оп. 61 од Роберт Шуман, како и концертот од Шостакович, под диригентството на Алваро Касуто, беа исполнети со вонредна соработка на солистот и диригентот, а во симфонијата на Брамс се постигна прекрасна изведувачка дисциплина, сè тоа во служба на уметноста.

„Тоска“ од Џ. Пучини, една вистинска музичка драма со тројца добри исполнители од **Букурешт,** особено темпераментната и нескротлива Тоска на **Миоара Кортес – Давид.** Секој што го познава Театарот би се запрашал: од каде ѝ е таа енергија за пеење и реализирање на мизансценот? Па тоа беше фуриозно, просто неверојатно освојување на сцената. Актерка која своите уметнички задачи ги остварува и емоционално и високо професионално. Во исполнувањето на своите ролји Јонел Војнеа (Каварадоси) и баритонот Висарион Хуцу (Скарпија), и да ги имаа квалитетите на Миоара Кортес, не ќе можеа да ѝ парираат. Таа беше, на 17 мај 1987, ненадминлива. Претставата сигурно и со знаење ја водеше Антун Петрушиќ од Осиек.

Диригентот Фимчо Муратовски на 11.5.1975 пред изведбата на балетот „Легенда за љубовта“

Васил Ќортошев ја открива бистата на Томче Грнчаровски (1975 година) во чија чест е наречена Средбата на младите оперски надежи

Дирекцијата на Балетот на МНТ, за своите претстави на МОВ, секогаш настојувала да доведе некој атрактивен балетски играч. Така беше и на 19 мај. Нели Бередина и Петрас Скирмантас, и двајцата од СССР, во улогите Одета – Одилија и Принцот Зигфрид, со добро подготвениот ансамбл на Балетот на МНТ од Екатерина Аксјонова (исто така од СССР) за таа претстава на „Лебедово езеро" од Чајковски, ни ги демонстрираа сите убавини на балетската драматургија, особено таа на Чајковски. Се разбира, балетската двојка Бередина – Скирмантас доминираше во секој поглед. Ангел Шурев, како и секогаш кога е во прашање балетска претстава, е неприкосновен мајстор на темпата и сè она што е специфично за балетската игра.

„Трубадур" од Џ. Верди е на програмата и на XVI МОВ. Таа опера, кога има певци – белканти сти, публиката ја сака. На 21 мај, се разбира, сите солисти не беа со белкантистичка импостација на гласот, но штом некој оперски актер ќе гостува повторно на сцената на МНТ, како што е случај со **Жужа Мисура** од Будимпешта, значи дека вреди. И веднаш да кажеме дека, покрај Жужа Мисура (Леонора), ги слушавме Каталин Месеј (Ацучена) од Будимпешта, Јожеф Јухас (Манрико) и Иштван Андрејчик (Луна) од Сегедин. Тројцата колеги на Мисура се претставија во стандардна форма. Диригираше Александар Лековски.

За првпат во програмата на МОВ се појави и Камерниот оркестар на РТВ Скопје, а како солист на виолина, **Стефан Миленковиќ** од Белград. Со оркестарот диригираше Петар Јосифовски, исто така од Белград. По вкусно одбраната програма, се разбира, вниманието беше насочено кон исполнението на Баховиот концерт за виолина и оркестар во Е–Дур. Откако оркестарот ги исполни делата на А. Корели, Томазо Албинони и Антонио Вивалди, изведени интонативно чисто и стилски беспрекорно, Стефан Миленковиќ со интерпретацијата на Баховиот концерт со Камерниот оркестар на РТВ – Скопје, покажа и докажа дека нема афинитет за тој и тој стил и за тој и тој автор, туку има стремеж кон макотрпна работа на усовршувањето на виолинската техника за да може да ја совлада секоја виолинска партитура. Петар Јосифовски докажа дека не случајно мануелната техника и совладувањето на партитурите ги усовршувал кај големи мајстори–диригенти, во нашата земја и надвор од неа.

Единствената трагедија на Гаетано Доницети, операта „Лучија ди Ламермур", пак е на репертоарот на „Вечерите" и тоа со тројца оперски актери што им се добро познати на редовните посетители на манифестацијата – Изабела Наве и популарниот тенор Паулос Раптис (Едгардо). Наве како Лучија и Раптис се проверени и со задоволство слушани оперски уметници. Емил Јурашку (Енрико) повторно ни се претставува на МОВ. Значи, штом имаме добри протагонисти, ќе имаме и добра претстава. Диригентот Богдан Олондзки, од Варшава, беше на ниво на солистите, претставата ја водеше мајсторски. Таа вечер на 26 мај 1987 беше „варшавска" вечер.

Во „Риголето" на Џ. Верди, на 28 мај, гостуваа протагонисти кои ги толкуваа следните улоги: Емил Јурашку (Риголето), Јозеф Кундлак (Војводата од Мантова), Јана Валашкова (Џилда) и Јон Гала (Спарафучиле). Ним им се придружија Анастазија Мухиќ (Мадалена), Драган Шојлев (Монтероне), Кире Лијаковски (Маруло), Илија Рајковски (Чепрано), Лидија Нацоска и др. Претставата, општо земено, беше на едно натпросечно ниво. Гостите од Братислава, секој со своите квалитети – вокални и актерски, со својот диригент Оливер Дохнањи, не ја разочараа нашата публика.

„Дубровничката легенда" – балет во три чина од Љубомир Бранѓолица, беше ставен на репертоарот на XVI МОВ на 29 мај. Музиката сосема лесно прифатлива, со многу танцувачки елементи на еден популарен мелос, им дала можност на режисерот Александар Стојановиќ и кореографот Олга Милосавлева да направат една претстава, добро обмислена и поставена, без да ѝ робуваат на традиционалната техника, туку во нешто послободен стил, како скромен „спектакл" да се наоѓа на репертоарот на МНТ. Симпатична претстава во која доминираа Зоица Пуровска и Зоран Велевски.

На 31 мај 1987 година „Аида" од Џ. Верди и крај на XVI МОВ. Кога се има предвид дека и претставата на „Аида" заврши успешно, под уметничкото раководство на нашиот познат меѓународен диригент **Ванчо Чавдарски,** тогаш можеме сло-

„Наши разгледи" – Љубљана, 27.8. 1982

НОВИ БАРАЊА

„По завршувањето на годинашниве Мајски оперски вечери, на кои се зголеми бројот на учесниците и на државите од кои тие доаѓаат, се отворија и нови можности за размена на гостувања со македонските уметници (некои веќе се реализирани), а ова наметнува развивање на таква програмска политика што уште повеќе би одговарала на фестивал од тој вид. Светската оперска литература не завршува со Пучини, Леонкавало и Маскањи! За репертоарот треба да се бараат и дела со нова театарска функција, нивната хумана димензија и комуникативност".

Јелица Порента

бодно да кажеме дека во 1987 година музичката манифестација Мајски оперски вечери доживеа уште една наполно заслужена афирмација. Во тој спектакл последната вечер пееја: Тереза Мај – Чизовска (Аида) од Полска, Евредика Филипович (Амнерис) од Романија, Бруно Себастијан (Радамес) од Италија, Емил Јурашку (Амонасро) и Корнелиу Соловастру (Рамфис) од Романија. Хорот, оркестарот и балетот се покажаа и го демонстрираа своето високо уметничко ниво. Чавдарски маестрално ја водеше „Аида".

„Нова Македонија", 3.6. 1983

ЕНИГАРЕСКО, БАКОЧЕВИЌ

„Највисок врв на целата претстава беше сцената во салата на кралската палата со Набуко и Абигаила, во која дуетот што го остваруваа ***Енигареско*** *и* ***Бакочевиќ*** *беше ретко видена креација. Преку таа возбудлива сцена, во која дојде до израз големото мајсторство на двајцата уметници, почувствувавме нешто од здивот на европската оперска сцена".*

Јане Коџабашија

Со онаа опера со која во 1972 година беа завршени I мајски оперски вечери, **„Разделба"** од Трајко Прокопиев, со истата опера на 9 мај 1988 започнаа XVII МОВ. Во „Разделба" имаше и нови носители на некои улоги. Така, на пример, Чорбаџи Јордан сега го толкуваше басот Бранислав Попгеоргиевски, Лидија Нацоска ја играше Рајна, Искра Божиновска ја пееше Симка, Милка Ефтимова беше мајката на Костадин, Никола Гагов – Костадин, Драган Шојлев – Атанас Караман, Крсто Скубев – Стрико Кољо, Илија Црвенов – Зафир и др. Сите набележани учесници, заедно со хорот, балетот и оркестарот, достојно му се оддолжија на авторот, Трајко Прокопиев, а публиката уживаше во убавите напеви, хорови и игри на таа македонска народна опера. Александар Лековски ја диригираше операта „Разделба" со видливо чувство на човечка и уметничка одговорност.

„Травијата" од Џ. Верди, како и секогаш досега, пак се најде на репертоарот на МОВ, односно на сцената на МНТ на 11 мај 1988 г. Виолета Валери повторно ја толкуваше Кериман Давран од Анкара и тоа мошне успешно. Ихсан Екбер се најде во улогата на Алфред Жермон, а Тунџер Терџан го интерпретираше Жорж Жермон. И двајцата музички уметници дојдоа од Анкара, но беа под нивото на својата сонародничка. Анкарецот Ренгим Ѓокмен добро ја диригираше претставата.

Имаше и ГАЛА ОПЕРСКИ КОНЦЕРТ (15 мај 1988) на кој првенци на оперските куќи од Југославија исполнија арии од опери. Учествуваа: Радмила Бакочевиќ, Јадранка Јовановиќ, Вера Ковач – Виткаи, Александар Ѓокиќ, Гертруда Мунитиќ, Искра Божиновска, Никола Гагов, Симеон Гугуловски и Миомир Тасиќ. Тоа се истакнати оперски уметници на Југославија.

Ала Артушкина (Одета – Одилија) и Виталиј Артушкин (Зигфрид) од СССР ги видовме како извонредни креатори на нивните соодветни улоги во балетот „Лебедово езеро" од Чајковски на 17 мај 1988 г. Непогрешливо претставата ја диригираше Тадеуш Козловски од Полска.

На 19 мај Македонската филхармонија имаше симфониски концерт. На програмата беа Т. Зографски со „Скерцо" (на теми од Тихомир Карапанчев); Е. Лало – Концерт за виолончело и оркестар во д-мол; и Ј. Брамс – симфонија бр. 2 во Д-Дур. Солист на виолончело беше Валтер Дешпаљ. Лало од неговиот инструмент зазвуче со целата своја автентичност. Павле Дешпаљ, со својот диригентски осет за динамика, за бескрекорна соработка со солистот Дешпаљ и оркестарот ни создаде една убава симфониска вечер.

На 20 мај „Жизел" од А. Адам со Ала Артушкина (Жизел) и нејзиниот постојан партнер – Виталиј Артушкин (Алберт). Тие, како и во „Лебедово езеро" од Чајковски, ја покажаа сета супериорност на познатата руска балетска школа. Во тоа им се придружи и колективот (балетски) на МНТ, кој не е многу далеку од таа школа. Како и секогаш, Фимчо Муратовски со префинето чувство ја водеше претставата.

Мајските оперски вечери на 22 мај 1988 ги понудија „Боеми" од Џ. Пучини. Имаше прекрасни исполнители на дејствувачките лица: поетот Родолфо со Калуди Калудов, лауреат на Младите оперски надежи; сликарот Марсел го пееше Никола Василев; музичарот Шонар – Драган Шојлев; Филозофот Колин – Петар Бакарџиев, и Румјана Борова во улогата на Мими. Нашата Мира Бунарџиева ја пееше Мизета. Тоа беше една добра четворка певци од **Софија** на чело со доајенот Н. Василев. Се разбира, вниманието на гледачот секогаш е насочено кон тенорот и Мими. Сметаме дека и двајцата ги исполнија нашите очекувања. Другите актери им беа достојни партнери. Партитурата на „Боеми", која добро му е позната на Лековски, ја толкуваше на општо задоволство.

„Лучија ди Ламермур" од Гаетано Доницети, како да е „осудена" на нашата сцена постојано да ја толкуваат Лучии од Полска. И овој пат, на 24 мај, Лучија ја исполни **Јоана Вош** од Лоѓ – добар, сконцентриран и со широк дијапазон глас. Актерски нешто прибрана, макар што во V слика покажа што знае и што умее. Кжиштоф Беднарек, исто така од Лоѓ, тешката партија на Едгардо, особено последната слика со малку напор, но музички ја исполни коректно. Бранислав Јатиќ (Рајмондо) и Јово Рељин (Артур) ги покажаа и музичките и актерските карактеристики на посочените две улоги. Лазар Белевски (Нормано) и Јоана Тунтева (Алиса) грижливо и со спремност се однесуваа кон своите епизодни улоги. Александар Трач (Лоѓ) со уметничка одговорност ја водеше претставата.

Размената меѓу нашата опера и Државната опера од **Нирнберг** е добра и им одговара на двете оперски куќи. Така, на 26 мај, во „Набуко" од Верди, речиси, пак се сретнавме со познати протагонисти и



Нова „Травијата" – на 12.5.1975 со Милка Стојановиќ и Предраг Протиќ

„Риголето“ од Сараево: Гертруда Мунитиќ и Борислав Александров (14.5.1975)

тоа: Андреас Ферстер – Набуко; Шандор Ариш – Исмаел; Марион Маеролберслебен – Фенена, и Хајнц – Клаус Екер – Закарија. Првенката на операта на МНТ, Анастасија Димитрова ја пееше тешката партија на Абигаила. И големиот свештеник го играше Бранислав Попгеоргиевски од Скопската опера. За гостите од Нирнбершката опера, како и минатите години на МОВ, и сега заклучуваме дека се сериозни музички уметници, имаат однос кон сцената и одговорност, но...

Но, ќе бидеме несправедливи ако не ја истакнеме вистинската централна личност таа вечер – Анастасија Димитрова. Ангел Шурев не знаеме по кој пат беше мошне добар на пултот.

На 29 мај, на претпоследната вечер на МОВ, главните улоги во операта „Трубадур“ ги имаа Ладислав Фогел – Луна; Константин Ене – Манрико; Маргарита Ница-Попеску – Леонора; Елена Гажа-Мунтеану – Ацучена, сите од Букурешт, а Фернандо – Бранислав Попгеоргиевски од Операта на МНТ. Една таква елитна гарнитура добри и школувани протагонисти, секако дека гарантира натпросечен успех. Така и беше, особено кога на диригентскиот пулт се наоѓаше Тадеуш Козловски.

Со „Аида“ од Џузепе Верди, како што е познато, во последните години, завршува МОВ. Така беше и на 31 мај 1988 година. Меѓутоа, речиси до 30 мај не се знаеја некои од дејствувачките лица, бидејќи имаше откажувања од разни причини. Единствено сигурни беа **Миоара Кортес–Давид** од Букурешт за Аида, Симеон Гугуловски – Радамес, Бранимир Стевановиќ за Фараонот, а другите учесници постепено се приклучуваа и тоа: Рени Пенкова од Софија за Амнерис, Бранислав Јатиќ од Нови Сад за Рамфис и Јожеф Немет од Будимпешта за Амонасро. Под диригентството на Александар Лековски претставата мина многу добро.

Отворањето на XVIII мајски оперски вечери на 9 мај 1989 година беше со **„Травијата“** од Верди, опера што е на репертоарот од самото основање на МОВ. Да се надеваме дека така ќе биде и натаму – „Травијата“ да биде заштитен знак на манифестацијата. Во претставата на 9 мај за трите главни улоги гостуваа: Гертруда Мунитиќ (Виолета Валери), Константин Чепрага во улогата на Алфред, и Борис Трајанов, нашиот млад и надежен баритон – Жорж Жермон. Таков терцет би посакала секоја оперска куќа. Убава музика, прекрасна интерпретација и добри актерски остварувања. Само тоа може да се каже за таа претстава кога ќе се додаде и диригирањето на Александар Лековски.

Поезијата на Пушкин и музиката на Чајковски, па сè е тоа музичка поезија. „Евгениј Онегин“ во изведба на **Операта од Нови Сад.** И тука имаше само три главни улоги, иако сме на мислење дека и Грјемин треба да припадне тука. Бидејќи го немаа својот декор, солистите: Бранислав Вукасовиќ (Е. Онегин), Бранка Окљеша (Татјана) и Славољуб Коциќ (Ленски), се најдоа во сосема друг амбиент во декорот на Операта на МНТ, и не можеа да го дадат и да се претстават во сиот свој творечки миг. Веројатно во режијата на Ирина Молостова и во својот декор сè тоа би одело во корист на солидните солисти. Јанез Говедник по сè изгледа добро ја познава и добро интерпретира музиката на Чајковски.

На Гала оперскиот концерт (диригент Александар Лековски) настапија: Дубравка Зубовиќ, Миоара Кортес – Давид (Романија), Борис Трајанов, Елена Гажа-Мунтеану (Романија), Ерол Урас (Турција), Роберт Рајнер (Германија), Галија ел Рашид (Египет), Лилјана Зенделска, Никола Гагов, Ѓелал Бакрачи (Турција), Радмила Бакочевиќ и Симеон Гугуловски.

Протагонистите Пекин Киргиз (Рикардо), Андреас Ферстер (Ренато) од Нирнберг, Миоара Кортес – Давид (Амелија) од Романија, Елена Гажа (Улрика) исто така од Романија, и Славица Петровска во животнорадосната улога на пажот Оскар, во таа вокално тешка опера за пеење, навистина беа пред еден значаен испит. Зашто, во таа насока, Скопската опера со „Бал под маски“, имала голем уметнички дострел со извонредни певци. Но, Пекин Киргиз од Анкара, тенор со мошне растеглив глас квалитетите на Миоара Кортес и останатите, беа доволна гаранција дека „Бал под маски“ на 18 мај ќе се реализира и се реализира, барем за нас гледачите, во замислите на композиторот Џ. Верди. Сè беше во стилот на „Стариот маестро“, па и диригентот Тадеуш Козловски.

И новата средба со „Севилскиот бербер“ од Џ. Росини на **белградскиот оперски колектив** со диригентот Николај Жличар беше пријатна забава на високо ниво. Во поранешните гостувања во ролјата на Розина се појавуваа лирико-ко-лоратурни сопрани, но на 18 мај во таа улога се појави **Јадранка Јовановиќ,** зашто партијата фактички е пишувана за мецо-сопран. Во таа верзија се игра и кај нас со одличното исполнување на Анастазија Мухиќ. Инаку, другите дејствувачки лица се познати и од порано: Гроф Алмавива – Предраг Протиќ; Фигаро – Слободан Станковиќ; Бартоло – Небојша Маричиќ, и Базилио – Живан Сарамандиќ. Тоа е еден добар и уигран тим, со добри гласовни квалитети. Јадранка Јовановиќ претставува забележливо освежување.

На 21 мај гостуваше балетска двојка од СССР во балетот „Жизел“ од Адолф Адам и на 23 мај во „Лебедово езеро“ од Чајковски. Тие

„Нова Македонија“, 4.6. 1983

КВАЛИТЕТ, ХОР, ОРКЕСТАР

„На МОВ годинава учествуваа одлични солисти и диригенти, по што таа беше една од најквалитетните, ако не и најквалитетна во своето досегашно постоење, со мошне избалансирано ниво. Тоа покажува дека МОВ веќе има одредена меѓународна репутација, иако се разбира, би требало да се оди кон зголемување на бројот на земјите учеснички, во согласност со можностите. На смотрата на оперското творештво, секако, голем придонес за општиот квалитет дадоа хорот и оркестарот на Операта на МНТ. И покрај мошне напорната програма, честото влегување од претстава во претстава и под уметничко раководство на постојано нови диригенти и со нови солисти, ансамблот покажа голема спремност за соработка и приспособување“.

Мелпомени Корнети

– Раиса Хилко и Виталиј Виденеев, така играа што со зборови не може да се опише. Мислење е на луѓе што ја познаваат балетската уметност и нејзините човечки достигања дека било... превосходно. Диригентите Фимчо Муратовски – „Жизел“, и Тадеуш Козловски – „Лебедово езеро“, според свој афинитет кон композиторите и по свој натурел, претставите ги изведоа на задоволително ниво.

На 25 мај беше одржан концерт на Мандолинскиот оркестар „25 Мај“ со вокалните солисти Корнелиу Соловастру, Рој Стивенс, Симеон Гугуловски и Мира Бунарџиева.

„Нова Македонија“, 4.6. 1983

ШУРЕВ

*„Мошне добар потег е направен со ангажирањето на диригентот **Ангел Шурев**, еден од водечките југословенски диригенти, со што беа обезбедени основните претпоставки дека спектаклот ('Аида') нема да изостане. Се разбира дека големи надежи се полагаа во солистите **Октав Енигареско, Анастасија Димитрова, Маргит Томик и Стојан Стојанов**, што се покажа како сосема оправдано. Претставата во целост остави мошне добар впечаток, што во прв ред се должеше на успешната соработка меѓу диригентот и солистите кои оставија впечаток на хомогена и добро уиграна екипа“.*

Јане Коцабашија

Пред крајот на XVIII МОВ, на 26 мај, беше прикажан „Набуко“ од Верди. Во насловната улога се претстави **Рој Стивенс** од Калифорнија, САД. Макар што Калифорнија е сончева земја, Рој Стивенс многу, многу не нè огреа со своите музички квалитети. Со други зборови кажано – очекувавме повеќе. Но... што се може покрај Абигаила на Радмила Бакочевиќ на која природата ѝ дала и глас и музикалност и актерство. Симеон Гугуловски со својот продорен тенор брилјираше особено во III слика. Фенена на Анастазија Низамова – Мухиќ толку многу е скротена што делува некако исплашено. Корнелиу Соловастру го исполни ликот на Закарија, но и од него повеќе се очекуваше. Зорица Стошиќ – пејачки добра, актерски статична. Големиот свештеник и неговите свештеници, како и групата на магите – одлични. Добро и сугестивно ја водеше претставата Тадеуш Козловски.

Под диригентската палка на Ванчо Чавдарски и со операта „Аида“ од Џ. Верди, на 31 мај 1989 завршија XVIII мајски оперски вечери. Целиот ансамбл на МНТ – хор, балет и оркестар, заедно со солистите: Ратиба ел Хефни – Аида

„Екран“, 10.6. 1983

„БОЛЕН ДОЈЧИН“

*Изведувачката екипа, предводена од диригентот **Ангел Шурев**, усрдно се залагаше... да ја одржи и задржи претставата, во што и се успеа, благодарение на искусниот и енергичен диригент. Што пак не значи дека творечкиот изведувачки пристап кон ова дело е исцрпен. Напротив. Она што останува како несомнена вредност на изведбата е маестралната креација на **Георги Божиков** како Дојчин, предадена во завршен и совршен вид. **Симеон Гугуловски** како Митре Поморјанче го докажа правилото дека не постојат мали и големи улоги, остварувајќи ретко интензивен лик“.*

Снежана Чадиковска

од Каиро; Сопхи Бидер (Радамес) исто така од Каиро; Дубравка Зубовиќ (Амнерис), Никола Василев (Амонасро) од Софија; Реда ел Ваки (Рамфис) од Каиро и Бранимир Стевановиќ (Фараонот) изведоа мошне атрактивна претстава. Бездруго дека тоа беше спектакл за проштевање и подготовка за следните Мајски оперски вечери.

По осумнаесет години, со **„Цар Самуил“** од Кирил Македонски беа отворени XIX МОВ. Само овој пат во насловната улога се појави **Живан Сарамандиќ** од Белград. Имаше и нови протагонисти: Светлана Донковска (Ирена) Симеон Гугуловски (Василиј II), Кире Лијаковски (Огнен), Лазар Белевски (Владислав) и др. Од првата гарнитура протагонисти останаа Никола Гагов (Гаврил Радомир), Димитри Мариновски (Црнољуб) и др. Претставата ја диригираше Томислав Шопов, а постановката беше на Бранко Ставрев. Кореограф Олга Милосавлева. Добра претстава, но истата поголем впечаток остави на ТВ екранот.

За првпат имавме едно гостување на балетски ансамбл од **Српското народно позориште од Нови Сад.** Требаше да се претстави со „Во потрага по загубеното време“ од Марсел Пруст, корео-драма на Нада Кокотовиќ. Место тоа се играше балетот „Ш'МА“.

„Риголето“ од Џ. Верди, во насловната улога со одличниот Фердинанд Радован од Љубљана, а Војводата од Мантова исто така со сигурниот и разигран тенор од Бугарија – Румен Дојков, се играше на 12 мај 1990 г. Во улогата на Џилда, кај нас за првпат, настапи Силви Пејовиќ, пријатен глас со скромно сценско искуство. Спарафучиле, како и обично Бранислав Попгеоргиевски, со својата карактерна појава успешно го испеа. Анастазија Низамова –Мухиќ беспрекорно музички, сценски и пејачки ни ја пренесе улогата на Мадалена. Впрочем, сите учесници придонесоа за заедничкиот успех на таа убава претстава. Диригираше сосема солидно Тадеуш Козловски.

На 15 мај нов Гала оперски концерт, со солисти од Нирнберг и од Операта на МНТ. Учествуваа: Лиа Келер, Карл – Хајнц Тиман, Хајнц – Клаус Екер, Џејмс Мек Лин од Нирнберг, Никола Гагов, Анастазија Мухиќ, Лилјана Зенделска и Борис Трајанов. Диригент: Ванчо Чавдарски.

На 19 мај на репертоарот на МОВ се наоѓаше „Набуко“ од Џ. Верди. Во главните улоги гостуваа Јожеф Немет од Унгарија во насловната улога, Венета Јанева–Ивељиќ од Загреб, која беше меѓу најдобрите на претставата (Абигаила), Невен Беламариќ (Закарија), Никола Гагов (Исмаел), Анастазија Мухиќ (Фенена) и Бранислав Попгеоргиевски (Големиот свештеник) и др. беа од

Наталија Филипова и Владимир Никонов од СССР, со диригентот Ангел Шурев, по изведбата на „Дон Кихот“ (20.5.1975)

Уште еден подарок од Букурешт: „Трубадур“ со Корнел Ставру, Магдалена Конович, диригентот Корнел Траилеску, Михаела Ботез и Николае Херлеа (28.5.1975)

солистичкиот состав на Скопската опера. Мошне добра претстава во која доминираше Венета Јанева–Ивељиќ. Ансамблот музички го водеше Ал. Лековски.

Радио Загреб (Дневни новости), 10.5. 1984

ДОМАШНИ СИЛИ

„Значи, почна по тринаесетти пат тоа благородно интерјугословенско и интернационално натпреварување на врвни пејачи и најдобри диригенти во убавото пеење со помош, како е веќе познато, на сценски, оркестарски, хорски и епизодистички услуги на самиот домаќин, Операта на МНТ. Но, синоќа започна со во потполност домашни сили и со толкава убавина и сугестивноста на белкантото, убавото пеење, што не би било на место прашањето на кој друг ансамбл кај нас и по некој надвор од границите на нашата земја, тоа би му успеало исклучително со домашни сили да оствари (претстава; 'Бал под маски') со таков жар на вердијанската убавина и со таква изразеност и изедначеност во музичко-техничка и музичко-сценска дисциплина како што тоа синоќа го остварија скопските оперски уметници“.

Ѓорѓе Шаула

Балетот „Жизел“ од А. Адам на 26 мај имаше единствен гостин, од СССР – Мелис Пакри, кој беше добар партнер на примабалерината на Балетот на МНТ, Зоица Пуровска (Жизел). Таа „Жизел“ ја диригираше Томислав Шопов.

На 29 мај во „Травијата“, од Џ. Верди имавме двајца гости од Турција и тенорот Константин Чепрага од Романија. Ишик Курт, третпат на МОВ како Виолета, пријатно изненади, а Жорж Жермон на Месут Икту нешто статичен, гласовно поскромен од Ишик Курт, но и двајцата на едно ниво што се толерира на една манифестација како што се МОВ. Чепрага ни е познат и од поранешни гостувања и за него можат да се одвојат многу ласкави и позитивни кажувања. Томислав Шопов и таа претстава солидно ја диригираше.

И најпосле „Аида“ од Џ. Верди. За пофалба е дека тоа дело на Џузепе Верди, организаторите и Дирекцијата на Операта на МНТ, сосема го „зацврстија“ за затворањето на Мајските оперски вечери.

На 31 мај 1990 година и на сценско-акустичната проба претпладне и вечерта на самата претстава, скромната и ненаметлива **Светлана Котленко** од Софија покажа што се крие во нејзината нешто „стуткана“ појава. Аида во едно комплетно издание – прекрасен глас и со него манипулира како сака, се разбира во рамките на нотното писмо; актерско мајсторство во непобитна смисла на тој збор и срдечно партнерство. Златомира Николова до Љубљана како Амнерис беше добар реализатор на својата партија, како и Димитар Станчев-Рамфис. Амонасро на Борислав Александров од Сараево, и покрај повеќегодишното присуство на сцена, гласовно сè уште свеж, а актерски активен. Тадеуш Козловски претставата ја водеше мошне коректно. И оваа „Аида“ имаше спектакуларни ефекти.

ДЕВЕТНАЕСЕТТИТЕ МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ завршија минатата година со добар прием од страна на публиката. Програмата беше добра, но можеше да биде уште подобра. Реализаторите на програмата (музичките уметници, балетските играчи и диригентите) беа добри, многу добри, а имаше и одлични. Ги имаше доволен број, но ако финансиерите беа поштедри, ќе ги имаше и повеќе, макар што не секогаш го бараме квалитетот во квантитетот.

Овде, на крајот, да додадеме дека нема година а Мајските оперски вечери да не бидат прогласени или биле во потесниот избор за прогласување на културен настан на годината. Впрочем, најверните посетители, толкувајќи ги чувствата и мислењата на приврзаниците на МОВ, веќе Скопје го нарекоа „Југословенска Верона“.

Васил Ќортошев

„Млад борец“, 22.5. 1984

РАЗБИРЛИВА УМЕТНОСТ

*„Најавениот солистички ансамбл (настапуваше најдобрата постава на Операта на МНТ)... во голема мера имаа создадено претпоставка кај скопската публика за свечена и добра претстава ('Бал под маски'). Впрочем, секоја претстава може да биде добра ако зборува со јазикот на разбирлива уметност... Диригентот **Ангел Шурев**, кој сериозно работеше на подготвувањето и реализацијата на оваа опера, умешно ја водеше претставата. Пленувајќи со свежината и чистотата на гласот и со вонредно сценско емитирање, под диригенство на А. Шурев и режија на **Васил Ќортошев**, особено значаен чинител во претставата беше хорот на Скопската опера“.*

Кираца Бошкова

„Вечер“, 22.5. 1984

БОСОНОГА КАРМЕН

*„Одбирајќи сосема спротивен артистичко-пеачки приод кон оваа улога... **Росица Троева** напросто ја разби скаменетата претстава за Кармен, давајќи и нови, дури модерни хипи димензии! Не само тоа, нејзината Кармен е чисто, босоного девојче, сиромашно горделиво, независно, оддадено, честољубиво... едно ново, вонконфекциско, силно, убедливо и драматуршки оправдано согледување на овој лик. Се разбира, сето тоа ќе беше попусто ако Росица Троева не поседува вонредна пеачка култура, своевидно колорирана вокална емисија: темна, топла, интензивна, со сензибилна носивост“.*

Владо Чучков

ПРИКАЗНА ЗА МОВ

Вечниот театарски стремеж – полн салон, Мајските оперски вечери (МОВ) го обезбедија уште во самиот почеток: вечерта на 9 мај 1972 година – за претставата на „Цар Самуил“ – скопската Универзална сала (најголемото гледалиште за културни приредби во градот) беше мала за да може да ги прими сите оние љубители на оперската музика кои сакаа лично да присуствуваат на раѓањето на оваа единствена музичко-сценска смотра на југословенските и другите балкански оперски куќи, подоцна и на оперски уметници од другите европски и воневропски музички простори.

Како што почнаа, Мајските оперски вечери така и продолжија. Во деветнаесетте изминати години, Универзалната сала до 1982 година и потоа салонот во новата куќа на Македонскиот народен театар (МНТ) беа полни и преполни – со навистина сосем мал број исклучоци – за следните 167 оперски претстави по „Цар Самуил“, како и за повеќето балетски изведби и концертни приредби на оперска, симфониска и камерна музика.

Обезбедувајќи си го директниот допир со гледачот, тој услов без кој не се може и без кој, бездруго, нема никаква смисла ниту една културна приредба, оваа манифестација ја доби својата прва карактеристика и најважна битка: продавање на билетите на благајна (со денови и денови порано) и редовно барање на „билет повеќе“.

Мајските оперски вечери почнаа малку по 19,30 часот на платото пред Универзалната сала, на аголот меѓу улицата „29 Ноември“ и булеварот „Партизански одреди“, точно на 25-годишнината од основањето на Операта на Македонскиот народен театар, на тој мироносен ден избран за основањето на македонската опера и за воспоставување на Мајските оперски вечери.

Мајските оперски вечери се родија со Триумфалната сцена од Џузепе Вердиевата „Аида“. Десетина минути потоа почна и претставата на операта **„Цар Самуил“** од **Кирил Македонски**, во изведба на уметниците од Операта на МНТ.

Чести први да запејат на I мајски оперски вечери ја имаа:

Никола Гагов, Георги Божиков, Марија Скаловска, Ана Липша – Тофовиќ, Стојан Стојанов, Артур Сурмејан, Станко Липша, Гога Трајанов, Јордан Тодоровски, Коста Шуваковиќ и **Драган Шојлев.** Тие, под диригентската палка на **Фимчо Муратовски,** ја изведоа оваа опера во три чина, во режија на **Данчо Митровски,** на сцената обликувана од **Драгутин Аврамовски** и во костимите на **Јелена Патрногиќ.** Хорот настапи во подготовка на **Томислав Шопов,** оркестарот со концерт-мајсторот **Ѓоко Николовски,** балетскиот ансамбл ја играше кореографијата на **Олга Милосавлева,** инспициент беше **Кочо Георгиев,** а суфлер **Убавка Гагова.**

До 31 мај, околу 15 000 гледачи проследија уште девет оперски и две балетски претстави, како и еден концерт.

Првите МОВ завршија исто така со изведба на македонско оперско дело, определба што подоцна стана традиција и карактеристика на манифестацијата – изведување на опери и балети од македонски автори. Последниот мајски ден во 1972 година публиката ја проследи изведбата на **„Разделба“** од **Трајко Прокопиев,** опера напишана според драмата „Печалбари“ од Антон Панов.

Мајските оперски вечери во 1972 година секако беа возбудливи и меѓу изведбите на „Цар Самуил“ и „Разделба“.

„Нова Македонија“, 26.5.1984

КОЛУМБИС

„Искрените аплаузи на публиката најмногу му беа упатени на најуспешниот солист во претставата ('Травијата'), нашиот познаник од претходните МОВ, Андреас Колумбис. Улогата на загрижениот, достоинствен татко Жорж Жермон, овој уметник со богат гласовен потенцијал, со култивирана техника и однегувано чувство за трансформација, ја оствари моќно експресивно, емотивно доживеано и уверливо“.

Веселинка Бабамова

Публиката имаше можност да ги слуша и види **премиерата** на **„Русалка“** од Антонин Дворжак во изведба на Операта на МНТ, како и истакнатите солисти од **Белградската опера** во „Евгениј Онегин“ на Пјотр Чајковски, од **Новосадската** во „Норма“ на Винченцо Белини, од **Сараевската** во „Набуко“ на Џузе-



„Аида“ за помнење: Стела Аксарлис, Давид Оханесјан и Владислав Пјавко (31.5.1975)

Прославената македонска Виолета Валери, Павлина Апостолова (со Благоја Николовски) на изведбата на „Травијата“, 9.5.1976

пе Верди, од **Софиската** во „Дон Карлос“ на Џузепе Верди, од **Загребската** во „Кармен“ на Жорж Бизе, од **Љубљанската** во „Аида“ на Џузепе Верди и од **Букурешката** опера во „Травијата“ на Џузепе Верди.

Беа изведени уште балетот „Дон Кихот“ од Лудвиг Минкус и мошне значајните „Четири балетски видувања“ во една вечер – „Воена приказна“ од Љубомир Бранѓолица, „Патувања“ од Томислав Зографски, „Бранови“ од Тома Прошев и „Фрески“ од Благоја Ивановски.

На сите овие претстави и изведби публиката реагираше топло, срдечно и – многубројно.

Реагираа и директните учесници и стручни лица за време на Првите МОВ, по нивното одржување и годините потоа, сè до денес, истакнувајќи ги во своите кажувања согледувањата за постигнатите резултати, укажувајќи на вредностите на МОВ и поздравувајќи ја манифестацијата како мошне значајна секако во југословенски рамки, но и пошироко на балканските и другите европски простори.

„Ова е единствена манифестација на оперската музика во Југославија“ вели басот **Рудолф Немет** и додава: „Ако Македонскиот народен театар успее да одржи континуитет, тоа ќе биде голем успех“.

Наполеон Зис од Полска изјавува: „Ова е манифестација што заслужува највисока оцена, како за начинот на организирањето, така и за своето уметничко и воопшто културно значење“.

Романскиот баритон **Октав Енигареско** ги посматра Мајските оперски вечери и од аспект на можната комуникација меѓу оперските уметници од различни земји: „Прекрасно е што во Скопје имаме можност да се запознаеме со пејачи од Југославија и од другите европски земји... ете, со тоа Скопје станува жариште на оперската уметност“.

Диригентот **Иван Штајцер** зборува за идејата за основање на оваа и ваква манифестација: „Идејата за одржување на Мајските оперски вечери во целата наша јавност е примена со големо интересирање и ентузијазам“.

За идејата говори и балерината **Лилјана Баталакова:** „Токму во овој театар се роди една многу убава идеја која и сега има голем успех кај публиката. Мајските оперски вечери заживеаја пред повеќе години и, еве, сега сме сведоци на нивните вредни резултати и успеси“.

Тврдењето дека „идејата се роди токму во овој (Македонски народен) театар“ упатува на името на **Васил Ќортошев,** тогашен директор на Операта на МНТ, оперски режисер и порано оперски пејач (тенор). Како иницијатор на Мајските оперски вечери, организатор и реализатор, Ќортошев во своето кажување во книгата „Македонски народен театар 1945–1985“ потсетува на некои јубилејни одбележувања и свечени испраќања во пензија на истакнати оперски и балетски уметници, па заклучува:

„Меѓутоа, врв на сите тие акции и дејности беше идејата за организирање во Скопје на мајски оперски вечери. Концепцијата на Вечерите ја разработив и ја предложив на еден состанок уште во 1967 година“.

Идејата не била прифатена, се разбира ни реализирана – од повеќе причини. Ќортошев: „Но, кога во 1971 година станав директор на Операта и Балетот на Македонскиот народен театар, а веќе се зборуваше за скромно одбележување на 25-годишнината од основањето на Операта, најдов за потребно идејата да ја лансирам повторно. И, се разбира, со полна поддршка на највисокото раководство на Македонскиот театар, предлогот се прими“.

„Нова Македонија“, 22.9.1984

АФИРМАЦИЈА

„Мајските оперски вечери на нашиот простор се веќе афирмирана и потврдена манифестација. Нив публиката, скопската, ги очекува со нетрпение и голем интерес. Но, дали со тоа завршува и нивната функција?... Да се размислува за иднината и пред сè за нивната афирмација и прифаќање во пошироки рамки надвор од земјава, па и во светот... Мајските оперски вечери секако треба да претставуваат полигон за презентација на македонската оперска уметност“.

Лилјана Мазова

Прв човек во тогашното раководство на Македонскиот народен театар беше управителот **Стоимир Поповски.**

За почетоците на Мајските оперски вечери Поповски ги кажува следниве констатации:

„Во 1972 година Македонскиот народен театар ја реализира манифестацијата Мајски оперски вечери... идејата беше преку оперското и балетското творештво да ги зближиме театарските куќи во Југославија и на Балканот, со презентирање на она што е најдобро во тие куќи".

За оваа димензија на Мајските оперски вечери зборува и Васил Ќортошев: „Недвосмислено се покажа дека јазикот на музиката е универзален допир со човекот од сите времиња и од сите меридијани на светот. Нека ја кренеме завесата на Мајските оперски вечери со надеж и уверување дека тој допир сега и во иднина ќе биде уште позближувачки".

Повторно Поповски: „Со оглед на тоа што првите две средби (МОВ во 1972 и 1973 година) покажаа дека се од особен интерес не само за скопската публика, туку и за куќите кои беа поканети со своите солистички екипи на чело со диригенти, во Театарот се дојде на идеја тие да станат традиционални, поврзани со денот на Операта".

Во воведниот текст за каталогот на МОВ 1977, **Д. Б.** пишува: „Меѓу бројните манифестации што се одржуваа на нашиов културен простор, Мајските оперски вечери со својот специфичен програмски профил заземаат посебно место... и во само неколкуте години на своето постоење стекнаа безрезервна поддршка меѓу најширокиите слоеви на љубителите на оперската музика".

Од воведниот збор на композиторот **Сотир Голабовски** во каталогот на МОВ за 1976 година, го приведувам делот каде што се поврзуваат материјалните можности со уметничките резултати:

„Водејќи сметка за материјалните можности, а едновремено и за високите уметнички барања, организаторот на Мајските оперски вечери не само што успеа да направи манифестација која што го збогатува музичкиот живот во Скопје, туку таа и го поттикнува побрзото повисоко професионално созревање на нашиот оперски колектив".

На таков начин, Македонскиот народен театар, неговите уметнички ансамбли и организационите тела со внатрешни и надворешни членови – уште во првата година имаа в рака манифестација, културен проект што даваше огромни можности за развој во повеќе насоки.

Прво МОВ станаа терен за најширока комуникација со публиката; **потоа** – станува збор за подемот во уметничкиот развој на сите сегменти што ја сочинуваат Операта на МНТ, а во определена мера и на Балетот; **конечно** – тука е и можноста за многукратно и висококвалитетно среќавање со актуелните резултати и вредности на сите југословенски оперски центри и со највисоките постигања на бројни оперски куќи од балканските и од неколку други европски, па и воневропски, земји.

Резултатот навистина е импресивен и вреден: за деветнаесет години имавме прилика да бидеме сведоци на уметноста на над илјада гости од оперските куќи (како екипи или како поединци) на Белград, Загреб, Љубљана, Сараево, Нови Сад, Осиек, Сплит, Риека и Марибор, како и на Анкара, Атина, Истанбул, Софија, Букурешт, Брно, Прага, Братислава, Варшава, Лоѓ, Берлин, Осло, Москва, Ленинград, Киев, Виена, Њујорк, Милано, Рим, Диселдорф, Париз, Будимпешта, Сантјаго, Нирнберг, Мелбурн... кои настапуваа заедно со солистите, епизодистите, хорот и оркестарот на Операта на МНТ пред потврдените близу 250.000 посетители!

Затоа:

„Кога се говори дека операта е во криза", забележува во една своја изјава романско–југословенскиот баритон и драмски актер **Душан Бугарин,** „треба да се сетиме на Скопје. Мајските оперски вечери го кажуваат спротивното. Со Мајските оперски вечери е целиот град. Таа манифестација постои и живее со публиката".

Вторите Мајски оперски вечери имаат петнаесет приредби. На МОВ 1973 година првпат настапија и млади пејачи, во рамките на средбата **Млади оперски надежи** којашто подоцна прерасна во **Меѓународна средба на млади оперски надежи „Томче Грнчаровски"**, со – во некои години – извонредни откритија на големи таленти кои потоа настапуваа во репертоарот на МОВ и на Операта на МНТ и кои станаа истакнати солисти на европската оперска репродуктива.

МОВ '73 на својата програма ја добија и солистичката екипа од Анкарската опера (со „Фауст" од Шарл Гуно), а секако ги имаше и екипите од југословенските оперски куќи со некои нови и некои познати – од МОВ '72 – солисти, но јасно во други оперски дела.

На програмата беа „Набуко", „Травијата", „Норма", „Мадам Батерфлај", „Боеми", „Кармен", „Севилскиот берберˮ и „Аида".

Свеченото отворање на II МОВ ѝ припадна на првенката на Операта на МНТ **Ана Липша–Тофовиќ,** која, прославувајќи 25 години уметничка дејност на оперската сцена и на концертниот подиум во Скопје и другите југословенски центри и од Кина до Шпанија, спои два музички века во една вечер, уметнички потфат што предизвика почит и возбуда. Ана Липша–Тофовиќ прво го толкуваше **Орфеј** во „Орфеј и Евридика" (18 век) од Кристоф Вилибалд Глук, а потоа ја пееше **Мадам Флора** во „Медиум" (20 век) од Џан – Карло Менотти. Таа вечер А. Л. – Т. ги имаше своите ѕвездени мигови.

„Тоска": Марија Нистор–Слатинару и Корнелиу Финатеану во главните роли Тоска и Каварадоси (23.5.1976)

„Нова Македонија", 16.5. 1985

ПЕТРОВСКА

*„Особено пријатно изненадување на вечерта, пак, претставуваа младиот **Кире Лијаковски** (Фигаро; 'Свадбата на Фигаро') со својата непринуденост и вонреден глас, во кој се чувствуваат уште поголеми развојни можности; и најмалата улога на вечерта, на дебитантката **Славица Петровска** (Барбарина), која блесна во буквална смисла на зборот со својата мала, но бисерно отпеана арија во последниот чин, како и со својот изразит усет за сцена и за ситуација".*

Ратка Димитрова

„Мадам Батерфлај“ на 29.5.1976: Јордан Тодоровски, Пјеро Филипи, Борис Вајда, Блаженка Милиќ и Гордана Мариќ од Загреб

Ѕвездени мигови и стоечки овации на следните Мајски оперски вечери доживеа и **Николае Херлеа,** романски баритон, на своето трето гостување (првото во 1972 година беше Жорж Жермон во „Травијата“, второто во 1973 година Фигаро во „Севилскиот берберˮ) со ликот на Риголето. Во 1974 година, на 29 мај, Херлеа дефинитивно ја освои скопската публика („Тоа е прекрасна публика која многу прецизно ги доделува своите аплаузи“, изјави за „Вечер“ романскиот баритон, „и секогаш со посебно чувство на одговорност за моето презентирање пеам во Скопје“), која умееше десетина минути да му ракоплеска за неговата врвна креација на несреќниот татко. Херлеа беше и остана еден од најистакнатите гости на Мајските оперски вечери и еден од најчестите – настапи вкупно осумпати: уште еднаш како Риголето, потоа беше Луна („Трубадур“), Скарпија („Тоска“), Тонио – Тадео („Паљачи“) и Родриго („Дон Карлос“) во 1979, последна година на своите доаѓања на МОВ.

Вечерите во 1974 година повторно во програмата имаа македонска опера – **„Илинден“** од Кирил Македонски. Оваа традиција и карактеристика почна со „Цар Самуил“, па преку „Разделба“ и „Илинден“, продолжи со „Кузман Капидан“ на Трајко Прокопиев во 1981 година и со праизведбата на „Болен Дојчин“ од Ристо Аврамовски во 1983 година.

До тој момент, концепцијата на Мајските оперски вечери, онака како што ја замислил и предложи Васил Ќортошев, а ја усвои Уметничкиот совет заедно со Програмската комисија на МОВ, се реализираше стопроцентно. Секоја година гостуваа солистички екипи со диригенти од различни оперски куќи, за свечените отворања се подготвуваше посебна претстава во комплетна изведба на Операта на МНТ, „Аида“ ја добиваше улогата на свеченото затворање на Вечерите, средбата на младите оперски надежи прераснуваше во значаен вокален конкурс, а операта „Травијата“ уште тогаш беше единственото дело изведувано на сите МОВ, среќен факт што се протега во сите деветнаесет години на Мајските оперски вечери.

Во 1974 година, Мајските оперски вечери ги надминаа и балканските рамки. Наместо предвиденото гостување на солистичката екипа од Анкарската опера во сите единаесет улоги на „Продадена невестаˮ (откажувањето дојде поради репертоарското присуство на операта „Илинденˮ?!), организаторот – откако каталогот веќе беше отпечатен – покани интернационална екипа во која столб беа уметниците на операта од Брно, Чешкословачка. Така, наместо диригентот Сабахетин Календер и пејачите Незат Борен, Ѓулшен Каџај, Кериман Давран, Али Коч, Нуран Авџи, Шинаси Озел, Пекин Киргиз, Хилми Гиргинкоч, Октај Акјуз, Берѓам Кизилтуѓ и Кахит Сахер, на 16 мај 1974 година настапија диригентот **Вацлав Носек** и пејачите Велизар Максимовиќ, Евдокија Доброхотова, **Јиндра Покорна,** Станко Липша, Ана Липша–Тофовиќ, **Јозеф Вевер-ка, Владимир Крејчик,** Жарко Цвеиќ, Шиме Луцин, Јоана Петрова и Драган Шојлев. Две години подоцна (во 1976), Анкарската опера гостуваше на МОВ со малку изменета – но, комплетна – солистичка екипа во операта на Беджих Сметана.

Интернационалниот состав на „Продадена невестаˮ и веќе по традиција на „Аидаˮ, како и првото гостување на оперски уметници надвор од балканските простори, почнаа да внесуваат промени во концепциските определби на Мајските оперски вечери. Првата промена беше што на МОВ нема да бидат поканувани само „оперски куќиˮ, туку и одделни солисти – индивидуално; второ – почна поширокаата комуникација со уметници кои не се членови на оперските куќи на овој Полуостров.

Веќе на IV мајски вечери, во 1975 година, ги добивме и гостите од Советскиот Сојуз – навистина, во балетските претстави: од Киев за „Легенда за љубовта,“ од Москва за „Дон Кихотˮ Валентина Калинов-

„Политика“ – Белград, 5.6.1985

ЈУГОСЛОВЕНСКА ВЕРОНА

„Спектакл пред претставата: до последно место исполнета салата на Македонскиот народен театар... зафатени сите скали и сите празни простори од левата и десната страна на сцената, дури меѓу партерот и галеријата беа уфрлени помошни седишта... Што се однесува до спектаклот во текот на претставата... сето време беше импресивен. Претставата во еден здив ја изведе избрана екипа солисти... Во целина, оваа претстава на 'Аида' во Скопје сведочи за високото ниво на годинашниов оперски фестивал во главниот град на Македонија, па Скопје со причина може да се смета за југословенска Верона“.

Д. Плавша

„Одјек“ – Сараево, јуни 1985

ЕВРОПА НА ВАРДАР

„...сепак, мислата 'Европа на Вардар' има свое полно место кога станува збор за програмите на скопскиот оперски мај... (тука) триумфираше енергијата и истрајноста на уметничкото раководство на Македонскиот народен театар оваа средина да добие една специјализирана творечка смотра со најшироко собирање на домашни и гостински состави, пред секогаш благодарната и љубопитна публика. Присуствувавме на неколку изведби на годинашниов фестивал што во најдобра можна мерка заслужуваат да бидат одбележани. Пред сè, потфатот на домаќинот на фестивалот: Операта на МНТ. За самиот чин на свеченото отворање на 'вечерите', 9 мај, беше избрана премиерата на 'Свадбата на Фигаро' од Волфганг Амадеус Моцарт со гости – диригент и режисер од Полска“.

Павле Анагности

ската, Владимир Крилов и Ирина Лукашова, односно Наталја Филипова и Владимир Никонов.

„Вечерите“ беа отворени со **„Кнез Игор“** од Александар Бородин. Во комплетната солистичка екипа на Операта на МНТ (Мариновски, Божиновска, Гагов, Божиков, Низамова–Мухиќ, Г. Трајанов, Црвенов, Тодоровски, Доброхотова и Митровска) гостуваше белградскиот бас **Мирослав Чангаловиќ**.

Така, прославениот пејач се приклучи кон веќе импресивната гостинска галерија на ликови на МОВ во интерпретација на Радмила Бакочевиќ, Бреда Калеф, Марија Алпар, Николај Гузелев, Адријана Стаменова, Владимир Ружѓак, Бисерка Цвеиќ, Ванда Герлович, Валентин Теодоријан, Рудолф Немет, Милка Стојановиќ, Сеит Ахмет–Јилдиз, Јулија Винер, Соња Хочевар, Никола Херлеа, Божена Рук–Фочиќ, Силвија Војнеа, Душан Бугарин, Борис Ваида, Магда Јанкулеску, Умберто Борсо, Милица Зечевиќ, Ладко Корошец, Магдалена Конович, Гертруда Мунитиќ, Рајко Коритник и многу други.

„Нова Македонија“, 22.5.1985

ЛИЈАКОВСКИ, ПОПГЕОРГИЕВСКИ

„Пријатно беше доживувањето следејќи ја креацијата на ликот на Клисарот од страна на Кире Лијаковски, што ни покажува дека се работи за талентиран и креативен уметник, исто како и за Бранислав Попгеоргиев, во улогата на Анџелоти. Хорот на овој ансамбл (во 'Тоска') ни се претстави по своите куси фрагменти сосема успешно, интонативно чисто и гласовно воедначено“.

Снежана Пановска

Во 1975 година добивме прекрасна екипа за „Аида“. Под диригентство на **Олџжих Пипек,** главните улоги ги пееја **Стела Аксарлис** од Мелбурн, **Ирина Архипова** и **Владислав Пјавко** од Советскиот Сојуз и **Давид Оханесјан** од Романија.

Посебно доживување имавме со турските оперски уметници Киргиз, Курт, Угур, Баран, Гиргинкоч, Озел и Авџи кои во изведбата на „Севилскиот бербер“ на комиката на Бомарше и на Росини им ја додадоа својата актерска игра и пеењето на турски, што беше особено комично во бравурозниот секстет и во партиите „Кутриот Бартоло“ („Поверо Бартоло“, односно „Завали Бартоло“) и „Тивко, тивко“ („Пјано, пјано“, односно „Јаваш, јаваш“).

Можеби предвидувањата и желбата на **Имре Топлак** до тој миг не се реализираа сосем кога изјави дека „ова е извонредна манифестација што во иднина ќе ги собира најпознатите пејачи од светот“, но бездруго МОВ стануваа и станаа манифестација со многу познати пејачи од светот на операта.

Слично на Имре Топлак, но веќе не како предвидување, туку како констатација, мисли и сопранот **Изабела Наве:** „Мошне интересен и значаен фестивал на оперската музика на кој цел месец се слушаат врвни пејачи и секогаш нови гласови... и сите тие имаат прекрасна публика. Затоа Мајските оперски вечери се во постојан пораст“.

Милица Зечевиќ–Буљубашиќ, која во 1974 и 1978 година гостуваше на МОВ како првенка на Сараевската опера, а во 1985 година дојде како првенка на Операта од Диселдорф, при последното гостување изјави: „Од мојот прв настап овде помина повеќе од деценија. За тоа време Мајските оперски вечери стануваа престижна манифестација и тоа – сосем заслужено“.

За малиот јубилеј – отворањето на Петтите МОВ – не можеше да се избере поубава претстава од „Травијата“. На 9 мај 1976 година **Павлина Апостолова,** Анастазија Низамова, Славка Михајлова, **Благоја Николовски, Никола Митиќ,** Гога Трајанов, Драган Шојлев, Спирос Куфојанакис и Бранислав Попгеоргиевски ги пееја улогите во Вердиевата „Травијата“, на нејзиното петто претставување на МОВ. Со овој настап, **Павлина Апостолова** им се придружи на интерпретаторките на ликот на Виолета Валери во прекрасната низа толкувачки на оваа весела и достоинствена хероина, жртвувана и навредувана, трагична и сакана. Прва Виолета Валери на МОВ беше **Елена Симионеску** од Букурешт, потоа **Нада Ружѓак–Сиришчевиќ** од Загреб, **Вера Бердовиќ** од Нови Сад и **Милка Стојановиќ** од Белград. По 1976 година, ликот на Виолета го толкуваа: **Ишик Курт** од Анкара, **Вера Ковач–Виткаи** од Нови Сад, **Благовеста Карнобатлова** од Софија, **Данута Салска** од Варшава, **Фофи Сарандопулу** од Атина, **Кериман Давран** од Анкара, **Гордана Јевтовиќ** од Белград, **Татјана Новикова** од Ленинград, чудесната „џебна пејачка“ **Гражина Чопинска** од Варшава, **Гудрун Ебел** од Нирнберг и **Гертруда Мунитиќ** од Сараево.

„Љубовна напивка“ од Софија: Благовеста Карнобатлова и Павел Куршумов (16.5.1977)

„Борба“ – Белград, 28.6.1985

НА ДЕЛО

„Во остварувањата што се на репертоарот на скопската оперска куќа, во фестивалските денови се претставуваат еминентни гости од Белград, Загреб, Љубљана, Сараево, Анкара, Атина, Букурешт, Милано, Варшава, Ленинград, Диселдорф... Освен тоа, фестивалот иницираше најшироко собирање на југословенските уметнички потенцијали и, се чини, дека тоа е она што битно го разликува од сличните сезонски приредби со подолга и побогата традиција. Еден од најзаслужните на планот на творечката афирмација на фестивалот е долгогодишниот режисер на Операта ***Васил Кортошев,*** *кој на оваа сцена ги поставил речиси сите најзначајни дела на италијанското белканто“.*

П. Анагности

Во 1976 година беше направен и првиот обид за комплено гостување на цела оперска куќа. Имено, беше замислено Операта на Народното позориште од Белград пред скопската публика да ја изведе **„Турандот“** од Џакомо Пучини. Меѓутоа, до реализација на ова гостување не дојде.

Такво едно гостување, меѓутоа, се реализира следната (1977) година кога Операта и Балетот на **Театр вјелки** од **Лоѓ,** Полска, во програмата на МОВ ги изведоа оперите **„Орфеј“** од Клаудио Монтеверди и **„Халка“** од Станислав Моњушко и балетот „Гајане“ од Арам Хачатуријан. Договорено врз база на возвраќање, Операта и Балетот на МНТ гостуваа во Лоѓ со „Цар Самуил“ од Кирил Македонски, „Норма“ од Винченцо Белини и балетот „Песна над песните“ од Тома Прошев.

Директно поврзана со постоењето на Мајските оперски вечери, оваа размена на релација Лоѓ – Скопје не беше и не е единствен резултат на МОВ во тој поглед. Имено, неколку солистички екипи со диригенти од Скопје гостуваа во Белград, Загреб и Сараево, а исто така во Софија, Лоѓ, Нирнберг и

Анкара. Не се многу, можеа тие гостувања да бидат и почести (овде не ги сметаме индивидуалните гостувања што можат, но не мора да се сметаат во активата на МОВ), доколку се имаше и поорганизиран настап, доколку меѓусебните информирања беа поредовни, доколку контактите имаа и други форми.

Првите пет години програмата на Мајските оперски вечери беше составена од дваесет и две оперски дела, од кои петнаесетина од „железниот" репертоар што веќе близу цел век владее на оперските сцени низ светот, без да покажува знаци на заморување! Тајната на неговото опстојување е задача за објаснување од страна на музичките стручњаци и од проучувачите на вкусот на публиката (!), но што се однесува до Мајските оперски вечери, „повторувањето" на некои наслови, односно нивното прифаќање од страна на публиката – во овој случај – може релативно лесно да се објасни со возбудувањата што го носи слушањето на нови и нови гласови од кои добар дел токму на МОВ го даваат својот максимум, зашто инспирацијата „доаѓа од публиката, бидејќи не секогаш", како што еднаш рече **Николае Херлеа**, „се пее пред две илјади луѓе кои разбираат што е тоа опера".

Сепак, збогатувањето на репертоарот со нови наслови се наметна како една од примарните задачи што организаторот си ги поставуваше пред себе. Резултат од таквите определби беа и вклучувањата на оперските дела **„Љубовна напивка", „Палјачи", „Бал под маски", „Кавалерија рустикана", „Кузман Капидан"**, повторно **„Аида"** во 1982 година – по шестгодишна пауза, **„Болен Дојчин", „Свадбата на Фигаро", „Лучија ди Ламермур"** и **„Циганскиот барон"**.

Репертоарот на Мајските оперски вечери е во директна зависност од репертоарот на Операта, па определени наслови доаѓаат на МОВ во „бранови", некои – покрај „Травијата" – се присутни речиси постојано („Боеми", „Кармен", „Норма", „Риголето", „Севилскиот бербер"...), а за некои се правеа обиди да се доведат од други сцени.

Радмила Тодоровска и Борислав Александров по изведбата на „Тоска" на 19.5.1977

Десеткратната гостинка на МОВ **Радмила Бакочевиќ,** говорејќи за репертоарот на оваа оперска смотра, вели: „Фактот што Мајските оперски вечери се одржуваат толку години, значи дека имаат висок уметнички квалитет, а и тој се одржува затоа што ја има највредната поддршка – од публиката".

Марија Алпар (Норма, Тоска и Абигаила во „Набуко" досега на МОВ) вели, „му завидувам на Скопје што има единствена можност да ја види најдобрата оперска југословенска репродуктива" и смета дека „вакви средби се доста ретки и во светски рамки".

Во 1978 година, покрај екипите од Љубљана, Нови Сад, Сараево, Анкара, Загреб, Белград и Букурешт, гостуваше и екипа од „земјата на операта" Италија. Миланските пејачи **Адријана Анели** и **Лоренцо Сакомани,** под диригентството на **Наполеоне Ановаци,** ги толкуваа главните улоги во „Риголето" (Џилда и Риголето), при што ракоплескањата рамноправно со нив ги прими и **Паулос Раптис** во улогата на Војводата од Мантова.

На Осмите мајски оперски вечери дојде солистичка екипа и од **Осло!** Тоа на манифестацијата во Скопје ѝ го потврдуваше веќе зацртаниот европски карактер, зашто на сцената на МОВ, пред норвешките, веќе имаа гостувано уметници од Чешкословачка, Полска, Советскиот Сојуз, Италија и Австралија.

За „Дон Карлос" од Осло дојдоа **Алмар Хеген, Кнут Скрам, Одбјерн Тенфјорд** и **Веса Хансен,** како и „норвешките Југословени" Зденко Пехарда и Мирјана Данчуо. Истата опера беше изведена и на свеченото затворање на Мајските оперски вечери во 1979 година – со интернационална екипа на ѕвезди меѓу кои, последен пат на МОВ, беше љубимецот на публиката, баритонот **Херлеа.**

„Вечер", 11.5.1986

БЛЕСОК

*„Благодарната и строга публика прво го 'откри' баритонот **Борис Трајанов** (Енрико; 'Лучија ди Ламермур'), за веднаш потоа возбудувањата да кулминираат со прекрасната 'чеона Лучија' **Гражина Чопинска** од Варшава, која на 9 мај стана нова ѕвезда на нашето мајско оперско небо. Врвното задоволство на публиката го заокружи извонредниот **Паулос Раптис** – можеби подобар од било кога порано на сцената на МНТ. Неговиот Едгардо ќе остане меѓу врвните креации во досегашното постоење на Операта на МНТ".*

С. Маринковиќ

И прославениот **Жарко Цвеиќ,** бас, на МОВ им припишува европска етикета: „Мајските оперски вечери се среќно смислени и се единствена манифестација од ваков вид. Затоа не е ни чудно што со својата популарност ги надминуваат југословенските и балканските граници. Стануваат манифестација од европски карактер".

Листата на гостинските солисти ги потврдува овие кажувања. Кон веќе споменатите пејачи, се приклучуваат Иван Санцин, Вилма Буковец, Никола Василев, Ишик Курт, Пјеро Филипи, Радмила Тодоровска, Мете Угур, Марина Мирea, Фло-

„Новости" – Белград, 6.6. 1985

АМБИЦИОЗЕН ЗАЛЕТ

„Мајските оперски вечери... како и секогаш се означени како исклучителен културен настан на кој Скопје умее да се радува и да му ја подари својата љубов и неограничена љубопитност, веќе и со самото тоа што на секоја претстава има многу повеќе публика отколку што новото пространо здание покрај Вардар може да прими... Охрабрува и со пример поттикнува практиката на овој фестивал, кој иако доведува уметници од разни делови на светот, сепак со здружено воодушевување успева да го задржи својот амбициозен залет".

Сл. Турлаков

рин Џиаконеску, Феликс Галецки, Јилдиз Тумбул, Мила Киринчиќ, Луцијан Маринеску, Алиција Павлак, Крунослав Цигој, Елена Григореску...

Во 1980 година, IX мајски оперски вечери во програмата од единаесет опери, еден премиерен балет („Лабин и Дојрана“ од Трајко Прокопиев) и еден концерт во рамките на натпреварот „Томче Грнчаровски“, имаа и една **драма**(!) – „Женидба“ од Николај Гоголь, во режија на Бранко Ставрев и во изведба на Драмата на МНТ. Тоа е единственото драмско навлегување во оперскиот и делумно балетскиот и концертен репертоар на Мајските оперски вечери.

Истата година Операта на МНТ се претстави со „Севилскиот берберˮ (Раптис – Алмавива, Низамова – Розина, Тасиќ – Фигаро, Стевановиќ – Бартоло, Божиков – Базилио, Лијаковски – Фиорело, Михајлова – Берта) во едно многу атрактивно издание, меѓу другото, **пеено на италијански.**

Јубилејните – Десетти мајски оперски вечери во 1981 година почнаа со изведбата на **„Кузман Капидан“** од Трајко Прокопиев. Оваа опера, со речиси сосем друга солистичка екипа, беше прикажана и во **Тетово** – седум дена подоцна. Тоа беше единствено излегување од Скопје на Мајските оперски вечери, доколку не се смета гостувањето на Операта од Лоѓ со „Халкаˮ во 1977 година, на 1 јуни – значи, по МОВ, исто така во Тетово. Веројатно, во една поинаква размисла (камерни изведби, концертни настапи...) со оваа манифестација можат да бидат опфатени Куманово, Титов Велес и Тетово, а зошто не и малку подалечните градови?

На овие „Вечериˮ првпат гостуваше солистичка екипа од **Темишвар.** Романските пејачи ги толкуваа главните улоги во „Набукоˮ од Џузепе Верди. Во 1981 година „Севилскиот берберˮ (како порано „Аидаˮ) имаше интернационална екипа солисти. Покрај домашните сили, настапија пејачи од Атина (Андреас Колумбис), од Софија (Павел Герџиков) и од Прага (Јарослав Хорачек).

Илјада деветстотини осумдесет и втората година донесе неколку новини што ги потврдуваа старите вредности на Мајските оперски вечери и откриваа нови можности.

По свеченото отворање со „Набукоˮ, во изведба на Операта на МНТ (Мариновски, Димитрова, Гугуловски, Низамова, Божиков, Стевановиќ, Тодоровски, Донковска и диригентот Шопов), на 10 и 11 мај се одржаа концертите во рамките на Меѓународната средба на млади оперски надежи **„Томче Грнчаровски“** – по десетти пат.

Во тие десет години повеќе од 120 млади пејачи од нашата земја, Турција, Бугарија, Романија, Унгарија... продефилираа на овој вокален конкурс кој нема стриктен натпреварувачки карактер, но јасно ги истакнува талентите и победниците. Без оглед на неизедначеното внимание што му се посветуваше на овој конкурс (од 1984 година не се одржува!), Меѓународната средба „Томче Грнчаровскиˮ има едно значење кое е сосем определено и – доколку поупорно се истраеше во организацијата, ќе имаше поголем одзив во нашата и во соседните земји, ќе придонесуваше кон натамошно откривање, афирмирање и поддржување на млади пејачи. Први чекори или потврдувања во почетните години или поттикнувања во моменти кога тоа им било најпотребно, на конкурсот „Томче Грнчаровскиˮ имаа бројни млади вокални уметници. Да се потсетиме на некои од нив кои, по настапите на конкурсот „Томче Грнчаровскиˮ, во Скопје ни доаѓаа како истакнати солисти во гостинските екипи или пак за кои до нас доаѓаа вести за нивните успеси на матичните сцени или гостувањата.



„Боеми“ (26.5.1977) со солистичката екипа на Белградската опера

„Екран“, 16.5.1986

SВЕЗДИ И ХЕРОИ

*„Чинам дека и најдиректните учесници во изведбата на премиерата на 'Лучија ди Ламермур' од Гаетано Доницети беа малку изненадени од својата 'среќна ѕвезда'. А 'среќната ѕвезда' овој пат беа гостите-солисти: една екипа вдахновени професионалци и сите 'при глас'... Но, оваа вечер имаше и свој несомнен херој: младиот баритон **Борис Трајанов...** единствен од скопските солисти кој не се откажа од својата водечка партија! Борис Трајанов не само што беше рамен на далеку поискусните партнери, туку покажа и такви гласовни и сценски квалитети, што отвораат поголеми перспективи“.*

Снежана Анастасова–Чадиковска

„Нова Македонија“, 14.5. 1986

ЛЕКОВСКИ

„На втората вечер од годинашниве Мајски оперски вечери, скопската публика имаше можност да ја проследи операта 'Набуко' од Џ. Верди... Диригентот Александар Лековски успеа од оркестарскиот ансамбл и во соработка со сите учесници да оствари една компактна целина и претставата да ја доведе до крај професионално, што остави впечаток кај сите присутни“.

Снежана Пановска

Без претензија на сеопфатност (неа ја добивате во фактографскиот преглед во оваа книга), при споменувањето на победниците на конкурсот „Томче Грнчаровскиˮ – во овој случај – присутна ќе биде селекцијата според годините на настапите и градовите од кои доаѓаа:

Гордана Мариќ од Загреб, Дубравка Зубовиќ од Загреб, Константин Јанков од Софија, Гордана Јевтовиќ од Белград, Јака Јераша од Љубљана, Жоржета Попа од Букурешт, Нели Бошкова од Софија, Асен Василев од Софија, Агрипина Теохари – Петреску од Букурешт (**„Овој конкурс е извонредна афирмација за нас младите“**, изјави по настапот во Скопје), Славољуб Коциќ од Белград, Владка Оршаниќ од Љубљана, Екрем Челикол од Анкара, Телеаба Лумината од Букурешт, Лаура Николеску од Букурешт, Марина Јаиќ од Сплит, Јадранка Јовановиќ од Белград (оваа мецосопранистка веќе е стигната и до миланската Ла Скала), Марилена Михаилеску од Букурешт, Иштван Андрејчик од Будимпешта и уште некои други.

Меѓу денешните солисти на Операта на МНТ, на овој конкурс победуваа Емилија Аврамовска, Лилјана Зенделска, Миомир Тасиќ, Мира Тасевска, Бранимир Стевановиќ, Славица Петровска...

На XI Мајски оперски вечери првпат гостуваа солистички екипи од Атина (за „Травијата"), Нирнберг (за „Кавалерија рустикана"), Варшава (за „Дон Карлос") и Будимпешта (за „Кармен").

Во 1983 година, на 18 мај, најновата македонска опера **„Болен Дојчин"** од **Ристо Аврамовски** ја имаше својата праизведба.

Тогаш, а и во неколкуте претходни години, Мајските оперски вечери продолжија со откривањето на нови гласови кои – многу од нив, првпат доаѓаа не само на МОВ, туку и воопшто на скопската оперска сцена. Меѓу нив се Томаш Фитас, Тереза Мај – Чизовска, Гена Димитрова, Осман Чокоглу, Викторија Безети, Каталин Селегери, Игор Филиповић, Данута Салска, Џемаиле Киици, Барбара Загужанка, Анджеј Хиолски, Флорин Фаркаш, Живан Сарамандиќ, Ришарда Рацевич, Маргит Томик, Ремзие Алпер, Росица Троева (босоногата Кармен!), Ваган Мирокјан, Флорин Ѓорѓеску, Изабела Наве, Фанис Петракис, Татјана Новикова, Доро Антоњоли, Јадранка Јовановиќ, Марија – Тереса Урибе, Патрисио Мендес...сè до најновите имиња што ги збогатија вредностите на Мајските оперски вечери – Гражина Чопинска (во 1986 година и Лучија ди Ламермур и Виолета Валери), секако повторно Паулос Раптис, Александру Агаке, Борис Трајанов, Пеги Бувре, Жужа Мисура и (по деценискa пауза) Владислав Пјавко.

Мајските оперски вечери во 1984 и 1985 година беа организирани надвор од шемата „оперска куќа". За секоја претстава се избираа и покануваа поединци, со што – меѓу другото – се постигна и определбата во секоја претстава една од главните улоги да ја толкува солист на Операта на МНТ. Ова, пред сè, се однесува на Никола Гагов („Мадам Батерфлај"), Бранислав Попгеоргиевски („Кармен"), Илија Црвенов („Мадам Батерфлај"), Георги Божиков („Риголето"), Анастазија Низамова – Мухиќ („Риголето"), Бранимир Стевановиќ („Аида" и „Норма"), Симеон Гугуловски („Аида"), Миомир Тасиќ („Бал под маски") и некои други кои имаа можност да ги толкуваат „своите" улоги како партнери на гостинските уметници.

„Халка" во комплетна изведба на ансамблите на Театр вјелки од Лоѓ, Полска (31.5.1977)

Во 1985 година, на XIV Мајски оперски вечери, **Радмила Бакочевиќ** беше меѓу најсјајните ѕвезди. Нејзините креации на Норма и Тоска, френетично поздравени од прекубројната публика во салонот на Македонскиот народен театар, ги добија вредните ракоплескања од членовите на хорот и од партнерите на сцената што оваа примадона видно ја возбудија, а беа несекојдневно признание за уметноста што ни ја подаруваше во текот на двете нејзини вечери со ликовите на Белини и Пучини.

Јубилејните – XV – Мајски оперски вечери беа замислени да бидат меѓу врвните презентации на оваа манифестација. Комбинацијата меѓу концепцијата на „оперска куќа" и „поединци", со презентирање на два нови наслова, придонесоа во најголема мера да се успее во замислата.

Мајските оперски вечери во 1986 година добија два нови наслова: **„Лучија ди Ламермур"** и **„Циганскиот барон"**. Белградската опера гостуваше со своја екипа (а во неа имаше гостинка од Загреб и гостин од Италија), Загреб ни дојде со екипа во која гостуваше пејачка од Белград. Првпат на МОВ се претстави **Парискатa опера** („Кармен" во оригинал). Планираната „германска" верзија на „Травијата" со Нирнбершката опера не се реализира поради стеснувањето на нирнбершките мајстерзингери да патуваат поради чернобилската радијација! „Аида" ја задржа својата интернационална нагласка со впечатливата Унгарка **Жужа Мисура** која не дојде во 1985 година, но затоа пак во 1986 година беше „а еден" на свеченото затворање на јубилејната смотра.

„Лучија ди Ламермур" прекрасно ги внесе почетните возбудувања на јубилејните Вечери, па се стравуваше дека почетокот ќе биде и врв на МОВ '86. Тоа навистина се случи, но МОВ '86 имаа и други врвови.

Сосем непозната за нас, **Гражина Чопинска** од Варшава дојде во Скопје, ја видовме и ја освои публиката со својата Лучија (покрај прекрасните партнери **Паулос Раптис** и **Борис Трајанов**). Осум дена подоцна „џебната" Полјачка ја отпеа и Виолета Валери во „Травијата" (на полски) и се нареди меѓу ѕвездите на сите Мајски оперски вечери, во кругот на Херлеа, Пјавко, Војнеа, Троева, Ѓорѓеску, Енигареско, Курт, Архипова, Киици... кога се во прашање странските гости и кога е во прашање реагирањето и прифаќањето на публиката.

Откритие на XV МОВ се и **Александру Агаке** од Романија („Трубадур" – Луна, „Травијата" – Жорж) и **Борис Трајанов** како Енрико во интернационалната „Лучија ди Ламермур". Посебното возбудување, создадено околу парискатa Кармен, стивна со почетокот на изведбата на „Кармен" затоа што Мишел

„Вечер", 13. 5.1987

ПШИБИЛСКИ

*„Оркестарот? Тоа е приказна сама за себе!... во 'Паљачи', маестро **Јануш Пшибилски** од Полска, всушност, од нашиот оперски оркестар го извлече она што тој го има како потенцијал, само ако падне под рацете на таков диригент од калиброт на Пшибилски. Накусо: оркестарот на оваа претстава доживеа еден од своите врвни дострели".*

Владо Чучков

„Нова Македонија", 4.6. 1986

ПРЕКРАСНА АИДА

*„Затворањето на Мајските оперски вечери се претвори во вистински спектакл кој долго ќе се памети и ќе служи како ориентир во оперските релации поради прекрасната Аида – **Жужа Мисура** (), која улогата ја отпеа во голем стил и по малку потсетуваше на феноменалната Монсерат Кабаље".*

Горјан Коруноски

Француски креираше една поинаква Кармен од нашите очекувања.

Илјада деветстотини осумдесет и седмата година ни овозможи возбудлива средба со полскиот диригент **Јануш Пшибилски** кој во самиот почеток на МОВ ја „крена температурата“ со вокалните солисти Искра Божиновска, Никола Гагов, Димитри Мариновски, Ѓорѓе Колев и Борис Трајанов и направи „Палјачи“ за паметење. Во вечната „Травијата“ забриљира **Андреас Ферстер** (Жорж) од Нирнберг, пејач кој следната година ја освои публиката со својот жесток Набуко. Но, вистинското откритие дојде од романскиот град Јаши. **Миоара Кортес–Давид** прикажа извонредна Тоска, па нејзиното следно појавување како Аида во 1988 година беше нетрпеливо очекувано. Овациите за нејзината хероина од Нил беа потполно заслужени, особено откако храбрата Романка, без никаков прекин, ја отпеа аријата иако на метар-два до неа бучно падна заштитниот ламаринен прстен од еден од сценските рефлектори!

„Вечер“, 19.5. 1987

ИМПРЕСИВНА ТОСКА

*„Нова ѕвезда блесна прексиноќа на Мајските оперски вечери. Сопранот **Миоара Кортес–Давид** од Романија ни прикажа една темпераментна, жестока и полнокрвна Тоска, вокално супериорна, што преполното гледалиште на МНТ ја награди со навистина френетични аплаузи. На своето прво гостување кај нас, Миоара Кортес–Давид стана нова миленичка на публиката“.*

С.М.

Кон овие вредни креации се придружи и **Изабела Наве–Спихалска** чија Лучија ди Ламермур публиката ја отслуша во еден здив, поздравувајќи го и нејзиниот партнер – нам добро познатиот **Паулос Раптис.**

Следните три изданија на Мајските оперски вечери беа збогатени со **гала оперски концерти** на кои настапија бројни македонски, други југословенски и странски уметници, најчесто врвни интерпретатори на оперската музика. Да ги спомнеме само **Симеон Гугуловски, Јадранка Јовановиќ, Гертруда Мунитиќ, Миоара Кортес–Давид, Борис Трајанов, Радмила Бакочевиќ, Хајнц–Клаус Екер...**

Натамошното запознавање со нови и за нас нови гласови продолжуваше како еден од бисерните елементи на Мајските оперски вечери. **Јоана Вош** ја слушавме како Лучија ди Ламермур, **Марион Маеролберслебен** како Фенена („Набуко“), **Рој Стивенс** (на гала-концертот во 1989 година), **Светлана Котленко** како Аида, **Силви Пејовиќ** како Џилда и други.

Со просек од една претстава во три дена, при сменување на бројни пејачи и диригенти, најпостојани учесници на Мајските оперски вечери беа и останувааат членовите на Оркестарот. Концерт-мајсторот **Ѓоко Николовски,** кој го раководеше оркестарот и на балетските претстави, во една своја изјава говори за диригентите кои работеа со Оркестарот на МОВ: „Гостувањата на многубројните солисти и диригенти остваат врз нас – оркестарските музичари – помалку или повеќе добри впечатоци во зависност од нивното уметничко ниво. Ова е одличен начин професионално да се провериме: брзо да ги усогласиме нашите можности и знаења со барањата на гостите–диригенти и да понудиме што посолиден квалитет од наша страна“.

Диригентот Томислав Шопов на изведбата на „Травијата“ (21.5.1977) со гости од Анкарската опера

„Бал под маски“ за отворање на VII МОВ во 1978: Бранка Тодевска, Ана Липша–Тофовиќ, Никола Гагов, Миомир Тасиќ и Бранислав Попгеоргиевски

„Нова Македонија“, 23.5.1987

ВИСОКИ ДОСТРЕЛИ

*„Во драматуршки и музички најразвиениот лик во делото ('Тоска')... го запознавме извонредниот уметнички профил на сопранистката **Миоара Кортес–Давид** која супериорно се наметна уште на самиот почеток... Нејзиниот богат гласовен потенцијал, рафинираната вокална експресија и исклучителниот уметнички сензибилитет, најмногу се одразија во искрено доживеаните нијансирања и во лирските и во драмските делови...“.*

Веселинка Бабамова

„Лик“, 25.5.1988

ОПЕРСКИ БУКЕТ

„Третата вечер, на гала-концертот што од оваа година ќе биде постојан придружник и украс на вечерите, настапија прочуени солисти од југословенските оперски куќи... Расположениот диригент ***Шурев,*** *на кого по сè изгледа му лежат вакви настапи набиени со интензивност на доживувањето, суверено го водеше целиот тек на вечерта... Сепак, во овој букет од оперски нумери, најсилно беше поставен* ***Симеон Гугуловски*** *во преубавата арија на Канио од операта 'Паљачи' на Руџеро Леонкавало“.*

Бојан Ортаков

„Кармен“ (13.5.1978): Јордан Тодоровски, Бранислав Попгеоргиевски, Милка Ефтимова, Гога Трајанов, Славка Михајлова и Јоана Јакимовска

Втори и трети на оваа „ранглиста на зафатеност“ се хористите и солистите во другите улоги, меѓу кои има и такви кои настапуваат на сите девет и десет претстави во еден мај: Лазар Белевски, Јордан Тодоровски, Евдокија Доброхотова, Кире Лијаковски, Славка Михајлова, Станко Липша, Јоана Тунтева, Бранислав Попгеоргиевски, Гога Трајанов и Драган Шојлев кои зад себе имаат по неколку десетици ликови во претставите од 1972 до денес.

За заокружување на приказната за Мајските оперски вечери, ги спомнуваме луѓето кои сите претстави ги држеа во свои раце, диригентите кои еднаш или десетина пати имаа настапи на Мајските оперски вечери. Најголемиот товар (а со тоа и најголемата уметничка одговорност) го носеа домашните сили – **Фимчо Муратовски, Ангел Шурев, Александар Лековски, Томислав Шопов и Олджих Пипек.**

Од истакнатите други југословенски диригенти, на Мајските оперски вечери диригираа **Дебелиќ, Јаноски, Бареза, Периши́ќ, Беламариќ, Колар, Коблер, Ловренц, Арнич, Ценциќ, Топлак, Хомен, Лесковиц, Жличар, Бабиќ, Миладиновиќ, Пашќан, Штајцер, Шурбек, Шајновиќ, Бута, Цветко и Романиќ.**

И кога кон нив ќе се приклучат имињата на гостувачките диригенти од странство **(Каруцинос, Ановаци, Кисаѓи, Ауер, Ковалски, Новаковски, Рајчев, Мадеј, Петерсен, Маргаритов, Роза де Скалѕо, Маринов, Петрович, Танрикулу, Пехарда, Калистру, Хинчев, Анка, Носек, Календер, Денеш, Попеску, Михњевски, Ангелов, Најденов, Траилеску, Ошаницки, Симеонидис и Козловски)** се согледува – и од овој аспект – сета вредност на Мајските оперски вечери, огромната корист од заемната уметничка комуникација и првокласното сознание истакнувано не еднаш во југословенскиот печат дека **„МОВ се највредната манифестација реализирана со најмали можни средства“.**

Од сите најавени 168 оперски претстави на Мајските оперски вечери, само една („Турандот“) не е одржана и тоа е организаторски подвиг пар екселанс. Од повеќе стотици најавени гости, само триесетина откажувања (најчесто од објективни причини) е исто така голем успех на организаторот, кој – познавајќи ја добро природата на оперското пеење – веднаш имаше соодветна, дури и „поатрактивна“ замена.

И – ако од сите прикажани претстави, на прсти можеме да ги изброиме „слабите“, ако другите „во средината“ беа со три или четири „плусови“ и доколку четириесетина претстави беа одлични и брилјантни, тогаш станува јасно најширокото прифаќање на Мајските оперски вечери од страна на публиката која умееше да го преполнува гледалиштето кога оценуваше дека „има што да се чуе“, но која исто така зафаќаше дури осумдесет отсто од седиштата и кога не очекуваше врвни креации.

Оваа приказна за Мајските оперски вечери би дал да ја заврши **Лилјана Зенделска** која фино ги синтетизира сите заеднички желби:

„Мајските оперски вечери се една благородна и убава идеја, па нема причина да не ја негуваме кога веќе имаме можности, желби, знаења и потреба“.

Славко Маринковиќ

„Борба“ – Белград, 2.6. 1987

ЕВРОПА

„Во прилично скромниот број на вакви специјализирани фестивалски приредби кај нас, Мајските оперски вечери од почетокот се наметнаа не само со фактот дека во оваа средина значат вистинска европска Мека, туку многу повеќе од тоа што на особен начин го афирмираат и македонското творештво во овој домен“.

Павле Анагности

„Боеми“ – Сараево: Сеад Буљубашиќ и Милица Зечевиќ–Буљубашиќ (16.5.1978)

ЕДИНАЕСЕТТЕ СРЕДБИ НА МЛАДИТЕ ОПЕРСКИ НАДЕЖИ

Само една година по појавувањето во нашиот музички и културен живот на манифестацијата Мајски оперски вечери која совладувајќи небројени тешкотии и пречки од уметнички, материјално–финансиски и организационен карактер, на наша голема радост и задоволство оваа година го прославува својот 20–годишен јубилеј, се роди идејата за средбата на младите оперски надежи. Замислата беше логична и произлегуваше од самиот карактер, програмските и уметнички цели на Мајските оперски вечери. Ако оваа манифестација требаше да биде смотра на оперските (и балетските) достигнувања на оперските сцени ширум Југославија, а подоцна и пошироко на балканските и европски музички театарски простори; ако на нашата жедна за уметнички доживувања и секогаш за тоа благодарна публика требаше да ѝ се презентираат врвните остварувања на најдобрите наши и странски уметници–диригенти, оперски пејачи и балетски уметници – зошто таква шанса да не им се даде и на помладите нивни колеги, пред сè на младите оперски уметници кои утре ќе тргнат по нивните траги за достојно да ги заменат.

Така и се случи. На 30 мај 1973 година, 12 млади уметници главно студенти на музичките академии и факултети од Белград, Сараево, Загреб, Љубљана и Скопје, меѓусебно запознавајќи се и дружејќи се, следејќи ги на претставите на II мајски вечери дострелите на своите постари колеги, одржаа во Универзалната сала, во придружба на Македонската филхармонија со која диригирав јас, свој концерт на оперски арии. Публиката топло го поздрави нивниот настап, а тие недвосмислено потврдија дека успешно ги совладуваат тајните на вокалната уметност, дека сериозно се подготвуваат за тешките и одговорни задачи кои ги очекуваат и дека иднината на нашата вокална уметност се наоѓа во надежни раце. За жал, во овој временски период – од првите Средби 1973 година до последните, единаесетти, во 1983 година, кога тивко згасна оваа убава манифестација, не бевме во можност да го следиме животниот и уметнички пат на повеќето од околу 150 млади учесници на овие Средби; да се радуваме на нивните успеси и да видиме дали тие ги потврдија или демантираа оценките и судовите изречени од нивните постари колеги познати вокални уметници, педагози и професори кои седеа во стручните жирија и ги оценуваа.

Сепак, за некои од тогаш младите надежи, кои на Средбите ги правеа своите први чекори на оперската сцена, со задоволство можеме да констатираме дека ги оправдаа надежите и очекувањата на нашата музичка јавност и станаа познати и признати уметници не само во нашата средина, туку и надвор од границите на нашата земја. Некои од нив по многу кратко време, како веќе афирмирани уметници, настапија во рамките на Мајските оперски вечери. Така ги даваше своите први плодови и се оживотворуваше основната идеја на Средбите. Со должно извинување на сите оние чии што имиња нема да бидат споменати поради недостаток на конкретни податоци за нивната професионална дејност и резултати, особено на оние од соседните балкански земји, да се потсетиме на: **Анастазија Низамова – Мухиќ, Емилија Аврамовска, Милан Фирфов, Славица Галиќ – Петровска, Миомир Тасиќ, Бранка Тодевска, Светлана Димовска, поч. Бранимир Стефановиќ, Марија Наумова – Муратовска, Лилјана Зенделска, Лидија Митревска, Билјана Јовановска, Мира Тасевска** – денес членови на Операта на МНТ и наставници во Музичко–балетскиот училиштен центар и Факултетот за музичка уметност во Скопје, потоа **Гордана Јевтовиќ, Александра Ивановиќ, Јадранка Јовановиќ, Горан Симиќ, Миомира Витас, Славољуб Коциќ, Дубравка Зубовиќ** од Белград, **Иванка Болъковац, Невен Беламариќ** (Загреб), **Паша Гациќ, Маргита Томик, Фазила Угљеша, Зорка Митрова – Хуњак** (Сараево), **Владка Оршаниќ** (Љубљана) и др. Сите денес се

Со „Фауст“ на 9.5.1979 беа отворени VIII МОВ

Благоевеста Карнобатлова и Калуди Калудов во „Травијата“ на 11.5.1979

познати и афирмирани вокални уметници и педагози што заземаат истакнати места во музичкиот живот во своите средини.

Со текот на времето Средбите, од година во година, се прошируваа и организационо усовршуваа. Пред сè, го добија името на еден од најистакнатите македонски вокални уметници и основачи на Операта на МНТ – **Томче Грнчаровски.** Со оглед на сè поголемото интересирање и присуство на младите од нашата земја, а од Вторите средби и од соседните балкански земји – Бугарија, Унгарија, Турција и Романија, со што Средбите добија и меѓународен карактер, беше потребно да се направи селекција, да се одберат најдобрите кои ќе настапат на завршниот концерт со придружба на оркестар. Затоа беа воведени елиминаторни концерти, со пијано придружба, на кои жири–комисија составена од познати професори и вокални уметници вршеше избор на најзрелите и уметнички најцелосните остварувања за завршниот концерт и истовремено ѝ предлагаше на Дирекцијата на Операта гостување на најуспешните млади уметници со комплетна улога во една од наредните сезони. На тој начин и раководството на нашата оперска куќа имаше увид во остварувањето на одделни млади уметници и можеше да ги планира и вклучува во својот тековен репертоар.

Многу труд и напори беа вложувани Средбите да бидат што поуспешни и во организационен и во уметнички поглед. Овде нека биде споменат и придонесот на нашите корепетитори и пијано–придружници: **Ј. Чакар, Ј. Тростјански, М. Докузова, Л. Иванова, В. Петрушевска, Е. Христова, С. Анастасова – Чадиковска, М. Наумова – Муратовска, Ј. Наумова** и др. Нивната професионална подготвеност, залагање и искрената желба да им помогнат на младите пејачи имаа големо значење за успешното одвивање на Средбите.

Вкупно беа одржани 11 средби. На завршните концерти настапија 57 најдобри млади вокални уметници, а нив ги придружуваа оркестрите на Македонската филхармонија и на Операта на МНТ под мое диригентство (10 концерти) и на Т. Шопов (1 концерт).

За високото квалитетно ниво и уметнички авторитет на Средбите во огромна мера придонесе и составот на жиријата во чии што редови беа познати педагози, вокални уметници, диригенти, режисери: проф. **Н. Цвеиќ, М. Чангаловиќ,** проф. **К. Трпков, А. Липша–Тофовиќ, М. Скаловска, В. Ќортошев, Д. Фирфова, З. Креља, М. Ефтимова,** проф. **Бл. Николовски, Ф. Муратовски, Т. Шопов, Ф. Икономова, Ѓ. Божиков, П. Богданов – Кочко, П. Раптис, Д. Мариновски, С. Гугуловски** и др.

Сепак, она што беше најубавото и најпозитивното на оваа манифестација е тоа што тоа беа обични средби на млади луѓе, а не вокални конкурси со натпреварувачки карактер, со строго одредени пропозиции, парични награди и слично – такви какви што ги има насекаде по светот. Оваа особеност, која што Средбите успеаја да ја сочуваат до крај, ги направи место каде се создаваше искрено другарување и пријателство меѓу учесниците, но и гореше внатрешната желба да се дојде и покаже пред другите и пред публиката она што се знае и носи во себе како уметничка порака.

Затоа во нивните настапи имаше толку природност, непосредност и шарм што публиката знаеше да го почувствува и топло поздрави. И затоа, без исклучок, сите учесници од овие Средби, покрај скромната плакета, носат пријатни и незаборавни спомени.

За жал, при крајот, а особено последната година, од повеќе објективни, а и субјективни причини Средбите бележат стагнација и пад, за во 1984 година да престанат и да постојат. Сепак, би сакале да веруваме дека во годината кога Мајските оперски вечери го прославуваат својот 20–годишен јубилеј, Операта на МНТ и нејзиното раководство, како и поширокатa општествена јавност, ќе сторат сè повторно да ја оживеат оваа убава традиција.

Проф. Фимчо Муратовски

„Нова Македонија“, 14.5.1988

„РАЗДЕЛБА“ ’88

*„Потегот ова дело да ги отвори годинашниве Мајски оперски вечери ја погоди целта, а ансамблот на Македонскиот народен театар ја исполни својата задача чесно и коректно. Поделбата на улогите беше соодветна со карактеризацијата на ликовите во операта, а режисерското водство на **Васил Кортошев** го бараше патот на осветлувањето на печалбарската голгота, што наполно успеа... Актерските креации на Искра Божиновска, Бранислав Поп Георгиевски, Никола Гагов, Лидија Нацоска, Милка Ефтимова, Илија Црвенов, Блажо Тодоров, Кире Лијаковски и Драган Шојлев проникнаа во бурното драмско дејствие на начин што измами топли аплаузи на крајот од претставата“.*

Бојан Ортаков

„Нова Македонија“, 12.5.1990

„ЦАР САМУИЛ“ ’90

*„Операта 'Цар Самуил' од македонскиот композитор Кирил Македонски, во изведба на Хорот и Оркестарот на Операта како и Балетскиот ансамбл при МНТ, под диригентство на **Томислав Шопов** и во режија на **Бранко Ставрев,** доби значење на уметнички и медиско-информациски зрело поставување што го овозможи и телевизискиот пренос на овој музички настан. Самата творба претставува дел од националниот музички израз... Гостинот од Белград **Живан Сарамандиќ** даде сценски и музички мошне пластично оформување на ликот на царот Самуил, каде интонативната сигурност здружена со бараната упадлива појавност, не може да не ја погодат целта. Византискиот цар Василиј II, на начин што претставува солиден уметнички пример за креација на тој лик, го донесе **Симеон Гугуловски,** а неговата партија исто така оддаваше голем склад помеѓу интонативната доминантност и драмската речитост“.*

Бојан Ортаков

„Вечер“, 26.5. 1988

ВОШ, ТРАЈАНОВ

*„...Несомено за тоа особено придонесе **Јоана Вош** (Лучија), глас со прилично густа, драмски обоена вокална емисија, со продорна носивост, но и со чисти колоратури и особено негувана нијанса во пејачката фраза. Ако кон тоа се додадат и обмислената артистичка игра, тогаш со право Јоана Вош ги доби симпатиите на публиката... **Борис Трајанов,** со радост можеме да констатираме дека вонредно напредува. Неговиот глас полн со метал, носивост и интензивна тонска далга, веќе ја добива онаа густина и мажественост што мораат да ја имаат т.н. херојски баритони. Тоа се должи како на усовршувањето на неговата вокална техника, така и на зреењето“.*

Владо Чучков

Полски и македонски уметници по изведбата на „Кармен“ (13.5.1979): Димитри Мариновски, Томислав Шопов, Делфина Амброжак, Данчо Митревски, Тадеуш Козловски, Алиција Павлак, Георги Божиков, Хенрик Клосињски и Јежи Јадчак

СЕКОГАШ ПРЕД ПОЛНИ САЛИ

Оваа јубилејна година на Мајските оперски вечери ме враќа дваесет години наназад, на почетокот на оваа манифестација. Се сеќавам на секогаш преполнетата Универзална сала и на френетичните аплаузи.

Посебно ми остана во сеќавањето палењето на фестивалскиот оган при свеченото отворање на Мајските оперски вечери од страна на нашиот оперски режисер Васил Ќортошев. Тогаш и мојата генерација на пејачи учествуваше во реализацијата на тие свечености. Со создавањето на оваа манифестација, Скопската опера и македонската музичка култура уште повеќе се афирмираа во Југославија и во светот, со тоа што кај нас доаѓаа да учествуваат во реализацијата на програмата многумина реномирани оперски пејачи и ансамбли од светски глас.

Овој контакт придонесуваше да се согледаат и споредат нашите постигања, а воедно да се прифати она што е корисно за подобрувањето квалитетот на нашите оперски изведби. Неправедно би било ако не констатираме дека целиот ансамбл на нашата Опера, како и одделни солисти рамноправно се носеа и имаа изведби на европско, па и светско ниво. Посебно сакам да нагласам дека Мајските оперски вечери на нашите млади оперски солисти, при нивното учество во изведбите, им служеа за доформување и усовршување на нивните оперски креации. Секогаш полните сали беа и остануваат како доказ колку големо интересирање појавуваше и појавува нашата публика за оперската уметност.

На крајот сакам да наведам дека и јас со моето учество на Мајските оперски вечери со радост се сеќавам, а посебно сум горда што ми се даде честа од страна на Дирекцијата на Операта да прогласам за отворени една од тие свечености.

Васка Гајдова

МАЈ, ОПЕРА

Незаборавна вечер кога се запалија првите факли на Мајските оперски вечери.

Мај 9.

Розите расцутени, пролетен мајски дождец.

Со фанфари на триумфалот од Вердиевата „Аида“ се најавува новата страница на Операта и Балетот во Скопје. Голем културен настан.

На отворањето зборува Васил Ќортошев, иницијаторот и визионерот на Мајските оперски вечери.

Радоста е преголема. Раните од големата несреќа, која го погоди Скопје со силен земјотрес, се залечуваат. Букет од убави жени и мажи, а над сè младоста тука е присутна. Тоалети во сите бои, тантели, ламеа блескаат. „Цар Самуил“ од Кирил Македонски со извонредниот диригент Фимчо Муратовски, незаборавна креација на Ѓорѓи Божиков, во режија на Јордан Митровски. Величествено. Мајските оперски вечери станаа манифестација

„Комунист“, 27.5.1988

ОРКЕСТАР, ХОР

*„...Со право, во потполност можеме да бидеме задоволни од успехот на Гала оперскиот концерт. Напоредно со успехот на солистите, и оркестарот имаше носечка улога во реализацијата на програмата... Тој направи убав и успешен вовед во атмосферата на концертот, на почетокот доста успешно исполнувајќи ја увертирата на операта 'Кармен' од Жорж Бизе. Хорот, за свое посебно програмско претставување на вечерта, го одбра и мошне успешно го изведе 'Хорот на заробениците' од операта 'Набуко' од Џузепе Верди. Успехот на овој добар ансамбл, недвојбен е од работата на хормајсторот **Милан Фирфов**“.*

Димче Николески

„Дон Карлос“ – Осло: Мирјана Данчуо, Симеон Гугуловски и Кнут Скрам (19.5.1979)

од меѓународен карактер, зашто на нив учествува цела плејада врвни југословенски пејачи, уметници од целата земја, како и истакнати уметници од балканските земји и пошироко од Европа.

Доминантно место зазема ансамблот на скопската Опера и Балет, кој со невиден ентузијазам и љубов и со високо професионално изградени уметнички личности ги создаваше Мајските оперски вечери, често и над одделни гости од светот. Тоа причинуваше посебно задоволство. Тој благороден предизвик на полето на уметноста даде високи достигнувања на нашиот оперски ансамбл.

Пред очите ми блескаат незаборавни уметнички достигнувања низ годините на оваа манифестација. Едни од „Вечерите“ беа отворени со „Бал под маски“, раководен од маестралната диригентска палка на Олџих Пипек. Доминираа бои на развиен цвет од праска. Извонредни костими на Елена Дончева. Универзалната сала беше преполна. Раскошен спектакл во режија на Васил Ќортошев. Не може да се каже кој од нашите белкантисти беше подобар: Сија Димитрова, Раптис, младиот Тасиќ, Тодевска... И таа незаборавна „Тоска“ со Николае Херлеа и тој цел бел поетичен Орфеј со Ана Липша – Тофовиќ, потоа „Аида“ со нашата светска пејачка Молнар, па нашите лебедови балетски играчи под диригентските елегантни раце на Фимчо Муратовски, Александар Лековски...

Да се пишува за Мајските оперски вечери потребни се стотици романсиерски страници, чувствата навираат, опусот е огромен. Првите мајски оперски вечери беа свечено затворени со „Разделба“, на бесмртниот Трајко Прокопиев, но не за разделување туку за нова средба, ново живеење со младите генерации кои доѓаат и кои ќе имаат нешто тука и понатаму да градат, да творат и да се гордеат.

Зина Креља

БУКЕТ ОД ВИОЛЕТА НА ВИОЛЕТА

Мајските оперски вечери ги следам од 1972 година, кога почнаа првите претстави на оваа манифестација. Беа свечено отворени со домашно дело, операта „Цар Самуил“ од Кирил Македонски. Но, секако треба да се опише онаа свечена атмосфера кога пред Универзалната сала се палеа факлите под звуците на Триумфалниот марш од операта „Аида“ од Верди, означувајќи го почетокот на оваа манифестација. И покрај тоа што времето не беше наклонето, затоа што почна да врне пороен дожд, интересирањето на публиката беше големо да се види што ќе се случи и никакво невреме не можеше да го спречи тоа љубопитство.

Никој во тој момент не можеше да помисли дека од тој ден почнува да се реди една долга низа години, во која со свечените звуци на фанфарите, Мајски оперски вечери ќе заживеат еден долг живот и ќе го исполнуваат музичкиот простор во нашиот град со ремек-дела од светската оперска музика, во изведба на врвни светски уметници. Се надевам дека и дваесеттите вечери ќе бидат исто така свечени и уште побогати со добар избор на вокални уметници.

Јас имав среќа што уште на Првите мајски оперски вечери бев и активен учесник во програмата, и тоа во премиерата на операта „Русалка“ од Антонин Дворжак. Задоволство беше да се работи со синот на светски прочуениот режисер Вацлав Кашлик, кој го пренесе автентичниот мизансцен на својот татко, а уште попријатно беше чувството да се креира улогата на Кнегињата, во фантастичната сценографија на исто така познатиот сценограф Јозеф Свобода, под диригентство на Олџих Пипек, од Чешкословачка. Потоа, на следните „Вечери“ во 1973 година повторно учествувам на свеченото отворање во претставата „Медиум“ од Џан Карло Меноти со улогата на Моника, кога беше одбележан дваесетипетгодишниот јубилеј на мојата колешка, Ана Липша – Тофовиќ.

За мене лично, Петтите мајски оперски вечери во 1976 година се најинтересни, од причина што требаше да бидат отворени со „Травијата“ од Верди. Во мојата кариера, покрај неколку други улоги, улогата на **Виолета Валери** во **„Травијата“** зазема едно од централните места. „Травијата“ е опера која дава можности за целосно музичко, пејачко и

„Нова Македонија“, 20.5.1989

ХИТ

*„Без оглед на тоа што до крајот на Мајските оперски вечери '89 останаа да бидат проследени уште неколку оперски претстави, настапот на интернационалниот состав во Вердиевиот **'Бал под маски' (Миоара Кортес–Давид, Елена Гажа–Мунтеану, Андреас Ферстер, Пекин Киргиз...)** може да се прогласи за хит на годинашнава манифестација. Пред сè поради фино естетизираниот пристап во креирањето на улогите од страна на солистите, следени во своите интенции од коректно поставениот оркестар под диригентството на **Тадеуш Козловски**“*

Бојан Ортаков

Радио Скопје, 20.5. 1988

ГАЛА

„Во неделата на 15 (мај) скопската оперска публика присуствуваше на Гала оперскиот концерт... потребата од присуството на ваков репрезентативен концерт... е повеќе од очигледно оправдана со оглед дека во текот на претставите предвидени на Фестивалот, не може да се приредат средби со поголем број домашни и странски уметници“.

Васка Наумовска



Норма – една од врвните креации на Радмила Бакочевиќ (со Дубравка Зубовиќ) на 21.5.1979 година

сценско изразување, што е голем предизвик за секој уметник. Јас секогаш со голема љубов и внимание пристапував кон таа улога, кон трансформациите низ кои треба да се оформи тој лик, зашто таа улога е богата со музички и драмски пресврти. Го имав тоа несекојдневно задоволство да учествувам во три постановки на „Травијата“ во нашата Опера и да соработувам со многу диригенти и солисти од нашава земја и странство, кои беа чести гости кај нас. Во такво богатство од контакти и концепции на разни диригенти, се комплетираше улогата на Виолета Валери, и сè до крајот на мојата кариера ја толкував околу 130 пати. Но, секако најкомплетна требаше да биде третата постановка, во нова режија на **Васил Ќортошев,** со кого досегашната моја соработка беше вонредно успешна и нашите заеднички претстави секогаш беа подготвувани со задоволство, големо разбирање и заемно дополнување.

Целиот ансамбл со радост и интерес ја подготвуваше премиерата, најповеќе заради тоа што по земјотресот работевме во монтажниот театар, а сега ни се даде прилика да ја изведуваме на голема сцена, во Универзалната сала, која дава големи можности за реализација како просторни така и технички. Одговорноста беше уште поголема, затоа што една осовременета Травијата со модерни костими, беше веќе изведена тука во Универзалната сала, и секако оваа претстава што ја подготвувавме требаше да биде на многу повисоко ниво. Тоа ми налагаше и мојата професионална совест, а исто тоа го бараа од мене и уметничките раководители, реализатори на сценската поставка на операта. Сиот труд не беше попусто даден. Петтите мајски оперски вечери беа успешно отворени, не само заради мојата Виолета Валери, туку заради целиот ансамбл, кој беше максимално ангажиран на едно одговорно уметничко ниво, на чело со диригентот **Александар Лековски.** Мои партнери беа одличните **Благоја Николовски** како Алфред и **Никола Митиќ** од Белградската опера како Жорж Жермон. Раскошната сценографија и костимографија беа на **Бранко Костовски** и **Елена Патрногиќ.** Навистина беше големо задоволство да се пее пред преполна сала со публика, која искрено ја сака и ја разбира операта, која знае богато да награди со аплаузи, публика која придонесува да сé почувствува возвишената свечена атмосфера на Мајските оперски вечери. Претставата постигна голем успех и одзивот на критиката беше мошне позитивен. За мене секако најважни беа честитките од моите колеги, а посебно од нашата прва Виолета **Зина Креља,** која покрај најраскошниот букет цвеќиња, широкоградо ми ги подари и своите несомнени признанија за добро направената вокално-артистичка креација. Тие моменти остануваат долго во сеќавање.

„Боеми“ (11.5.1980) со Крунослав Цигој и Бранка Беретовац

„Вечер“, 23.5. 1989

РОЗИНА НА ЈОВАНОВИЌ

„Розина на Јадранка Јовановиќ (изведена во својата оригинална мецо-сопранска верзија: 'Севилски бербер') беше едно врвно музичко-сценско оформување, со силен вокален ангажман, беспрекорно чист и вонредно шармантен, полн со блескавости, непринудености, како и музичко-стилски обусловености. И... сето тоа комбинирано со шармантна, духовита и непринудена сценска игарија...„.

Владо Чучков

На Мајските оперски вечери, единствена манифестација која дава можности на публиката да чуе голем број врвни имиња од оперската уметност, како на пример од рангот на **Николае Херлеа,** учествував со големо задоволство, и секако ми прави чест тоа учество, а голема заслуга за празнувањето на дваесетгодишниот јубилеј и опстојувањето на оваа манифестација му припаѓа на неуморниот иницијатор и организатор на Мајските оперски вечери Васил Ќортошев.

Павлина Апостолова

ЗА МЛАДИТЕ, ЗА ОДНОСОТ

Она што мене лично и професионално најмногу ме врзува за Мајските оперски вечери е тоа што уште во првите години на нивното постоење бев на неколкупати член на жиријата за оценка на младите оперски надежи, на натпреварувањето што го носеше името на нашиот сакан и рано починат колега Томче Грнчаровски.

Не можам а да не бидам критична спрема покажаниот квалитет на нашите тогашни млади надежи, кои во присуство и конкуренција на гости од другите југословенски и балкански центри, пред сè од Бугарија и Романија, не секогаш беа дораснати на ваквата конкуренција и квалитет од надвор. Ова дотолку повеќе што во жиријата, чиј член бев и јас, по правило седеше барем еден претставник, дури и во својство на претседател, од другите југословенски оперски куќи, од капацитетот на една Анита Мезетова или Никола Цвеиќ, кај кои не можеа да поминат никакви други критериуми освен уметничките. Секако дека фактот на појак квалитет на другите оперски центри не можеше а да не делува врз сите нас, но тоа само зборува дека во нашата релативно мала и млада оперска средина не се обрнуваше доволно внимание на навременото и постојано откривање и негување на млади и талентирани пејачи. Со еден збор, оперскиот подмладок ни беше малуброен и недораснат на поширока-

„Севилскиот бербер“ во изведба на Операта на МНТ, на 13.5.1980: Паулос Раптис, Миомир Тасиќ, Бранимир Стевановиќ, Анастазија Низамова, Славка Михајлова и Георги Божиков

та југословенска и европска конкуренција.

Што се однесува до односот на југословенските оперски куќи спрема Мајските оперски вечери, сметам дека тој секогаш бил коректен и со достојна почит и професионален респект, за што најдобро сведочи фактот што некои од тогашните млади оперски надежи, кои денес се афирмирани пејачи, своето деби го имаа токму на нашите Мајски оперски вечери, во рамките на ова мало натпреварување. Ова, за жал, не би можело да се рече и за некои странски оперски куќи, кои понекогаш, праќајќи не соодветен пејачки квалитет, покажуваа дека немаа секогаш јасна претстава за вистинското ниво и квалитет на Мајските оперски вечери. Оттука имаше случаи на врвни остварувања и уметнички доживувања, едновремено со очигледно просечни солисти и диригенти, на кои не им беше местото на оперски фестивал со вакво ниво, така што свечените концерти на победниците од натпреварувањето на младите оперски надежи беа често поквалитетни од цели претстави со комплетни гостувачки ѓарнитури.

Она што мене лично ми пречеше во повеќегодишното одржување на Мајските оперски вечери е фактот дека често се повторуваа исти претстави, односно исти гостувачки екипи и солисти, што го потегнува прашањето за потребата од поголема разновидност на репертоарот. Ова секако зависи и од подготвеноста на нашиот ансамбл, но и од нашата репертоарска политика, која во однос на Мајските оперски вечери не беше доволно разнолика.

Марија Скаловска

ПРОФЕСИОНАЛНИ ПОТВРДУВАЊА

Предлогот за организирање на оперски фестивал во мај, што пред дваесет години го даде тогашниот директор на Операта Васил Ќортошев, беше усвоен од Уметничкиот совет на Операта на МНТ и Мајските оперски вечери можеа да почнат. Тоа прво беа средби на врвни солисти од југословенските оперски куќи, потоа и од балканските земји, за брзо да прерасне во смотра на уметници – вокални солисти, диригенти, балетски уметници до комплетни ансамбли – од оперските куќи на Европа.

Организирањето и појавата на ваква манифестација беше прифатена со одушевување, уште повеќе што Македонија се афирмира во светот со Струшките вечери на поезијата, па манифестација во областа на оперската музика би била посебно доживување за љубителите на музиката од една страна и афирмација на скопската опера во сферата на музиката во Европа од друга.

Свеченото отворање на Мајските оперски вечери на 9 мај 1972 година беше во чест на 25-годишнината на музичко-балетската репродукција во Македонија, на јубилејот на Операта на Македонскиот народен театар во Скопје.

Мајските оперски вечери станаа традиција. Гостувањата на голем број солисти како Радмила Бакочевиќ, Бисерка Цвеиќ, Владимир Ружѓак, Николае Херлеа, Николај Ѓузелев, Лилјана Молнар, Владислав Пјавко, Никола Василев, Соња Хочевар, Стојан Стојанов, Милка Стојановиќ, Гертруда Мунитиќ, Живан Сарамандиќ и други врвни солисти беа привилегија за скопската публика и посебно доживување за неа. Факт: преполнетата Универзална сала, а потоа и салонот на Македонскиот народен театар.

Гостувањата од доменот на диригентите како што се Олџих Пипек, Корнел Траилеску, Никша Бареза, Рајнхарт Петерсен, Асен Најденов, Иван Маринов и други, за

„Нова Македонија“, 19.5.1990

ЧАВДАРСКИ

„Со оркестарот и хорот на Операта на МНТ (Гала оперски концерт) диригираше Ванчо Чавдарски, во целосната контрола на неговата зрела и полна со искуство уметничка акција, што се покажа во цврстиот манир на презентациите, прво на увертирата од операта 'Набуко' од Верди, а потоа и на популарниот 'Хор на заробениците' од истоимената опера“.

Бојан Ортаков

„Вечер“, 12.5. 1989

ЧУДЕСНА ДИРИГЕНТСКА ПАЛКА

„Александар Лековски кој, вонредно ангажиран, како со волшебно (диригентско!) стапче го мобилизираше оркестарот и хорот до таква степен на севкупната изведувачка концентрација што крајниот изведувачки биланс беше повеќе отколку добар: вонредно дозиран оркестарски звук, константно изведувачко темпо, силовит општ изведувачки релјеф ('Травијата')“.

Владо Чучков



Новосадски „Палјачи": Шиме Мардешиќ, Миодраг Миловановиќ и Јордан Тодоровски

оркестарот претставуваа посебни впечатоци и потврдувања на професионален план. Со овие диригенти, оркестарот на Операта даваше максимум во својата интерпретација.

Оваа голема музичка манифестација во текот на 1986 година беше доведена во прашање од финансиски причини и други побуди, како од самата оперска куќа, така и од надвор. Дури се сугерираше Мајските оперски вечери да бидат прекинати. Но, се најдоа луѓе, а меѓу нив и тогашниот директор на Операта Кочишки, кои со вложувања на посебни напори ги пребродија сите поставени пречки, изнајдоа средства од спонзори и успеаја да ја одржат манифестацијата што, еве, сега ја имаме како дваесетгодишна, како голем мајски музички празник.

Ѓоко Николовски

ПРЕДИЗВИК ЗА ГОРДОСТ

Кога пред дваесет години беше речено дека ќе се организираат Мајски оперски вечери, како и обично секогаш кога се појавува нешто ново – малкумина меѓу оркестарските музичари веруваа дека воопшто ќе се одржи. Скопје? Македонија? Оперски фестивал? – па тоа е резервирано за големи оперски куќи, за големи градови, за држави со голема традиција.

А, еве, Мајските оперски вечери се манифестација што постои веќе дваесет години и секако ќе постои уште многу долго. Се одржува како интегрален дел на нашето културно живеење, во нашата Република овој оперски фестивал фигурира како една од најуспешно добиените трки на полето на културното натпреварување.

Вршејќи ја оваа благородна мисија, манифестацијата МОВ со голем успех постои две децении и претставува своевидна потврда – бележејќи секоја година програмско-уметнички растеж, претставува еден од најцврстите мостови – непознавајќи јазични бариери, за меѓусебно културно збогатување на балканските народи, па и пошироко за пријателство и разбирање меѓу народите во светот.

Мајските оперски вечери не се повеќе само атракција за скопјани и за Македонија, туку се веќе културна потреба што секоја година со нестрпливост се очекува. Статистиката ќе ја препуштиме на некоја друга страница, но овде ќе забележиме дека во овие дваесет години на МОВ продефилираа, а нашата публика имаше пријатно задоволство да ги чуе и види, многу југословенски, балкански и европски, а и по некои светски имиња кои пееле во миланската „Ла Скала", Виенската опера, Метрополитен во Њујорк и така натаму.

По подолга пауза, на јубилејните XX мајски оперски вечери, а тоа е многу добро, се обновуваат Средбите на младите оперски надежи, манифестација преку која поминаа повеќе денес веќе европски афирмирани оперски имиња кои го разнесуваат и името на Мајските оперски вечери, афирмирајќи го фестивалот, а со тоа и името на Скопје и Македонија.

И наспроти сите претходни подготовки, сепак Мајските оперски вечери претставуваат и вонреден напор и предизвик за оркестарскиот оперски уметник. Нека се има предвид фактот дека речиси секоја втора вечер на репертоарот е нова претстава, пред нас нов диригент, а на сцената нови пејачи. Сето тоа бара извонредна концентрација од секој поединец, а потоа и од сите нас заедно. Треба да се внимава на секој гест на диригентот, па и оној не сосем разбирливиот поради индивидуалниот манир, да се внимава на солистите – гости не само при пеењето, туку и на дишењето, а потоа на колегите во оркестарот, па на соло делниците на секој поединец, што сè заедно е навистина исцрпувачки до бескрајност, но сепак кај оркестарскиот уметник постои нешто што нема цена – а тоа е претставата да биде добра, многу добра и одлична пред многубројната публика. Задоволство, толку пријатно, кое знае да го потисне сиот замор и во живо да се сонува занесот на успехот.

Македонските љубители на оперската уметност, и воопшто македонската културна јавност, можат да бидат горди што се домаќини на овој оперски фестивал, еден од четирите во светот.

Никола Атанасов

ПРВА И ЕДИНСТВЕНА МАНИФЕСТАЦИЈА

Како учесник на сите досегашни Мајски оперски вечери, со радост и гордост се сеќавам на оваа манифестација, прва и единствена од таков вид во нашиот град и пошироко во Југославија и на Балканот. Ретко се случува една културна манифестација уште на својот почеток да блесне така силно и да има голем одглас во културниот свет, а сето ова благодарение на тогашниот директор на Операта и основоположникот на овие Оперски вечери Васил Ќортошев, кој со голем ентузијазам и голема организаторска способност ги „запали" вљубениците на оперската уметност кои со нестрпливост го чекаат секој наредени мај.

Манифестацијата Мајски оперски вечери, можам слободно да речам, за македонската музичка кул-

На извонредната изведба на „Набуко“ (20.5.1980) настапи и денес прославената Гена Димитрова (сосем десно)

тура има позначајно место дури и од фестивалот Охридско лето. Кога ова го зборувам, мислам на тоа дека мнозинството од изведувачите се од нашата оперска куќа.

Се потсетувам на првите години, на „Вечерите“ во Универзалната сала која беше несоодветна за изведување на оперски претстави, но и покрај тоа интересирањето за следењето беше големо, па дури и преку нас музичарите, солистите и хористите се настојуваше да се добие билет. Се бараше билет повеќе, а за тоа имаше и причина – да се видат и слушнат европски и светски музички имиња, како тенорот Никола Николов, Енигареско, потоа големиот миленик на публиката, романскиот баритон Николае Херлеа и многу други.

Се надевам дека оваа традиција ќе продолжи и понатаму со иста желба и радост и на среќа и задоволство на многубројниот оперски аудиториум.

Стеван Нешковски

ЧУДЕСЕН СПЕКТАКЛ

Во далечната а така блиска 1972 година, по една несекојдневна иницијатива, во организација на нашиот познат оперски режисер Васил Ќортошев, секако еден од најзаслужните поединци, во Скопје заживеа културната музичка манифестација Мајски оперски вечери. Тоа беше доживување за нашиот град, за постојано преполнетата сала од маса вистински љубители на оперската музика, љубители кои со интерес ги следеа претставите од почеток до крај.

Заслугата за тоа им припаѓа на солистите, диригентите, многуте музички уметници (хорот и оркестарот), на раководството и организаторите. Меѓу нив постоеше една силна хармонија, а тоа придонесуваше за обезбедување квалитет. Сите работеа напорно, но со задоволство. Се сеќавам на една од пробите на операта „Кармен“ од Жорж Бизе во 1972 година кога солистката со светско реноме Бисерка Цвеиќ, воодушевена од хорското исполнување и залагањето на оркестарот, извика: **„Браво, браво користи! Вие сте несомнено еден од најдобрите хорови во Југославија. Браво!“**

Сите заеднички придонесуваа и придонесуваат за еден висок квалитет на Мајските оперски вечери. За кратко време таа манифестација излезе од своите првични рамки – скопски, македонски, па и југословенски, и стана една меѓународна културна манифестација со еминентни музички уметници од светски ранг.

Цела низа од славни оперски имиња дефилираа пред скопската публика која со бурни аплаузи ги наградуваше, а со нив заедно и хорот и оркестарот. Тоа искрено признание од публиката, а се разбира и од критиката, беше вонреден стимул за натамошната работа и светол патоказ кон повисоки успеси.

Со задоволство се сеќавам на тие времиња и сите тие претстави ќе останат во моето сеќавање засекогаш, како што ќе останат имињата на славните певци за генерации и генерации, бесмртни како што се бесмртни авторите на делата што ги исполнуваат. Нека остане да живее месецот мај со своите цвеќиња и зеленило споени со прекрасни оперски арии, чудесен спектакл од мелодии, бои и убаво расположение. Нека останат да живеат Мајските оперски вечери со сета своја убавина, зашто тие се чувство и доживување и оддолжување, на еден начин, на дел од бесмртните. Горда сум што мојата животна определба – музиката, ја остварив и имав можност да ѝ служам и целосно да ѝ се предадам.

Марија Чибариќ

КРУНА НА ОПЕРСКИОТ ЖИВОТ

По повод годишнината на Мајските оперски вечери и на оперската куќа во Скопје, можам да кажам дека за мене, како и за многумина посетители, операта е животна радост, најубавото чувство на одмор и одушевување по многуте часови поминати на работа. Мајските оперски вечери, според мене, се еден од најважните сегменти во културниот растеж и преродбата на нашиот народ. Со нив ние се приближуваме кон цивилизациските текови на Европа. Преку Операта, особено со Мајските оперски вечери, Филхармонијата и преку другите уметности и науката, ние како народ создаваме повозвишен углед и цена во културните слоеви на југословенските и на европските меридијани.

„Наш свет“, 30.5.1990

НОВ БЛЕСОК НА „ЦАРОТ“

„Точно 22 години по праизведбата, операта 'Цар Самуил' доживеа нова премиера на оперската сцена во Македонскиот народен театар за едно прекрасно отворање на годинашниве Мајски оперски вечери... Преполнетиот салон на МНТ многу топло ја прими изведбата и знаеше во неколку наврати да ги награди уметниците (пред сè, Симеон Гугуловски) на отворена сцена, а на крајот од премиерата долго да ракоплеска, да приреди стоечки овации“.

С.М.

Во операта се соединуваат три уметности: музиката, убавиот збор – литературата, и сликарството, за да му дадат на човекот сензибилитет за одушевување преку окото и увото. Оттука доаѓа и вековното одушевување на човекот со операта во цивилизациските простори на Европа и Америка.

Евидентно е дека сè повеќе и повеќе, под било каква власт и зад политичките завеси на секоја боја, е прифатен принципот на државна потпора за операта, во една или



Трикратна Виолета Валери: Ишик Курт од Анкара ја толкуваше главната улога во „Травијата“ во 1977, 1980 и 1990 година: Драган Шолјев, Бранимир Стевановиќ, Курт и Осман Чокоглу (22.5.1980)

ва во „Мадам Батерфлај“, на извонредниот сопран **Изабела Наве** во „Лучија ди Ламермур“, на младата **Јоана Вош** од Лоѓ исто така во „Лучија ди Ламермур“, на **Миоара Кортес–Давид** од Романија, на **Владислав Пјавко** во „Аида“, на врвни гласови од Нирнберг, на солисти од Софија, Атина и Истанбул. Тука се и постојаните гостувања на нашите славни пејачки **Радмила Бакочевиќ, Јадранка Јовановиќ, Дубравка Зубовиќ...** и сите тие во заеднички претстави со нашите солисти **Симеон Гугуловски, Анастазија Низамова–Мухиќ, Никола Гагов, Славица Петровска, Миомир Тасиќ** и други. Сите тие на заедничките настапи со нашите балетски уметници, хорот и оркестарот го создаваат богатиот и отворен музички живот во нашиот град и во нашата земја.

Македонија е мала земја, отворена спрема светот, со богати тесни

> *„Нова Македонија“, 25.5. 1990*
>
> **БИЛЕТ ПОВЕЌЕ?**
>
> *„'Аида' распродадена. – За прекрасната 'Аида', што на репертоарот на МОВ е закажана за 31 овој месец, билети повеќе нема. Љубителите на оперската музика за оваа претстава се обезбедиле со билети уште пред почетокот на МОВ, па така оние што веруваа дека 10 дена пред почетокот на претставата ќе можат да се снабдат со нив – останаа без нив“.*

друга форма што општо може да важи и за секоја и за сите уметности, но за операта тоа е најевидентно, зашто другите уметности наоѓаат и поинакви решенија. Операта е дотирана насекаде низ светот.

Како почна создавањето на оперскиот живот во Македонија?

Јас претпоставувам дека во југословенските и балканските простори, македонскиот мелос – песната и полифоничноста е нашироко позната стварност. Македонскиот човек знае да ужива во песната и музиката, па оттука создавањето на Опера во Скопје, по Втората светска војна, беше логичен резултат. Мајските оперски вечери, пак, дојдоа како континуитет во развојот на музичката оперска дејност на Балканот: собиралиште на талентирани гласови од оперските сцени на балканските земји во централното подрачје на нивниот заемно усогласен живот во сферата што ја наречуваме музика и убаво пеење.

Од друга страна, важноста на Мајските оперски вечери се согледува во фактот дека тие се единствената манифестација на југословенскиот и балканскиот простор што ја продолжува традицијата на овој вид музичко творештво што на европскиот континент се негува веќе четири столетија. Оттука и заклучокот дека македонската културна јавност преку Мајските оперски вечери ја продолжува културната традиција во долговековното живеење на операта во цивилизациските простори на Европа и Америка. Сè заедно, македонската опера преку Мајските оперски вечери се здоби со едно интернационално име како резултат на контактите и меѓусебните запознавања. Со тоа, операта стана и е еден од мостовите по кои сме најблиску до културните збиднувања и цивилизациското европски развој.

Тука, во овие простори на Балканот, настапуваа – заедно со нашиот ансамбл и нашите солисти – врвни пејачи како **Гена Димитрова** од Софија, **Николае Херлеа** од Букурешт, **Изабела Наве** од Варшава и други. Меѓу незаборавните гостувања во нашата оперска куќа се слушани и гласовите на **Мирослав Чангаловиќ** и **Гертруда Мунитиќ**, на **Барбара Загужанка** од Варша-

комуникации и културно-економски врски со многу европски земји, така што одржувањето на Мајските оперски вечери станува основна потреба во натамошниот европски културен развој на нашата земја – станува скапоцен камен во круната на културата на нашиот главен град. Со Мајските оперски вечери таа круна ќе блеска сè повеќе и ќе дава одблесок во музичкиот живот на овој дел од балканските простори за нивното цивилизациско поврзување со културните европски текови.

Инж. арх. Јанко Константинов



Нов настап на Бреда Калеф и Радмила Бакочевиќ – на 24.5.1980 во „Мадам Батерфлај“

РЕПЕРТОАРОТ НА МОВ

– по години –

I мајски оперски вечери: 9–31 мај 1972

Кирил Македонски: „ЦАР САМУИЛ“ (9 мај)

Солисти и ансамбл на Операта на МНТ, диригент Фимчо Муратовски.

Толкувачи и ликови: Георги Божиков (Самуил), Стојан Стојанов (Василиј II), Никола Гагов (Гаврил Радомир), Марија Скаловска (Ирена), Ана Липша-Тофовиќ (Марија), Артур Сурмејан (Црнољуб), Станко Липша (Огнен), Гоѓа Трајанов (Владислав), Јордан Тодоровски (Ксифија), Драган Шојлев (Уран) и Коста Шуваковиќ (Теодорик).

Антонин Дворжак: „РУСАЛКА“ – премиера (12 мај)

Солисти и ансамбл на Операта на МНТ, диригент Олџих Пипек.

Толкувачи и ликови: Анастасија Димитрова (Русалка), Никола Гагов (Принц), Павлина Апостолова (Кнегиња), Георги Божиков (Водењак), Ана Липша-Тофовиќ (Баба), Јордан Тодоровски (Шумар), Јоана Петрова (Готвач), Драган Шојлев (Ловец) и Лилјана Зенделска, Костадинка Ристова и Анастазија Низамова (Самовили).

Лудвиг Минкус: „ДОН КИХОТ“ (13 мај)

Балет во 3 чина со солисти и ансамбл на Балетот на МНТ, диригент Ангел Шурев.

Толкувачи и ликови: Александар Стојановиќ (Дон Кихот), Жика Сувачаревиќ (Санчо Панса), Борис Поплавски (Лоренцо), Елица Шаревска (Китри), Марин Црвенов (Базил), Александар Гочков (Гамаш), Вељанка Пандилова (Паж и Амор), Снежана Сопотска (Жуанита), Марика Цветковска (Пикилија), Ѓурѓица Петровска (Улична танчарка), Тони Баталаков (Еспадо), Лилјана Баталакова (Мерцедес), Јагода Сланева (Повелителка) и Радослав Димитровски (Крчмар). **Циганска игра:** Вера Бранѓолица и Тони Шулевски. **Класична варијација:** Јагода Сланева. **Класични солистки во III чин:** Смилка Георгиева, Олга Муратовска, Ѓурѓица Петровска, Снежана Сопотска, Марика Цветкова и Слободанка Чукиќ-Николова. **Шпањолки:** Олга Муратовска, Елена Илиќ, Гордана Чадиковска и Лидија Лазарева. **Тореадори:** Гаврил Кокоански, Никола Божинов, Златко Петковски и Михајло Јовановски. **Фанданго:** Вера Бранѓолица и Тони Баталаков.

Пјотр Илич Чајковски: „ЕВГЕНИЈ ОНЕГИН“ (15 мај)

Солисти на Белградската опера, диригент Душан Миладиновиќ.

Толкувачи и ликови: Евдокија Доброхотова (Ларина), Радмила Бакочевиќ (Татјана), Бреда Калеф (Олга), Калина Милошевска (Филипјевна), Никола Митиќ (Онегин), Звонимир Крнетиќ (Ленски), Ѓорѓе Ѓурѓевиќ (Грјемин), Станко Липша (Зарецки), Артур Сурмејан (Трике) и Јордан Тодоровски (Глас).

Винченцо Белини: „НОРМА“ (17 мај)

Солистка на Новосадската опера, диригент Имре Топлак.

Толкувачи и ликови: Марија Алпар (Норма), Георги Божиков (Оровез), Ана Липша-Тофовиќ (Адалџиза), Стојан Стојанов (Полион), Артур Сурмејан (Флавио) и Евдокија Доброхотова (Клотилда).

Џузепе Верди: „ДОН КАРЛОС“ (20 мај)

Солисти на Софиската опера, диригент Атанас Маргаритов.

Толкувачи и ликови: Никола Ѓузелев (Филип II), Љубомир Бодуров (Дон Карлос), Никола Василев (Родриго), Николај Стоилов (Големиот инквизитор), Јулија Винер (Елизабета), Адријана Стаменова (Еболи), Марија Кристо (Тебалдо), Евдокија Доброхотова (Контеса), Станко Липша (Монах), Артур Сурмејан (Лерма) и Васка Биџова-Гајдова (Глас).

„Риголето“ – Љубљана: Владка Оршаниќ и Игор Филипович (27.5.1980)

Џузепе Верди: „НАБУКО“ (22 мај)

Солисти на Сараевската опера, диригент Мирослав Хомен.

Толкувачи и ликови: Борислав Александров (Набуко), Стојан Стојанов (Исмаел), Максо Савин (Закарија), Радмила Тодоровска (Абигаила), Блага Видец (Фенена), Милан Јурач (Големиот свештеник), Артур Сурмејан (Абдало) и Трифуна Кулари (Ана).

Жорж Бизе: „КАРМЕН“ (24 мај)

Солисти на Загребската опера, диригент Никша Бареза.

Толкувачи и ликови: Стојан Стојанов (Дон Хосе), Владимир Ружѓак (Ескамилио), Звонимир Прелчец (Данкајро), Фрањо Паулик (Ремендадо), Станко Липша (Цунига), Илија Црвенов (Моралес), Бисерка Цвеиќ (Кармен), Елена Христова (Фраскита), Мирјана Ѓорѓевиќ (Мерседес) и Бранка Беретовац (Микаела). **Балетски солисти:** Лилјана Баталакова, Цветанка Шулевска, Вера Бранѓолица, Екрем Хусеин и Тони Шулевски.

„Вечер“, 19.5. 1990

ГАЛА СТАМПЕДО

*„МОВ продолжуваат со несмалена жестина – се дојде до првата точка на кулминацијата, гала оперскиот концерт... Групата четворица уметници од Нирнберг имаат неколку заеднички особини. Пред сè, тие со особено внимание го почитуваат нотниот текст, имаат вонредна пејачка кондиција, особено се култивирани во насоката на стилското толкување на одредено дело, како и пејачка култивираност и дикција. Ке мораме нивните имиња да ги запаметиме: **Лиа Келер, Џејмс Мек Лин, Хајнц Клаус Екер, Карл Хајнц Тиман“.***

Владо Чучков

Џузепе Верди: „АИДА“ (26 мај)

Солисти на Љубљанската опера, диригент Бого Лесковиц.

Толкувачи и ликови: Коста Шуваковиќ (Фараон), Божена Главак (Амнерис), Ванда Герлович (Аида), Ардуино Замаро (Радамес), Едвард Сршен (Амонасро), Георги Божиков (Рамфис), Јордан Тодоровски (Гласник) и Евдокија Доброхотова (Глас зад сцената). **Балетски солисти:** Лилјана Баталакова, Тони Шулевски и Вера Бранѓолица.

„ЧЕТИРИ БАЛЕТСКИ ВИДУВАЊА“ (27 мај)

Солисти и ансамблот на Балетот на МНТ со снимена музика.

Љубомир Бранѓолица: „Воена приказна“ (Јагода Сланева - Жената, Ма-



Премиера на балетот „Лабин и Дојрана“ на IX мајски оперски вечери (27.5.1980)

рин Црвенов – Мажот, Екрем Хусеин – Смртта).

Томислав Зографски: „Патувања“ (Вера Бранѓолица – Јас, Александар Стојановиќ – Човекот што го сакам, Тони Баталаков – Човекот што го засакав).

Тома Прошев: „Бранови“ (Јагода Сланева – А, Лилјана Баталакова – Б, Тони Баталаков – В).

Благоја Ивановски: „Фрески“ (Ѓурѓица Петровска, Елица Шаревска, Тони Шулевски, Јагода Сланева, Александар Хаџиманов и Гаврил Коколански).

Џузепе Верди: „ТРАВИЈАТА“ (28 мај)

Солисти на Букурешката опера, диригент Анатол Кисаѓи.

Толкувачи и ликови: Елена Симионеску (Виолета), Евдокија Доброхотова (Флора), Елисавета Христова (Анина), Валентин Теодоријан (Алфред), Николае Херлеа (Жорж), Јордан Тодоровски (Летториер), Илија Црвенов (Дуфол), Станко Липша (Обињи), Методија Илиевски (Д-р Гренвил) и Спирос Куфојанакис (Доместико). **Балетски солисти:** Вера Бранѓолица, Лилјана Баталакова, Тони Шулевски и Екрем Хусеин.

КОНЦЕРТ НА МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА (30 мај)

Диригент Тодор Скаловски.

Програма: Моцарт „Концерт за кларинет (Миленко Стефановиќ) и оркестар“; Трифуновиќ „Токата за гудачки оркестар но. 161“ – „Ај дојди ти сладок предсмртен миг“ (Ана Липша–Тофовиќ, Благој Николовски и Хорот на РТВС); Брамс „Симфонија но. 4 во е-мол“.

Трајко Прокопиев: „РАЗДЕЛБА“ (31 мај)

Солисти и ансамбл на Операта на МНТ, диригент Т. Прокопиев.

Толкувачи и ликови: Георги Божиков (Јордан), Евдокија Доброхотова (Рајна), Анастасија Димитрова (Симка), Ана Липша–Тофовиќ (Божана), Никола Гагов (Костадин), Драган Шојлев (Атанас), Методија Илиевски (Насте), Драги Крстевски (Кољо), Илија Црвенов (Зафир) и Станко Липша (Фидан).

II мајски оперски вечери: 9–31 мај 1973

Кристоф Вилибалд Глук: „ОРФЕЈ И ЕВРИДИКА“ (9 МАЈ)

Солисти и ансамбл на Операта и Балетот на МНТ, диригент Олџжих Пипек.

Толкувачи и ликови: Ана Липша-Тофовиќ (Орфеј), Искра Божиновска (Евридика) и Васка Биџова–Гајдова (Амор).

Џан Карло Меноти: „МЕДИУМ“ (9 мај)

Солисти на Операта на МНТ, диригент Фимчо Муратовски.

Толкувачи и ликови: Ана Липша-Тофовиќ (Флора), Павлина Апостолова (Моника), Екрем Хусеин (Тоби), Станко Липша (Гобино), Фанка Икономова (Г-ѓа Гобино) и Калина Милошевска (Г-ѓа Нолан).

(„Орфеј“ и „Медиум“ во иста вечер).

Џузепе Верди: „НАБУКО“ (11 мај)

Солисти на Новосадската опера, диригент Имре Топлак.

Толкувачи и ликови: Димитри Мариновски (Набуко), Владан Цвеиќ (Исмаел), Рудолф Немет (Закарија), Марија Алпар–Тунтев (Абигаила), Аранка Херѓан-Бодрич (Фенена), Коста Шуваковиќ (Големиот свештеник), Јордан Тодоровски (Абдало) и Евдокија Доброхотова (Ана).

Џузепе Верди: „ТРАВИЈАТА“ (13 мај)

Солисти на Загрепската опера, диригент Миро Беламариќ.

Толкувачи и ликови: Нада Ружѓак-Сиришчевиќ (Виолета), Евдокија Доброхотова (Флора), Јоана Петрова (Анина), Адалберто Матешиќ (Алфред), Владимир Ружѓак (Жорж), Јордан Тодоровски (Летториер), Илија Црвенов (Дуфол), Станко Липша (Обињи), Коста Шуваковиќ (Д-р Гренвил) и Спирос Куфојанакис (Доместико). **Балетски солисти:** Вера Бранѓолица, Лилјана Баталакова, Тони Шулевски и Екрем Хусеин.

КОНЦЕРТ НА МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА (14 мај)

Диригент Фимчо Муратовски.

Програма: Зографски „Класична суита“; Сен-Санс „Концерт за виолончело (Душка Тасевска) и оркестар во а-мол“; Росини „Стабат матер“ (Искра Божиновска сопран, Милка Ефтимова алт, Благој Николовски тенор и Георги Божиков бас, Хорот на РТВС во подготовка на Драган Шуплевски).

Винченцо Белини: „НОРМА“ (16 мај)

Солисти на Белградската опера, диригент Богдан Бабиќ.

Толкувачи и ликови: Милка Стојановиќ (Норма), Ѓорѓе Ѓурѓевиќ (Оровез), Ѓурѓевка Чакаревиќ (Адалџиза), Звонимир Крнетиќ (Полион), Јордан Тодоровски (Флавио) и Евдокија Доброхотова (Клотилда).

Џакомо Пучини: „МАДАМ БАТЕРФЛАЈ“ (18 мај)

Солисти на Белградската и Загрепската опера, диригент Олџжих Пипек.

Толкувачи и ликови: Блаженка Милиќ (Мадам Батерфлај), Анастазија Низамова–Мухиќ (Сузуки), Славка Михајлова (Кејт), Звонимир Крнетиќ (Пинкертон), Илија Црвенов (Шарплес), Јордан Тодоровски (Горо), Станко Липша (Јамадори), Драган Шојлев (Бонзо), Спирос Куфојанакис (Комесера), Панче Митровски (Службеник) и Викторија Стојанова (Мајка).

Каталин Селегери од Будимпешта (со Симеон Гугуловски) во „Кармен“ на 31.5.1980

Шарл Гуно: „ФАУСТ“ (20 мај)

Солисти на Анкарската опера, диригент Ангел Шурев.

Толкувачи и ликови: Кериман Давран (Маргарета), Благоја Николовски (Фауст), Ајхан Баран (Мефисто), Сеит Ахмет-Јилдиз (Валентин), Јордан Тодоровски (Зибел), Анастазија Низамова-Мухиќ (Марта), Фанка Икономова (Цвеќарка) и Станко Липша (Вагнер).

Џакомо Пучини: „БОЕМИ“ (22 мај)

Солисти на Софиската опера, диригент Иван Маринов.

Толкувачи и ликови: Георги Чолаков (Родолфо), Никола Василев (Марсел), Димитар Димитров (Шонар), Павел Герџиков (Колин), Коста Малевски (Беноа), Михо Христовски (Алсиндор), Благовеста Карнобатлова (Мими), Јулија Винер (Мизета) и Јордан Тодоровски (Парпињол).

Благоја Ивановски: „ФРЕСКИ“ (23 мај)

Балет во 1 чин со солисти и ансамбл на Балетот на МНТ (Елица Шаревска, Тони Шулевски, Лилјана Баталакова, Александар Хаџиманов и Гаврил Кокоалански).

Кристоф Вилибалд Глук: „ОРФЕЈ И ЕВРИДИКА“ (23 мај)

Исто како и на отворањето на II МОВ.

(„Фрески“ и „Орфеј“ во иста вечер).

Жорж Бизе: „КАРМЕН“ (25 мај)

Солисти на Љубљанската опера, диригент Владо Коблер.

Толкувачи и ликови: Рудолф Францл (Дон Хосе), Едвард Сршен (Ескамилио), Љубо Кобал (Данкајро), Славко Штрукељ (Ремендадо), Коста Шуваковиќ (Цунига), Илија Црвенов (Моралес), Милка Ефтимова (Кармен), Соња Хочевар (Фраскита), Нада Севшек (Мерседес) и Вера Лациќ (Микаела). **Балетски солисти:** Лилјана Баталакова, Цветанка Шулевска, Вера Бранѓолица, Екрем Хусеин и Тони Шулевски.

Џоакино Росини: „СЕВИЛСКИОТ БЕРБЕР“ (28 мај)

Солисти на Букурешката опера, диригент Константин Петрович.

Толкувачи и ликови: Валентин Теодоријан (Алмавива), Магда Јанкулеску (Розина), Николае Херлеа (Фигаро), Константин Габор (Бартоло), Николае Флореј (Базилио), Драган Шојлев (Фиорело), Славка Михајлова (Берта) и Спирос Куфојанакис (Офицер).

ВЕЧЕР НА МЛАДИ ОПЕРСКИ НАДЕЖИ (30 мај)

На првата средба настапија 12 кандидати од нашата земја.

Емилија Аврамовска (сопран, Скопје), Аленка Дернач (мецосопран, Љубљана), Лилјана Зенделска (сопран, Скопје), Гордана Мариќ (мецосопран, Загреб), Соња Печар (сопран, Љубљана), Миомир Тасиќ (баритон, Скопје) и Бранка Тодевска (сопран, Скопје) беа меѓу најистакнатите пејачи.

Џузепе Верди: „АИДА“ (31 мај)

Солисти од повеќе оперски куќи, диригент Олџжих Пипек.

Толкувачи и ликови: Коста Шуваковиќ (Фараон), Ана Липша–Тофовиќ (Амнерис), Лилјана Молнар-Талаиќ од Сараево (Аида), Умберто Борсо од Рим (Радамес), Октав Енигареско од Букурешт (Амонасро), Михаил Глигор од Темишвар (Рамфис), Јордан Тодоровски (Гласник) и Евдокија Доброхотова (Глас). **Балетски солисти:** Лилјана Баталакова, Тони Шулевски и Вера Бранѓолица.

III мајски оперски вечери: 9–31 мај 1974

Кирил Македонски: „ИЛИНДЕН“ (9 мај)

Солисти и ансамбл на Операта на МНТ, диригент Томислав Шопов.

Толкувачи и ликови: Никола Гагов (Груев), Георги Божиков (Делчев), Благоја Николовски (Карев), Ана Липша-Тофовиќ (Христина), Анастазија Низамова–Мухиќ (Ката), Искра Божиновска-Савин (Ангелина), Станко Липша (Делиивановв), Јордан Тодоровски (Чучков; Руски конзул), Илија Црвенов (Вангел), Драган Шојлев (Сарафов), Коста Шуваковиќ (Саид), Серафим Јаневски (Телал), Шиме Луцин (I Полицаец; Француски конзул), Миомир Тасиќ (II Полицаец; Англиски конзул), Коста Малевски (Австриски конзул), Илија Јованов (Александар) и Христо Битовски (Сугарев).

НАСТАПИ НА МЛАДИ ОПЕРСКИ НАДЕЖИ (10 и 11 мај)

На елиминаторните концерти настапија 22 кандидати од нашата земја, Бугарија и Романија:

Анѓелка Симоновиќ, Гордана Јевтовиќ и Александра Ивановиќ од Белград; Дубравка Зубовиќ и Веселинка Анчевска од Загреб; Јака Јераша од Љубљана; Мајда Швага од Марибор; Мира Зидариќ од Риека; Абдулах Бегановиќ и Паша Гаџиќ од Сараево; Надица Грозданова, Марија Димчева, Анастазија Низамова–Мухиќ, Миомир Тасиќ и Билјана Павлова од Скопје; Милош Крејни, Антониус Николеску и Жоржета Попа од Букурешт; Златомира Николова, Јулија Ангелова, Константин Јанков и Димитар Димитров од Софија.

Шарл Гуно: „ФАУСТ“ (12 мај)

Солисти на Белградската опера, диригент Борисав Пашќан.

Толкувачи и ликови: Добрила Богошевиќ (Маргарета), Звонимир Крнетиќ (Фауст), Мирослав Чангаловиќ (Мефисто), Никола Митиќ (Валентин), Јордан Тодоровски (Зибел), Ѓурѓевка Чакаревиќ (Марта), Фанка Икономова (Цвеќарка) и Станко Липша (Вагнер).

ВЕЧЕР НА МЛАДИ ОПЕРСКИ НАДЕЖИ (13 мај)

Финален концерт со Македонската филхармонија, диригент Фимчо Муратовски. Настапија:

Димитар Димитров – бас, Дубравка Зубовиќ – мецосопран, Александра Ивановиќ – мецосопран, Константин Јанков – тенор, Гордана Јевтовиќ – сопран, Јака Јераша – баритон, Жоржета Попа – сопран, Миомир Тасиќ – баритон и Мајда Швага – мецосопран.

„Кузман Капидан“ – уште една од македонските опери во програмата на МОВ (9.5.1981)

Џакомо Пучини: „МАДАМ БАТЕРФЛАЈ“ (14 мај)

Солисти на Сараевската опера, диригент Иван Штајцер.

Толкувачи и ликови: Милица Зечевиќ–Буљубашиќ (Мадам Батерфлај), Блага Видец (Сузуки), Славка Михајлова (Кејт), Сеад Буљубашиќ (Пинкертон), Борисав Александров (Шарплес), Јордан Тодоровски (Горо), Станко Липша (Јамадори), Миомир Тасиќ (Бонзо), Драган Шојлев (Комесера), Панче Митровски (Службеник) и Викторија Стојанова (Мајка).

Беджих Сметана: „ПРОДАДЕНА НЕВЕСТА“ (16 мај)

Солисти од повеќе оперски куќи, диригент Вацлав Носек од Брно.

Толкувачи и ликови: Велизар Максимовиќ од Белград (Крушина), Евдокија Доброхотова (Људмила), Јиндра Покорна од Брно (Марженка), Станко Липша (Миха), Ана Липша–Тофовиќ (Хата), Јозеф Веверка од Брно (Вашек), Владимир Крејчик од Брно (Јењик), Жарко Цвеиќ од Белград (Кецал), Шиме Луцин (Принципал), Јоана Петрова (Есмералда) и Драган Шојлев (Индијанец). **Балетски солисти:** Лилјана Баталакова, Вељанка Пандилова и Борис Караев.

Џоакино Росини: „СЕВИЛСКИОТ БЕРБЕР“ (18 мај)

Солисти на Љубљанската опера, диригент Миливој Шурбек.

Толкувачи и ликови: Јуриј Реја (Алмавива), Соња Хочевар (Розина), Марчело Остршевски (Фигаро), Ладко Корошец (Бартоло), Иван Санцин (Базилио), Драган Шојлев (Фиорело), Славка Михајлова (Берта) и Спирос Куфојанакис (Офицер).

Адолф Адам: „ЖИЗЕЛ“ (20 мај)

Балет во 2 чина со солисти и ансамбл на Балетот на МНТ и со гости од Белград, диригент Ангел Шурев.

Толкувачи и ликови: Душка Сифниос (Жизел), Раде Вучиќ (Алберт), Магдалена Јанева и Душан Симиќ (Пад-де) и Лидија Пилипенко (Мирта).

Пјотр Илич Чајковски: „ЕВГЕНИЈ ОНЕГИН“ (22 мај)

Солисти на Софиската опера, диригент Иван Маринов.

Толкувачи и ликови: Евдокија Доброхотова (Ларина), Благовеста Карнобатлова (Татјана), Александрина Милчева (Олга), Славка Михајлова (Филипјевна), Никола Василев (Онегин), Петко Маринов(Ленски), Димитар Петков (Грјемин), Станко Липша (Зарецки), Кирил Ѓулгеров (Трике) и Јордан Тодоровски (Глас).

Џакомо Пучини: „БОЕМИ“ (24 мај)

Солисти на Загрепската опера, диригент Јован Шајновиќ.

Толкувачи и ликови: Адалберто Матешиќ (Родолфо), Златко Фоглар (Марсел), Борис Ваида (Шонар), Миљенко Грозданиќ (Колин), Коста Малевски (Беноа), Михо Христовски (Алсиндор), Блаженка Милиќ (Мими), Елена Христова (Мизета) и Јордан Тодоровски (Парпињол).

Џузепе Верди: „ТРАВИЈАТА“ (26 мај)

Солисти на Новосадската опера, диригент Лазар Бута.

Толкувачи и ликови: Вера Бердовиќ (Виолета), Евдокија Доброхотова (Флора), Јоана Петрова (Анина), Воислав Куцуловиќ (Алфред), Душан Бугарин (Жорж), Јордан Тодоровски (Леториер), Илија Црвенов (Дуфол), Станко Липша (Обињи), Коста Шуваковиќ (Д-р Гренвил) и Спирос Куфојанакис (Доместико). **Балетски солисти:** Лилјана Баталакова и Екрем Хусеин.

КОНЦЕРТ НА АНСАМБЛОТ „СВЕТА СОФИЈА“ (27 мај)

Диригент Тома Прошев.

Програма: Бранѓолица „Ленто и мото“; Тошевски „Т'га за југ“ (Милан Фирфов – баритон); Равел „Интродукција и алегро за харфа (Татјана Шопова), флејта, кларинет и гудачки квартет“; Пригожин „Претходници“ (Искра Божиновска – сопран, Георги Божиков – бас); Ортаков „Ептамерон гама“; Прошев „Темпера IX“ (Благоја Николовски – тенор, Костадинка Велковска–Сидор рецитатор).

Џузепе Верди: „РИГОЛЕТО“ (29 мај)

Солисти на Букурешката опера, диригент Корнел Траилеску.

Толкувачи и ликови: Корнелиу Финатеану (Војводата од Мантова), Николае Херлеа (Риголето), Силвија Војнеа (Џилда), Виорел Бан (Спарафучиле), Михаела Ботез (Мадалена), Славка Михајлова(Џована), Драган Шојлев (Монтероне), Илија Црвенов (Маруло), Јордан

„Кавалерија рустикана": Радмила Смиљаниќ, Звонимир Крнетиќ и Анастазија Низамова (14.5.1981)

Тодоровски (Борса), Спирос Куфојанакис (Чепрано), Евдокија Доброхотова (Графица Чепрано), Слободан Сарделиќ (Офицер) и Јоана Петрова (Паж).

Џузепе Верди: „АИДА" (31 мај)

Солисти од повеќе оперски куќи, диригент Олџжих Пипек.

Толкувачи и ликови: Александар Ѓокиќ од Белград (Фараон), Бисерка Цвеиќ од Виена (Амнерис), Божена Рук–Фочиќ од Загреб (Аида), Никола Николов од Софија (Радамес), Георги Божиков (Рамфис), Владета Димитриевиќ од Белград (Амонасро), Јордан Тодоровски (Гласник) и Евдокија Доброхотова (Глас). **Балетски солисти:** Лилјана Баталакова, Тони Шулевски, Екрем Хусеин, Вељанка Пандилова и Виолета Бајрами.

IV мајски оперски вечери: 9–31 мај 1975

Александар Бородин: „КНЕЗ ИГОР" (9 мај)

Солисти и ансамбл на Операта на МНТ, диригент Александар Лековски.

Толкувачи и ликови: Димитри Мариновски (Игор), Искра Божиновска (Јарославна), Никола Гагов (Владимир), Мирослав Чангаловиќ од Белград (Галицки), Георги Божиков (Кончак), Анастазија Низамова–Мухиќ (Кончаковна), Гога Трајанов (Овлур), Илија Црвенов (Скула), Јордан Тодоровски (Ерошка), Евдокија Доброхотова (Дадијарка) и Лидија Митровска (Половецка девојка). **Балетски солисти:** Лилјана Баталакова, Екрем Хусеин и Виолета Бајрами.

МЕЃУНАРОДНА СРЕДБА МЛАДИ ОПЕРСКИ НАДЕЖИ „ТОМЧЕ ГРНЧАРОВСКИ" (10 и 11 мај)

На конкурсот се пријавија 19 млади пејачки и пејачи од нашата земја, Романија, Бугарија и Турција:

Бранка Окљеша, Биљана Петковиќ и Маргит Томик од Белград; Вјера Шкргатиќ, Невен Беламариќ и Силвија Пурчар од Загреб; Ервин Огнер од Марибор; Вероника Михелчиќ од Сараево; Милан Фирфов, Емилија Аврамовска и Светлана Димовска од Скопје; Јелге Ѓул од Анкара; Калуди Калудов, Живко Пранчев, Недјалка Бошкова, Асен Василев и Малинка Павлова од Софија; Димитри Трандафир и Агрипина Теохари–Петреску од Букурешт.

Ариф Меликов: „ЛЕГЕНДА ЗА ЉУБОВТА" (11 мај)

Балет во 3 чина со солисти и ансамбл на Балетот на МНТ и со гости од Киев, диригент Фимчо Муратовски.

Толкувачи и ликови: Валентина Калинсвскаја (Мехмене), Владимир Крилов (Ферхад) и Ирина Лукашова (Ширин).

Џузепе Верди: „ТРАВИЈАТА" (12 мај)

Солисти на Белградската опера, диригент Богдан Бабиќ.

Толкувачи и ликови: Милка Стојановиќ (Виолета), Евдокија Доброхотова (Флора), Јоана Петрова (Анина), Предраг Протиќ (Алфред), Никола Митиќ (Жорж), Јордан Тодоровски (Леториер), Илија Црвенов (Дуфол), Станко Липша (Обињи), Коста Шуваковиќ (Д-р Гренвил) и Спирос Куфојанакис (Доместико). **Балетски солисти:** Лилјана Баталакова и Екрем Хусеин.

МЕЃУНАРОДНА СРЕДБА МЛАДИ ОПЕРСКИ НАДЕЖИ „ТОМЧЕ ГРНЧАРОВСКИ" (13 мај)

За концертот на победниците со Македонската филхармонија, под диригентство на Фимчо Муратовски, жирито (проф. Никола Цвеиќ, Мирослав Чангаловиќ, проф. Коста Трпков, Фанка Икономова и Ф. Муратовски) ги избра:

Емилија Аврамовска – сопран, Недјалка Бошкова – мецосопран, Асен Василев – бас, Светлана Димовска – сопран, Јелге Ѓул – сопран, Калуди Калудов – тенор, Живко Пранчев – бас, Агрипина Теохари–Петреску – сопран, Димитри Трандафир – тенор, и Милан Фирфов – баритон.

Џузепе Верди: „РИГОЛЕТО" (14 мај)

Солисти на Сараевската опера, диригент Иван Штајцер.

Толкувачи и ликови: Антон Мосина (Војводата од Мантова), Борислав Александров (Риголето), Гертруда Мунитиќ (Џилда), Васил Марчев (Спарафучиле), Блага Видец (Маделена), Славка Михајлова (Џована), Драган Шојлев (Монтероне), Илија Црвенов (Маруло), Јордан Тодоровски (Борса), Спирос Куфојанакис (Чепрано), Евдокија Доброхотова (Графица Чепрано), Слободан Сарделиќ (Офицер) и Јоана Петрова (Паж).

Џакомо Пучини: „МАДАМ БАТЕРФЛАЈ" (16 мај)

Солисти на Љубљанската опера, диригент Владо Коблер.

Толкувачи и ликови: Вилма Буковец (Мадам Батерфлај), Божена Главак (Сузуки), Славка Михајлова (Кејт), Рајко Коритник (Пинкертон), Едвард Сршен (Шарплес), Јордан Тодоровски (Горо), Станко Липша (Јамадори), Драган Шојлев (Комесера), Панче Митровски (Службеник) и Викторија Стојанова (Мајка).

Џоакино Росини: „СЕВИЛСКИОТ БЕРБЕР" (18 мај)

Солисти на Анкарската опера, диригент Сабахетин Календер.

Толкувачи и ликови: Пекин Киргиз (Алмавива), Ишик Курт (Розина), Мете Угур (Фигаро), Ајхан Баран (Бартоло), Хилми Гиргинкоч (Базилио), Шинаси Озел (Фиорело), Нуран Авџи (Берта) и Спирос Куфојанакис (Офицер).

Лудвиг Минкус: „ДОН КИХОТ" (20 мај)

Балет во 3 чина со солисти и ансамбл на Балетот на МНТ и гости од Москва, диригент Ангел Шурев.

Толкувачи и ликови: Наталија Филипова (Китри) и Владимир Никонов (Базил).

Џузепе Верди: „ДОН КАРЛОС" (22 мај)

Солисти на Софиската опера, диригент Асен Најденов.

Толкувачи и ликови: Стефан Еленков (Филип II), Љубомир Бодуров (Дон

Карлос), Никола Василев (Родриго), Николај Стоилов (Големиот инквизитор), Јулија Винер (Елизабета), Бојка Косева (Еболи), Марија Кристо (Тебалдо), Станко Липша (Монах), Артур Сурмејан (Лерма) и Бранка Тодевска (Глас).

Џакомо Пучини: „БОЕМИ“ (24 мај)

Солисти на Новосадската опера, диригент Имре Топлак.

Толкувачи и ликови: Шиме Мардешиќ (Родолфо), Франц Пухар (Марсел), Душан Балтиќ (Шонар), Светозар Дракулиќ (Колин), Коста Малевски (Беноа), Михо Христовски (Алсиндор), Вера Ковач – Виткаи (Мими), Гордана Којадиновиќ (Мизета) и Јордан Тодоровски (Парпињол).

Беджих Сметана: „ПРОДАДЕНА НЕВЕСТА“ (26 мај)

Солисти на Загребската опера, диригент Никша Бареза.

Толкувачи и ликови: Миљенко Грозданиќ (Крушина), Мирјана Ѓорѓевиќ (Људмила), Бранка Беретовац (Марженка), Борис Вајда (Миха), Јасна Подолшак (Хата), Фрањо Паулик (Вашек), Стојан Стојанов (Јењик), Фрањо Петрушанец (Кецал), Тугомир Алауповиќ (Принципал), Мирјана Боханец (Есмералда) и Кире Лијаковски (Индијанец). **Балетски солисти:** Лилјана Баталакова, Вељанка Пандилова, Борис Караев и Екрем Хусеин.

Џузепе Верди: „ТРУБАДУР“ (28 мај)

Солисти на Букурешката опера, диригент Корнел Траилеску.

Толкувачи и ликови: Николае Херлеа (Луна), Корнел Ставру (Манрико), Магдалена Конович (Леонора), Михаела Ботез (Ацучена), Георги Божиков (Ферандо), Евдокија Доброхотова (Инес), Јордан Тодоровски (Руис), Слободан Сарделиќ (Стариот Циганин) и Шиме Луцин (Гласник).

КОНЦЕРТ НА АНСАМБЛОТ „СВЕТА СОФИЈА“ (29 мај)

Диригент Тома Прошев.

Програма: Вагнер „Идилата на Зигфрид“ (оригинална верзија, прва изведба во Југославија); Фелегара „Серенада“ (прва изведба во Југославија); Ортаков „Музика за пијано (Владимир Крпан) и камерен оркестар“ (прва изведба); Габичвасе „Трета камерна симфонија“ (прва изведба во Југославија); Прошев „Сермо декламаториус“ (Анастасија Димитрова сопран, Милка Ефтимова алт, Стојан Стојанов тенор, Георги Божиков бас, Вукан Диневски рецитатор и Хорот на РТВС во подготовка на Драган Шуплевски).

Џузепе Верди: „АИДА“ (31 мај)

Солисти од повеќе оперски куќи, диригент Олџжих Пипек.

Толкувачи и ликови: Стела Аксарлис од Мелбурн (Аида), Александар Веселиновиќ од Белград (Фараон), Ирина Архипова од Москва (Амнерис), Владислав Пјавко од Москва (Радамес), Георги Божиков (Рамфис), Давид Оханесјан од Букурешт (Амонасро), Јордан Тодоровски (Гласник) и Анастазија Низамова – Мухиќ (Глас). **Балетски солисти:** Лилјана Баталакова, Тони Шулевски, Ана Савиќ, Вељанка Пандилова и Виолета Бајрами.



„Норма“ – Анкара: Јилдиз Тумбул, Џемаиле Киици, Камил Сокмен и Јашар Езгин (21.5.1981)

V мајски оперски вечери: 9 – 31 мај 1976

Џузепе Верди: „ТРАВИЈАТА“ (9 мај)

Солисти и ансамбл на Операта на МНТ, диригент Александар Лековски.

Толкувачи и ликови: Павлина Апостолова (Виолета), Анастазија Низамова-Мухиќ (Флора), Славка Михајлова (Анина), Благоја Николовски (Алфред), Никола Митиќ од Белград (Жорж), Гога Трајанов (Летериер), Драган Шолјев (Дуфол), Спирос Куфојанакис (Обињи), Бранислав Попгеоргиевски (Д-р Гренвил) и Михо Христовски (Доместико). **Балетски солисти:** Лилјана Баталакова и Екрем Хусеин.

МЕЃУНАРОДНА СРЕДБА МЛАДИ ОПЕРСКИ НАДЕЖИ „ТОМЧЕ ГРНЧАРОВСКИ“

Со Македонската филхармонија, под диригентство на Фимчо Муратовски, настапија:

Светлана Бојчевиќ и Бранимир Јовановиќ од Белград; Сребренка Аргирова и Атанас Шоров од Софија; Паша Гациќ од Сараево; Бранка Матиќ-Јакелиќ од Загреб; Милена Морача од Љубљана; Лидија Митровска и Марија Муратовска од Скопје.

Џакомо Пучини: „БОЕМИ“ (13 мај)

Солисти на Љубљанската опера, диригент Цирил Цветко.

Толкувачи на ликови: Рајко Коритник (Родолфо), Стане Коритник (Марсел), Драго Чуден (Шонар), Иван Санцин (Колин), Коста Малевски (Беноа), Михо Христовски (Алсиндор), Вилма Буковец (Мими), Злата Огњановиќ (Мизета) и Јордан Тодоровски (Парпињол).

Џоакино Росини: „СЕВИЛСКИОТ БЕРБЕР“ (15 мај)

Солисти на Софиската опера, диригент Михаил Ангелов.

Толкувачи и ликови: Павел Куршумов (Алмавива), Марија Димчевска (Розина), Никола Василев (Фигаро), Павел Герџиков (Бартоло), Стефан Еленков (Базилио), Драган Шолјев (Фиорело), Бојка Косева (Берта) и Спирос Куфојанакис (Офицер).

Беджих Сметана: „ПРОДАДЕНА НЕВЕСТА“ (18 мај)

Солисти на Анкарската опера, диригент Сабахетин Календер.

Толкувачи и ликови: Аидин Тоској (Крушина), Нурсел Созлутурк (Људмила), Кериман Давран (Марженка), Кахит Сахер (Миха), Нуран Авџи (Хата), Шинаси Озел (Вашек), Пекин Киргиз (Јењик), Хилми Гиргинкоч (Кецал), Октај Акјуз (Принципал), Ендер Анилан (Есмералда) и Селим Ункур (Индијанец). **Балетски солисти:** Лилјана Баталакова, Вељанка Пандилова и Борис Караев.

КОНЦЕРТ НА МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА (20 мај)

Диригент Перо Петровски.

Програма (авторски концерт на Властимир Николовски): „Ин модо антико“, „По патиштата“ – циклус за глас (Ана Липша-Тофовиќ, алт) и оркестар, „Рустика“ – симфонија бр. 2 (праизведба).

Џакомо Пучини: „ТОСКА“ (23 мај)

Солисти на Букурешката опера, диригент Корнел Траилеску.

Толкувачи и ликови: Марија Нистор-Слатинару (Тоска), Корнелиу Финатеану (Каварадоси), Николае Херлеа (Скарпија), Драган Шолјев (Анџелоти), Јордан Тодоровски (Сполета), Кире Лијаковски (Клисар), Спирос Куфојанакис (Клучар) и Јоана Петрова (Овчарче).



Хорот на Операта на МНТ (овде во „Набуко“) на сите Мајски оперски вечери, заедно со оркестарот – еден од стожерните вредности на претставите

Адолф Адам: „ЖИЗЕЛ“ (27 мај)

Балет во 2 чина со солисти и ансамбл на Балетот на МНТ и со гости од Братислава, диригент Герхарт Ауер.

Толкувачи и ликови: Габриела Захрадникова (Жизел) и Јуриј Плавник (Алберт).

Џакомо Пучини: „МАДАМ БАТЕРФЛАЈ“ (29 мај)

Солисти на Загребската опера, диригент Никша Бареза.

Толкувачи и ликови: Блаженка Милиќ (Мадам Батерфлај), Гордана Мариќ (Сузуки), Славка Михајлова (Кејт), Пјеро Филипи (Пинкертон), Борис Вајда (Шарплес), Јордан Тодоровски (Горо), Станко Липша (Јамадори), Драган Шојлев (Комесера), Панче Митровски (Службеник) и Викторија Стојанова (Мајка).

Родион Шчедрин: „АНА КАРЕНИНА“ (30 мај)

Солисти и ансамбл на Белградскиот балет, диригент Душан Миладиновиќ.

Толкувачи и ликови: Вишња Ѓорѓевиќ (Ана), Раде Вучиќ (Вронски), Владимир Логунов (Каренин), Боривое Младеновиќ (Мужик), Зоја Бетоли (Кити), Марија Јанковиќ (Бетси), Вук Диниќ (Серјожа), Предраг Радојковиќ (Тушкевич), Јован Сувачаревиќ (Махотин), Вукосава Круниќ (Сорокина) и Миленко Павловиќ (Капитонич). **Вокални солисти:** Мирјана Васиљевиќ и Тома Јовановиќ.

ВЕЧЕР НА БЕЛГРАДСКИОТ БАЛЕТ (31 мај)

Солисти и ансамбл на Белградскиот балет, диригент Душан Миладиновиќ.

Зоран Христиќ: „Дарот на Даринка“;

Морис Равел: „Болеро“; и

Јаков Готовац: „Симфониско оро“.

VI мајски оперски вечери: 9–31 мај 1977

Жорж Бизе: „КАРМЕН“ (9 мај)

Солисти и ансамбл на Операта на МНТ, диригент Александар Лековски.

Толкувачи и ликови: Стојан Стојанов (Дон Хосе), Димитри Мариновски (Ескамилио), Јордан Тодоровски (Данкајро), Гога Трајанов (Ремендадо), Бранислав Попгеоргиевски (Цунига), Кире Лијаковски (Моралес), Ана Липша–Тофовиќ (Кармен), Јоана Јакимовска (Фраскита), Славка Михајлова (Мерседес) и Искра Божиновска (Микаела). **Балетски солисти:** Зоица Пуровска, Виолета Бајрами, Лилјана Илиевска, Ана Савиќ–Хусеин и Екрем Хусеин.

Џоакино Росини: „СЕВИЛСКИОТ БЕРБЕР“ (12 мај)

Солисти на Новосадската опера, диригент Имре Топлак.

Толкувачи и ликови: Воислав Кацуловиќ (Алмавива), Гордана Којадиновиќ (Розина), Франц Пухар (Фигаро), Рудолф Немет (Бартоло), Светозар Дракулиќ (Базилио), Драган Шојлев (Фиорело), Јелена Јечменица (Берта) и Спирос Куфојанакис (Офицер).

Џузепе Верди: „ТРУБАДУР“ (14 мај)

Солисти на Љубљанската опера, диригент Цирил Цветко.

Толкувачи и ликови: Стане Коритник (Луна), Рајко Коритник (Манрико), Хилда Хелцл (Леонора), Божена Главак (Ацучена), Иван Санцин (Ферандо), Евдокија Доброхотова (Инес), Јордан Тодоровски (Руис) и Бранислав Попгеоргиевски (Стариот Циганин).

Гаетано Доницети: „ЉУБОВНА НАПИВКА“ (16 мај)

Солисти на Софиската опера, диригент Борис Хинчев.

Толкувачи и ликови: Благовеста Карнобатлова (Адина), Павел Куршумов (Неморино), Никола Василев (Белкоре), Павел Герџиков (Дулкамара) и Нели Бошкова (Џанета).

МЕЃУНАРОДНА СРЕДБА МЛАДИ ОПЕРСКИ НАДЕЖИ „ТОМЧЕ ГРНЧАРОВСКИ“ (18 мај)

За концертот на победниците со Македонската филхармонија, под диригентство на Фимчо Муратовски, жирито (проф. Никола Цвеиќ, проф. Коста Трпков, проф. Благоја Николовски, Петре Богданов–Кочко, Ана Липша–Тофовиќ, Зина Крељa и Марија Скаловска) ги избра:

Ивана Бољковац (Загреб, сопран), Паша Гациќ (Сараево, сопран), Гордана Илиќ (Скопје, сопран), Мирела Катаринчиќ (Љубљана, сопран), Марија Муратовска (Скопје, сопран), Душанка Симоновиќ (Загреб, сопран), Бахрија Струиќ (Сараево, мецосопран) и Мира Тасевска (Скопје, сопран).

Џакомо Пучини: „ТОСКА“ (19 мај)

Солисти на Сараевската опера, диригент Теодор Романиќ.

Толкувачи и ликови: Радмила Тодоровска (Тоска), Сеад Буљубашиќ (Каварадоси), Борислав Александров (Скарпија), Драган Шојлев (Анџелоти),

„Набуко“ со солисти од Темишварската опера, Романија (28.5.1981)

Јордан Тодоровски (Сполета), Кире Лијаковски (Клисар), Спирос Куфојанакис (Шароне), Бранислав Попгеоргиевски (Клучар) и Јоана Петрова (Овчарче).

КОНЦЕРТ НА АНСАМБЛОТ „СВЕТА СОФИЈА“ (20 мај)

Диригент Тома Прошев.

Програма: Комадина „Касандра“, Среботњак „Ламенто“; Аврамовски „Црвени цветови“ (Јулијана Анастасиевиќ, мецосопран од Белград, Дубравка Зубовиќ, мецосопран од Белград, Благоја Николовски, тенор и Георги Божиков, бас); Прошев „Лето господово“ (снимка на камерниот состав на Мешаниот хор на РТВЗ).

Џузепе Верди: „ТРАВИЈАТА“ (21 мај)

Солисти на Анкарската опера, диригент Томислав Шопов.

Толкувачи и ликови: Ишик Курт (Виолета), Анастазија Низамова–Мухиќ (Флора), Јоана Јакимовска (Анина), Пекин Киргиз (Алфред), Сеит Ахмет (Жорж), Гога Трајанов (Летериер), Драган Шојлев (Дуфол), Спирос Куфојанакис (Обињи) и Бранислав Попгеоргиевски (Д-р Гренвил). **Балетски солисти:** Зоица Пуровска и Екрем Хусеин.

Џузепе Верди: „РИГОЛЕТО“ (24 мај)

Солисти на Букурешката опера, диригент Паул Попеску.

Толкувачи и ликови: Флорин Џаконеску (Војводата од Мантова), Николае Херлеа (Риголето), Марина Мирea (Џилда), Георги Божиков (Спарафучиле), Анастазија Мухиќ (Мадалена), Славка Михајлова (Џована), Драган Шојлев (Монтероне), Илија Црвенов (Маруло), Гога Трајанов (Борса), Спирос Куфојанакис (Чепрано), Евдокија Доброхотова (Грофица Чепрано) и Јоана Петрова–Јакимовска (Паж).

Џакомо Пучини: „БОЕМИ“ (26 мај)

Солисти на Белградската опера, диригент Душан Миладиновиќ.

Толкувачи и ликови: Предраг Протиќ (Родолфо), Зоран Александриќ (Марсел), Горан Глигориќ (Шонар), Небојша Маричиќ (Колин), Панче Митровски (Беноа), Бранислав Попгеоргиевски (Алсиндор), Гордана Јевтовиќ (Мими), Олга Гокиќ (Мизета) и Бошко Јанковиќ (Парпињол).

Клаудио Монтеверди: „ОРФЕЈ“ (29 мај)

Солисти и ансамбл на Операта и Балетот на Театр вјелки од Лоѓ, диригент Богуслав Мадеј.

Вокални солисти: Феликс Галецки (Орфеј), Делфина Амброжак (Евридика), Кристина Рорбах (Гласник), Јан Кунерт (Овчарче) и Томаш Фитас (Харон). **Балетски солисти:** Казимјеж Вжосек (Орфеј), Лилијана Ковалска (Евридика), Јанина Ниесобска (Гласник; Прозерпина), Богдан Јанковски (Харон), Казимјеж Кнол (Плутон), Јежи Пјентка (Аполон) и Збигњев Собис (Овчарче).

Арам Хачатуријан: „ГАЈАНЕ“ (30 мај)

Солисти и ансамбл на Балетот на Театр вјелки од Лоѓ, диригент Тадеуш Козловски.

Толкувачи и ликови: Ана Фрончек (Гајане), Казимјеж Вжосек (Џико), Марек Скуратович (Армен), Казимјеж Кнол (Крал), Јанина Ниесобска и Јежи Пјентка (Козаци) и Здислав Лис и Кжиштоф Кулик (Планинци).

Станислав Моњушко: „ХАЛКА“ (31 мај)

Солисти и ансамбл на Операта на Театр вјелки од Лоѓ, диригент Богуслав Мадеј.

Толкувачи и ликови: Здислав Кшивицки (Столник), Јежи Јадчак (Јануш), Хенрик Клосињски (Јонтек), Халина Романовска (Халка), Изабела Кобус (Зофја), Томаш Фитас (Ѓешенба), Станислав Михоњски (Дудаж) и Казимјеж Миштела (Гурал).

VII мајски оперски вечери: 9–31 мај 1978

Џузепе Верди: „БАЛ ПОД МАСКИ“ (9 мај)

Солисти и ансамбл на Операта на МНТ, диригент Олџжих Пипек.

Толкувачи и ликови: Никола Гагов (Рикардо), Миомир Тасиќ (Ренато), Анастасија Димитрова (Амелија), Ана Липша–Тофовиќ (Улрика), Бранислав Попгеоргиевски (Том), Кире Лијаковски (Самоел), Бранка Тодевска (Оскар), Драган Шојлев (Силвано), Јордан Тодоровски (Судија) и Лазар Белевски (Слуга).

Адолф Адам: „ЖИЗЕЛ“ (11 мај)

Солисти и ансамбл на Балетот на МНТ, диригент Томислав Шопов.

Толкувачи и ликови: Снежана Спасевска (Жизел), Марин Црвенов (Алберт), Зоица Пуровска и Борис Караев (Па-д-де), Вера Бранѓолица (Берта), Тони Шулевски (Хиларион), Александар Гочков (Војвода од Курланд), Цветанка Шулевска (Батилда), Михајло Јовановски (Вилфред), Лилјана Баталакова (Мирта) и Виолета Бајрами и Лилјана Илиевска (Самовили).

Жорж Бизе: „КАРМЕН“ (13 мај)

Солисти на Љубљанската опера, диригент Владимир Коблер.

Толкувачи и ликови: Симеон Гугуловски (Дон Хосе), Едвард Сршен (Ескамилио), Гога Трајанов (Данкајро), Јордан Тодоровски (Ремендадо), Бранислав Попгеоргиевски (Џунига), Драган Шојлев (Моралес), Милка Ефтимова (Кармен),

Симеон Гугуловски, Анастазија Низамова–Мухиќ, Димитри Мариновски и Георги Божиков на крајот од изведбата на „Набуко“ на 9.5.1982

Јоана Јакимовска (Фраскита), Славка Михајлова (Мерседес) и Жени Живкова (Микаела). **Балетски солисти:** Зоица Пуровска, Виолета Бајрами, Лилјана Илиевска, Ана Савиќ–Хусен и Екрем Хусеин.

Џузепе Верди: „ТРАВИЈАТА“ (15 мај)

Солисти на Новосадската опера, диригент Миодраг Јаноски.

Толкувачи и ликови: Вера Ковач –Виткаи (Виолета), Славка Михајлова (Флора), Јоана Петрова–Јакимовска (Анина), Воислав Куцуловиќ (Алфред), Франц Пухар (Жорж), Јордан Тодоровски (Летериер), Кире Лијаковски (Дуфол), Спирос Куфојанакис (Обињи) и Бранислав Попгеоргиевски (Д-р Гренвил). **Балетски солисти:** Зоица Пуровска, Лилјана Баталакова и Екрем Хусеин.

Џакомо Пучини: „БОЕМИ“ (16 мај)

Солисти на Сараевската опера, диригент Мирослав Хомен.

Толкувачи и ликови: Сеад Буљубашиќ (Родолфо), Душан Бугарин (Марсел), Борислав Александров (Шонар), Васил Марчев (Колин), Коста Малевски (Беноа), Бранимир Стевановиќ (Алсиндор), Милица Зечевиќ–Буљубашиќ (Ми-ми), Гертруда Мунитиќ (Мизета) и Јордан Тодоровски (Парпињол).

МЕЃУНАРОДНА СРЕДБА МЛАДИ ОПЕРСКИ НАДЕЖИ „ТОМЧЕ ГРНЧАРОВСКИ“ (17 мај)

За финалниот концерт со Оркестарот на Операта на МНТ, под диригентство на Фимчо Муратовски, жирито (Георги Божиков, Ана Липша–Тофовиќ, Марија Скаловска, Васил Ќортошев и Ф. Муратовски) ги избра:

Клавдија Атанасова (Плевен, сопран), Кристина Бриш (Букурешт, сопран), Анка Димитриу (Букурешт, сопран), Венцеслав Кацаров (Софија, бас), Славољуб Коциќ (Белград, тенор), Хрид Матиќ (Загреб, баритон), Валерија Мирчева (Софија, алт), Владка Оршаниќ (Љубљана, сопран), Бранимир Стевановиќ (Скопје, бас), Манол Томов (Софија, баритон) и Екрем Челикол (Анкара, баритон). **Други учесници:** Милојко Паевиќ, Јасна Новаковиќ, Биљана Жутиќ и Бланка Милин од Белград; Амила Тврткoвиќ и Лидија Корљан од Сараево; Зорица Стошиќ и Блажо Тодоров од Скопје; Пламенка Ненова од Сливен.

Џакомо Пучини: „ТОСКА“ (19 мај)

Солисти на Анкарската опера, диригент Александар Лековски.

Толкувачи и ликови: Јилдиз Тумбул (Тоска), Јалчин Давран (Каварадоси), Сеит Ахмет (Скарпија), Драган Шојлев (Анџелоти), Шинаси Озел (Сполета), Кире Лијаковски (Клисар), Спирос Куфојанакис (Шароне), Бранислав Попгеоргиевски (Клучар) и Јоана Петрова–Јакимовска (Овчарче).

Џузепе Верди: „БАЛ ПОД МАСКИ“ (25 мај)

Солисти на Загрепската опера, диригент Никша Бареза.

Толкувачи и солисти: Стојан Стојанов (Рикардо), Владимир Ружѓак (Ренато), Мила Киринчиќ (Амелија), Нада Путар–Голд (Улрика), Фрањо Петрушанец (Том), Миленко Грозданиќ (Самоел), Нада Ружѓак–Сиришчевиќ (Оскар), Драган Шојлев (Силвано), Јордан Тодоровски (Судија) и Лазар Белевски (Слуга).

Џузепе Верди: „РИГОЛЕТО“ (27 мај)

Солисти од Италија, диригент Наполеоне Ановаци.

Толкувачи и ликови: Паулос Раптис (Војводата од Мантова), Адријана Анели (Џилда), Лоренцо Сакомани (Риголето), Георги Божиков (Спарафучиле), Лидија Митревска (Мадалена), Славка Михајлова (Џована), Драган Шојлев (Монтероне), Кире Лијаковски (Маруло), Гога Трајанова (Борса), Спирос Куфојанакис (Чепрано), Евдокија Доброхотова (Графица Чепрано) и Јоана Петрова–Јакимовска (Паж).

Винченцо Белини: „НОРМА“ (29 мај)

Солисти на Белградската опера, диригент Душан Миладиновиќ.

Толкувачи и ликови: Милка Стојановиќ (Норма), Георги Божиков (Оровез), Ѓурѓевка Чакаревиќ (Адалџиза), Звонимир Крнетиќ (Полион), Гога Трајанов (Флавио) и Славка Михајлова (Клотилда).

Руџеро Леонкавало: „ПАЛЈАЧИ“ (31 мај)

Солисти на Букурешката опера, диригент Константин Петрович.

Толкувачи и ликови: Елена Симионеску (Неда–Коломбина), Флорин Фаркаш (Канио–Палјачо), Николае Херлеа (Тонио–Тадео), Лазар Белевски (Бепо–Арлекин) и Луцијан Маринеску (Силвио).

Шарл Гуно: „ВАЛПУРГИСКА НОЌ“ (31 мај)

Балет во 1 чин (од операта „Фауст“) со солисти и ансамбл на Балетот на МНТ, диригент Александар Лековски.

Толкувачи и ликови: Јагода Сланева (Баханалка), Марин Црвенов (Баханал), Екрем Хусеин (Сатир) и Лилјана Баталакова, Виолета Бајрами и Лилјана Илиевска (Нимфи).

(„Палјачи“ и „Валпургиска ноќ“ во иста вечер).

VIII мајски оперски вечери: 9–31 мај 1979

Шарл Гуно: „ФАУСТ“ (9 мај)

Солисти и ансамбл на Операта на МНТ, диригент Ангел Шурев.

Толкувачи и ликови: Паулос Раптис (Фауст), Георги Божиков (Мефисто), Миомир Тасиќ (Валентин), Бранислав Попгеоргиевски (Вагнер), Искра Божиновска (Маргарета), Јоана Петро-

И во Универзалната сала и во салонот на МНТ публиката, речиси без исклучок, ги зафаќа сите седишта за сите претстави на Мајските оперски вечери (1982 година)

ва–Јакимовска (Зибел) и Милка Ефтимова (Марта).

Џузепе Верди: „ТРАВИЈАТА“ (11 мај)

Солисти на Софиската опера, диригент Недјалко Недјалков.

Толкувачи и ликови: Благовеста Карнобатлова (Виолета), Славка Михајлова (Флора), Јоана Петрова–Јакимовска (Анина), Калуди Калудов (Алфред), Никола Василев (Жорж), Гога Трајанов (Летериер), Драган Шојлев (Дуфол), Спирос Куфојанакис (Обињи) и Бранислав Попгеоргиевски (Д-р Гренвил). **Балетски солисти:** Лилјана Баталакова и Екрем Хусеин.

Жорж Бизе: „КАРМЕН“ (13 мај)

Солисти на Операта на Театр вјелки од Лоѓ, диригент Тадеуш Козловски.

Толкувачи и ликови: Хенрик Клосињски (Дон Хосе), Јежи Јадчак (Ескамилио), Гога Трајанов (Данкајро), Јордан Тодоровски (Ремендадо), Бранислав Попгеоргиевски (Цунига), Драган Шојлев (Моралес), Алиција Павлак (Кармен), Јоана Јакимовска (Фраскита), Славка Михајлова (Мерседес) и Делфина Амброжак (Микаела). **Балетски солисти:** Лилјана Баталакова, Ана Савиќ–Хусеин и Екрем Хусеин.

МЕЃУНАРОДНА СРЕДБА МЛАДИ ОПЕРСКИ НАДЕЖИ „ТОМЧЕ ГРНЧАРОВСКИ“ (14 мај)

На победничкиот концерт со Оркестарот на Операта на МНТ, под диригентство на Фимчо Муратовски, жирито (Васил Ќортошев, Петре Богданов–Кочко, Ана Липша–Тофовиќ, Данка Фирфова и Марија Скаловска) ги упати следниве кандидати:

Ахрон Анмахјан (Софија, тенор), Марија Класиќ (Загреб, алт), Славољуб Коциќ (Белград, тенор), Красимир Куртаков (Софија, бас), Телеаба Лумината (Букурешт, сопран), Лаура Николеску (Букурешт, сопран), Мира Тасевска (Скопје, сопран), Фазила Угљеша (Сараево, сопран) и Ана Халамјан (Софија, сопран).

Џузепе Верди: „ТРУБАДУР“ (15 мај)

Солисти на Сараевската опера, диригент Мирослав Хомен.

Толкувачи и ликови: Борислав Александров (Луна), Иван Христов (Манрико), Радмила Тодоровска (Леонора), Маргит Томик (Ацучена), Васил Марчев (Ферандо), Славка Михајлова (Инес), Јордан Тодоровски (Руис) и Слободан Сарделиќ (Стариот Циганин).

Џакомо Пучини: „ТОСКА“ (17 мај)

Солисти на Новосадската опера, диригент Имре Топлак.

Толкувачи и ликови: Марија Алпар–Тунтев (Тоска), Шиме Мардешиќ (Каварадоси), Октав Енигареско (Скарпија), Драган Шојлев (Анџелоти), Јордан Тодоровски (Сполета), Кире Лијаковски (Клисар), Спирос Куфојанакис (Шароне), Бранислав Попгеоргиевски (Клучар) и Јоана Петрова–Јакимовска (Овчарче).

Џузепе Верди: „ДОН КАРЛОС“ (19 мај)

Солисти на Ослоската опера, диригент Зденко Пехарда.

Толкувачи и ликови: Алмар Хеген (Филип II), Симеон Гугуловски (Дон Карлос), Кнут Скрам (Родриго), Одбјерн Тенфјорд (Големиот инквизитор), Мирјана Данчуо (Елизабета), Веса Хансен (Еболи), Марија Кристо (Тебалдо), Бранимир Стевановиќ (Монах), Јордан Тодоровски (Лерма) и Бранка Тодевска (Глас).

Винченцо Белини: „НОРМА“ (21 мај)

Солисти на Белградската опера, диригент Душан Миладиновиќ.

Толкувачи и ликови: Радмила Бакочевиќ (Норма), Александар Ѓокиќ (Оровез), Дубравка Зубовиќ (Адалџиза), Звонимир Крнетиќ (Полион), Гога Трајанов (Флавио) и Славка Михајлова (Клотилда).

Џузепе Верди: „РИГОЛЕТО“ (23 мај)

Солисти на Загребската опера, диригент Јован Шајновиќ.

Толкувачи и ликови: Крунослав Цигој (Војводата од Мантова), Владимир Ружѓак (Риголето), Нада Ружѓак (Џилда), Фрањо Петрушанец (Спарафучиле), Гордана Мариќ (Мадалена), Драган Шојлев (Монтероне), Кире Лијаковски (Маруло), Гога Трајанов (Борса), Спирос Куфојанакис (Чепрано), Марија Димитрова (Грофица Чепрано), Бранислав Попгеоргиевски (Офицер) и Јоана Петрова–Јакимовска (Паж).

Џакомо Пучини: „МАДАМ БАТЕРФЛАЈ“ (25 мај)

Солисти на Анкарската опера, диригент Миодраг Јаноски.

Толкувачи и ликови: Мисиде Озгуч (Мадам Батерфлај), Ѓулшен Каџај (Сузуки), Славка Михајлова (Кејт), Осман Чокоглу (Пинкертон), Сеит Ахмед (Шарплес), Шинаси Озел (Горо), Кире Лијаковски (Јамадори), Бранимир Стевановиќ (Бонзо) и Драган Шојлев (Комесера).

Џакомо Пучини: „БОЕМИ“ (29 мај)

Солисти од Букурешката опера, диригент Корнелиу Калистру.

Толкувачи и ликови: Емил Герман (Родолфо), Емил Пингирек (Марсел), Луцијан Маринеску (Шонар), Дан Занчу (Колин), Коста Малевски (Бењоа), Бранимир Стевановиќ (Алсиндор), Жоржета Попа (Мими), Елена Григореску (Мизета) и Јордан Тодоровски (Парпињол).

Џузепе Верди: „ДОН КАРЛОС“ (31 мај)

Солисти на повеќе оперски куќи, диригент Ино Перишиќ од Загреб.

Толкувачи и ликови: Георги Божиков (Филип II), Ернесто Веронели од Милано (Дон Карлос), Николае Херлеа од Букурешт (Родриго), Анте Мијач од Загреб (Големиот инквизитор), Анастасија Димитрова (Елизабета), Мајда Радиќ од Загреб (Еболи), Јоана Петрова (Тебалдо), Јордан Тодоровски (Лерма) и Бранка Тодевска (Глас).

IX мајски оперски вечери: 11–31 мај 1980

Џакомо Пучини: „БОЕМИ“ (11 мај)

Солисти од Загребската опера, диригент Никола Дебелиќ.

Толкувачи и ликови: Крунослав Цигој (Родолфо), Бојан Шобер (Марсел), Златко Фоглар (Шонар), Иван

Санцин (Колин), Коста Малевски (Беноа), Бранимир Стевановиќ (Алсиндор), Бранка Беретовац (Мими), Мирјана Боханец (Мизета) и Јордан Тодоровски (Парпињол).

МЕЃУНАРОДНА СРЕДБА МЛАДИ ОПЕРСКИ НАДЕЖИ „ТОМЧЕ ГРНЧАРОВСКИ" (12 мај)

На финалниот концерт со Оркестарот на Операта на МНТ, под диригентство на Фимчо Муратовски, по одлука на жирито (Васил Ќортошев, Данка Фирфова, Марија Скаловска, Ана Липша–Тофовиќ, Петре Богданов–Кочко, Паулос Раптис и Ф. Муратовски) настапија:

Мира Влаховиќ (Загреб, сопран), Зденка Горенц (Љубљана, сопран), Марина Јаиќ (Љубљана, сопран), Јадранка Јовановиќ (Белград, мецосопран), Груица Пауновиќ (Белград, тенор), Гордана Томиќ (Нови Сад, сопран) и Вјера Шкргатиќ (Загреб, сопран).

Џоакино Росини: „СЕВИЛСКИОТ БЕРБЕР" (13 мај)

Солисти и ансамбл на Операта на МНТ, диригент Александар Лековски.

Толкувачи и ликови: Паулос Раптис (Алмавива), Анастазија Низамова–Мухиќ (Розина), Миомир Тасиќ (Фигаро), Бранимир Стевановиќ (Бартоло), Георги Божиков (Базилио), Кире Лијаковски (Фиорело), Славка Михајлова (Берта), Спирос Куфојанакис (Офицер), Петар Поповски (Амброзио) и Илија Јованов (Писар).

Николај Гоголь: „ЖЕНИДБА" (14 мај)

Ансамбл на Драмата на МНТ, режисер Бранко Ставрев.

Џузепе Верди: „ДОН КАРЛОС" (15 мај)

Солисти на Операта на Театр вјелки од Лоѓ, диригент Војчех Михњевски.

Толкувачи и ликови: Томаш Фитас (Филип II), Симеон Гугуловски (Дон Карлос), Димитри Мариновски (Родриго), Влоѓимјеж Залевски (Големиот инквизитор), Тереза Мај–Чизовска (Елизабета), Ана Липша–Тофовиќ (Еболи), Јоана Јакимовска (Тебалдо), Бранимир Стевановиќ (Монах), Јордан Тодоровски (Лерма) и Бранка Тодевска (Глас).

Руџеро Леонкавало: „ПАЛЈАЧИ" (18 мај)

Солисти на Новосадската опера, диригент Имре Топлак.

Толкувачи и ликови: Вера Ковач–Виткаи (Неда–Коломбина), Шиме Мардешиќ (Канио–Паљачо), Миодраг Миловановиќ (Тонио–Тадео), Јордан Тодоровски (Бепо–Арлекин) и Франц Пухар (Силвио).

Пјетро Маскањи: „КАВАЛЕРИЈА РУСТИКАНА" (18 мај)

Солисти и ансамбл на Операта на МНТ, диригент Фимчо Муратовски.

Во прекрасното дефиле на толкувачки на Виолета Валери („Травијата"), овој лик на 13.5.1982 го толкуваше Фофи Сарандопулу од Атина, овде со Андреас Колумбис

